XIII 672

**УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“**

**ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ**

**ИНСТИТУТ ЗА ИСТОРИЈА**

# ВЕЛИКА БРИТАНИЈА И МАКЕДОНСКОТО ПРАШАЊЕ 1878- 1912 ГОДИНА

**- МАГИСТЕРСКА ТЕЗА-**

Ментор: Проф. д-р Ванчо Ѓорѓиев

Изработил: Бојан Трпевски

Скопје, 2016

# ВОВЕД

Глобалната поставеност на силите на крајот на XIX и почеток на XX век не дозволувале некоја од членките на т.н. Концерт на силите да се здобие со светска хегемонија. Со самоограничувања во надворешната политика се настојувало да се сочува постоечката „рамнотежа на силите“. Велика Британија во ваквата поставеност на односите заземала посебно место. Во обработуваниот период таа била поморска сила со свои колонии на сите страни на светот, па поради тоа била наречена „земјата каде што сонцето никогаш не заоѓа“. Посебно место во британската политика заземал Балканскиот полуостров, а посебно Македонија во средишниот дел на Полуостровот. Наоѓајќи се на крстосницата меѓу Истокот и Западот, во рамките на Османлиската Империја, која иако во длабока криза и пред распад, сепак сеуште била важна во меѓународната констелација на силите, Велика Британија ја креирала својата политика кон Македонија, согласно моменталните интереси и политиката кон Османлиската Империја. Македонија била особено важна, бидејќи без неа Османлиската Империја би ги загубила европските владенија, а сето тоа би довело до нарушување на статус квото, толку важно и експлоатирано од Големите сили. Така, во конкретниот случај, решавањето на македонското прашање не зависело само од објективните можности на македонското националноослободително и револуционерно движење, предводено од Македонската револуционерна организација, туку и од целокупните односи во овој дел од светот. МРО со својата појава го актуелизирала македонското прашање на меѓународен план како одделно од глобалното Источно прашање, а Велика Британија, го користела тоа прашање како средство за притисок за решавање на кризните ситуации настанати во други краишта од светот, согласно својот интерес.

Сето ова, како и фактот дека проучувањето на односот на Големите сили кон борбата на македонскиот народ за сопствена држава е недоволно проучено во македонската историографија, ја чини релевантна поставената тема. При создавањето на овој труд, беше користен фондот Foreign office во Државниот Архив на Република Македонија, особено т.н. Сини книги (Blue books), објавувани како годишници на британското министерство за надворешни работи. Од објавените документи, беа користени документи од различна провениенција.

Христо Андонов Полјански, Димитар Димески, Михајло Миноски, Ристо Поплазаров, Крсте Битоски само парцијално во своите трудови ја опфаќаат британската политика кон македонското прашање во посочениот период. Тие обработуваат одредени сегменти и проблематики од британскиот однос кон револуционерното движење. Во редакција на Александар Трајановски е објавена шесттомна едиција на „Британски документи за историјата на Македонија" од која може да се извадат бројни податоци за односот на британските дипломатски претставништва, во кои се провлекува и дневнополитичкото влијание. Во сличен контекст се и извештаите на „Британските конзули во Македонија 1797-1915" во редакција на проф. д-р Драги Ѓорѓиев.

Покрај македонската историографија, македонското прашање, како и британската политика е делумно обработена во српската историографија од страна на Александар Растович, кој објавил неколку статии за Велика Британија и македонското прашање од 1903 до 1908 година. Секако дека особено активна била и бугарската историографија во која се објавени неколку зборници документи за македонското прашање.

Во едицијата „British documents on the origins of the war 1898- 1914" може да се видат и погледите на британските дипломатски претставници за решавање на македонското прашање во периодот на Мирцштегскиот реформски процес.

Така, од досега наведеното може да се заклучи, дека оваа важна тема не е доволно истражена во македонската историографија, па тоа го предизвика и создавањето на овој труд.

# ГЛАВА I

# МЕЃУНАРОДНИТЕ ОДНОСИ ВО СВЕТОТ КОН КРАЈОТ НА XIX И ПОЧЕТОК НА XX ВЕК

## 1. Европскиот систем на држави

Меѓународните односи во светот кон крајот на XIX и почетокот на XX век се карактеризирале со политиката на рамнотежа на силите. Ова единствено можело да биде постигнато со самоограничувања на членките на т.н. Концерт на силите во креирањето на надворешната политика. Тоа е период кога се формирале контурите на двете меѓусебно спротивставени коалиции во Првата светска војна.

По Берлинскиот конгрес и финалето на Големата источна криза, центарот на меѓусебните противречности од Балканот се префрлил на други краеви на светот. Настапил период кога борбата меѓу Големите сили се одвивала надвор од Европа. Но, тоа не значело дека ситуацијата на континентот не била напната. Напротив, таа претставувала перманентна појава. Сепак, меѓусебните судири се избегнувале токму поради тоа што решавањето на спорните прашања се одвивало надвор од Европа.[1] Лондонскиот протокол од 1871 година, потпишан од шесте Големи сили, предвидувал дека договорите за територијалните промени во Европа, не ќе можат легално да се менуваат без согласност на сите Големи сили.[2] Неподготвеноста да се предизвика европска криза која можела да резултира со полна доминација во Европа на една или друга група држави лежела во основата на споменатата политика.

На 6/ 18 јуни 1881 година во Берлин бил потпишан троцарскиот договор меѓу Русија, Австро-Унгарија и Германија.[3] Тоа всушност претставувало обнова на првичниот договор од 1873 година. Договорот бил уште еднаш продолжен во 1884 година. Тие според член 2 се обврзувале да ги почитуваат меѓусебните интереси на Балканскиот Полуостров, и дека каква било промена на територијалното статусквo на Европска Турција е можна само со нивна заемна согласност.[4] Во додадениот Протокол тие ја оформиле својата политика кон Балканот. Во членот 4 се допуштало евентуално обединување на Бугарија и Источна Румелија. Се обврзале „да ги

---

[1] Јован Донев, Македонија во британско- руските односи 1907- 1908, Тактика или стратегија, Скопје 1994, 14.
[2] Исто, 12.
[3] Александар Христов и Јован Донев, Македонија во меѓународните договори (1875-1919), Скопје 1994, 104- 106.
[4] Ванчо Ѓорѓиев, Слобода или смрт, македонското револуционерно националноослободително движење во Солунскиот вилает 1893- 1903 година, Скопје 2003, 13.

одвраќаат Бугарите од секакви агресивни дејства кон соседните провинции, имено Македонија“. [5]

Политиката за зачувување на територијалната целост на Османлиското царство била компромитирана со заземањето на Египет од страна на Велика Британија во 1882 година и француското заземање на Тунис една година претходно.[6] Започнала една нова трка за колонии, економска и политичка доминација во светот.

Потпишувањето на Тројниот сојуз во 1882 година меѓу Германија, Италија и Австро-Унгарија го означило почетокот на групирањето на европските сили во два блока. Русија и Франција во 1891-93 година го формирале Двојниот сојуз „кој претставувал окосница на подоцнежната Антанта“.[7] Велика Британија се повлекла во „совршена изолација“, како што била нарекувана нејзината политика да не се вклучи ниту во Тројниот сојуз, ниту пак во Двојниот сојуз. Сепак, во почетокот на XX век постепено почнала да се приклонува кон француско-рускиот сојуз.

За да се изврши целосна поларизација на Франција и Русија, Италија и Англија во февруари 1887 година го потпишале Средоземноморскиот договор. Следниот месец и Австро-Унгарија се приклучила кон договорот.[8] Имено, со овој договор државите се обврзале да го одржуваат статусквото во Средоземјето, Јадранското, Егејското и Црноморското крајбрежје.[9] Со договорот исто така, Италија ја прифатила британската позиција во Египет, а Велика Британија од своја страна се обврзала да и даде поддршка на Италија во евентуален спор со друга сила во Северна Африка.[10]

Имено, тоа е период кога на некој начин светот веќе бил поделен меѓу Големите сили. Така, кон крајот на XIX и почетокот на XX век, најголема колонијална сила и натаму била Англија. Нејзини владенија биле Индија, Јужна Африка, Нов Зеланд, Канада, Гибралтар и други.[11] Франција пак ги поседувала Тунис, Гвинеја,

[5] А. Христов и Ј. Донев, цит.дело, 107.
[6] В. Ѓорѓиев, Слобода или смрт...., 13.
[7] Димитар Димески, Дипломатски аспекти на македонското прашање (1878- 1903), Годишен зборник на Филозофскиот факултет, кн. 5-6 (31-32), Скопје 1979/80, 91.
[8] А. Христов и Ј. Донев, цит.дело, 114- 118.
[9] R. W. Seton- Watson, Britain in Europe 1789- 1914, A survey of foreign policy, Cambridge 1945, 563.
[10] Исто, Се мислело на Франција.
[11] В. Ѓорѓиев, Слобода или смрт..., 14.

Алжир, Мадагаскар, Конго, Мароко, Камбоџа, Виетнам и други. Русија, од своја страна била активна на Азискиот континент.[12]

Германија пак постигнала значајни успеси во Североисточна Африка, но и покрај тоа, во споредба со останатите заостанувала. По загубата на владенијата во Италија, Австро-Унгарија го насочила своето внимание кон Балканскиот полуостров, а Италија како млада сила имала слаби успеси во Африка.[13]

Со формирањето на француско-рускиот сојуз и Тројниот сојуз меѓу Германија, Австро-Унгарија и Италија, Велика Британија на некој начин се нашла во потполна изолација.[14] Уште повеќе, кон крајот на XIX век односите меѓу Велика Британија и Франција биле нарушени со т.н. Фашода инцидент. Имено, во 1898 година француски трупи се истовариле по басенот на реката Бел Нил во Фашода, со цел да ги натераат на повлекување британските трупи од Судан. Овој настан придонел за бројни полемики во француската и британската јавност, и воинствени говори и закани. Тоа било една кулминација на настаните во кои се обидел да посредува белгискиот крал Леополд II. Германскиот министер за надворешни работи Барон фон Маршал во писмото до амбасадорот во Лондон гроф Хатцфилд го пренесува размислувањето дека „препуштањето на басенот на реката Бел Нил на Белгија го потврдува тоа дека нејзина цел е да создаде тампон зона против француските шеми за проширување. Придонес исто така игра и германското одбивање да земе учество во кризата, во согласност со договорот за утврдување на границата на Камерун“.[15] Леополд лично предложил кризата да се реши на тој начин што ќе му се остави под негова власт регионот од Картум до езерото Нианза.[16] На крајот кризата се решила со Конвенцијата потпишана меѓу Франција и Велика Британија на 21 март 1899 година со која на Британија ѝ било признато правото над Египет, а на Франција - правото над Мароко. Велика Британија го осигурала пристапот од Судан до Уганда и Јужна Африка, додека Франција под свое влијание го обезбедила регионот на Сахара од Атлантикот од езерото Чад.[17]

---

[12] Исто.
[13] Исто.
[14] Ј. Донев, Македонија во британско- руските односи...., 30.
[15] E.T.S Dugdale, German diplomatic documents 1871- 1914, vol. II, London 1929, 311.
[16] R.W. Seton- Watson, Britain in Europe..., 579.
[17] Исто, 581.

Бурската војна 1899-1902 година била нов кризен момент во британската политика на африканскиот континент. Војната се пролонгирала, но на крајот завршила со победа на британската војска и анексија на двете земји кон Јужноафриканската унија, односно денешна Јужноафриканска република. Сепак, и покрај тоа, владата во Лондон започнала со реорганизација на армијата што одзело неколку години. Тоа било причина Велика Британија да се согласи на склучување договор со Германија за статускво во Кина во 1900 година. [18]

Во 1902 година дошло до потпишување на британско-јапонски договор за сојуз. Овој договор претставувал реакција на британската дипломатија против руските напредувања во Азија, конкретно Кина, каде што и двете држави имале свои интереси. Во договорот се признавале независноста на Кина и Кореја. Сепак, во чл.1 Велика Британија и Јапонија меѓусебно си ги признавале своите интереси - првата во Кина, а втората во Кореја.[19] Со овој договор, Јапонија си добила моќен сојузник во една голема европска сила и еден вид гаранција дека во случај на војна со Русија ќе се соочи само со еден непријател. И покрај тоа што овој договор не бил насочен директно против Русија, сепак ја охрабрил Јапонија да влезе во војна против Русија.

Ненадејниот напад од јапонската флота на Порт Артур бил повод за избувнување на руско-јапонската војна која завршила со мирот во Портсмаут во 1905 година. Секако, дека клучна улога во принудувањето на Русија на мирот во Портсмаут одиграле и револуционерните настани во Русија.[20] Најголема полза од руско-јапонската војна и мирот од Портсмаут имала Велика Британија. Со новиот британско-јапонски договор од 1905 година[21] Англија си обезбедила сојузник во евентуален британско-руски судир во Индија, а истовремено руската далекоисточна политика довела до постепено приближување во француско-британските односи. За да тоа приближување биде претворено во сојуз, Франција морала да се откаже од своите претензии врз Египет, нешто што било една од основните причини за лошите британско-француски односи во последните децении на XIX век.[22]

Специфичните одредби на англо-јапонскиот и француско-рускиот сојуз предвидувале доброволна неутралност ако војната се водела само меѓу Русија и

---

[18] Ј. Донев, цит.дело..., 30.
[19] G.P. Gooch and J.H.B. Masterman, A century of British foreign policy, London 1917, 47-48.
[20] Ј. Донев, цит.дело..., 34.
[21] G. P. Gooch and J. H. B. Masterman, A century of British foreign policy...., 49.
[22] Ј. Донев, цит.дело..., 34.

Јапонија, но, ако се вклучила и Англија или Франција на страната на своите сојузници, тогаш другата држава соодветно имала обврска да се приклучи на спротивставената страна.[23] Кога опцијата од војна меѓу Русија и Јапонија станувала сѐ поверојатна, започнале преговори. Со самиот почеток на војната меѓу Русија и Јапонија, се засилиле преговорите кои завршиле со потпишувањето на англо-француската Антанта на 8 април 1904 година.[24] Со договорот меѓу Англија и Франција, од британска страна било признато француското право над Мароко, а од француска страна, било признато британското право над Египет. Исто така, со предност на француската доминација, на Шпанија ѝ бил доделен северниот крајбрежен појас на Мароко.[25] Така, Британија излегла од политиката на т.н. „совршена изолација" во која била кон крајот на XIX и почетокот на XX век.

Следен чекор на британската дипломатија била приближување кон Русија и формирање на сојуз со Русија. Сепак, таквата цел била обременета со многу тешкотии. Како препрека во британско-руските односи во почетокот на XX век стоеле повеќе нешта. Така на пример, изградбата на транссибирската железница од страна на Англија била сфатена како показател дека Русија напредувала кон пацифичкиот брег на Кина.[26] Оттаму изгледало дека Русија ја напаѓала британската сфера на влијание на азискиот континент, особено Индија во прв ред. Како земји со стратешко значење поради нивната положба на патот кон Индија, за Велика Британија особено биле Авганистан и Персија. Поради активната политика на Русија, овие две земји предизвикувале конфликтни ситуации во односите меѓу двете држави.

Персискиот залив со својата местоположба на патот кон Индија бил од особено значење за Велика Британија. Преку овој залив оделе стратешки важни патишта кон индискиот потконтинент, па оттаму британската политика го сметала како закана по нејзините интереси секое, макар и симболично странско присуство во областа на Заливот.[27] Сепак, руската влада со давањето кредити настојувала да ја вовлече во својата сфера на влијание токму Персија, и така без воено навлегување да добие пристаниште во Персискиот залив. Сепак, поразот на Русија во војната против Јапонија и револуционерните настани во земјата, кај руската влада ја наметнало

---

[23] Sneh Mahajan, British foreign policy 1874- 1914. The role of India, London 2003, 155.
[24] Исто, 156.
[25] Исто.
[26] Исто, 111.
[27] Ј. Донев, цит.дело, 36.

потребата за мирно решавање на персиското прашање. Од друга страна, кај Англија, зголемувањето на германската економска и воена моќ и антагонизмот меѓу двете држави, ја наметнало потребата за повторно етаблирање на Русија како фактор во европската политика, но овој пат на страната на Велика Британија и Франција.[28] Исто така, за Англија било особено важно да се создадат сојузнички односи со Русија, бидејќи со тоа, Велика Британија преку Персија ќе ја зачувала и Индија под своја контрола.[29]

Првите контакти за надминување на спорните прашања биле направени меѓу британскиот крал и рускиот претставник во Копенхаген, подоцна министер за надворешни работи, Изволски. Содржината на разговорот била пренесена на Николај II, кој ја прифатил.[30] Истовремено, кон зближувањето меѓу двете држави особен придонес дало и тоа што Русија застанала на страната на Франција и Велика Британија на Алгецирската конференција.[31]

Конечно, по долготрајните преговори, во август 1907 година бил потпишан британско-рускиот договор. Со овој договор Авганистан бил признат за независна држава. Односно, двете земји се обврзале дека нема да се мешаат во внатрешните работи на земјата, и декларирале дека немаат намери во поглед на анексија или окупирање на земјата.[32] Во поглед на Персија, биле признати независноста и интегритетот на државата. Од друга страна, договорот ја поделил земјата на три сфери на влијание: северна-руска, јужна–британска, а централниот дел бил како еден вид тампон зона, односно неутрален.[33] Тибет станал неутрална тампон држава.[34]

На тој начин се создала Антантата како коалиција против Тројниот сојуз меѓу Германија, Италија и Австро-Унгарија во 1882 година. Блоковската поделеност на светот била зацврстена. За значењето на Антантата за Англија може да видиме од изјавата на Хардинг, подоцна генерален гувернер на Индија : „целата наша иднина во

---

[28] Beryl Williams, Great Britain and Russia to the 1907 Convention, British foreign policy under Sir Edward Grey, London 1977, 134.
[29] Keith M. Wilson, The policy of the Entente. Essays on the Determinants of British foreign policy, 1904- 1914, New York 2009, 77.
[30] R. P. Churchill, The Anglo- Russian convention of 1907, Ceder Parid 1938, 64.
[31] Конференцијата се одржала во 1906 година по повод избунувањето на Мароканската криза. Било потврдено Мароко да биде под француско влијание, со тоа што северниот крајбрежен појас да биде под шпанска сфера на влијание, додека од друга страна бил признат интегритетот на Мароко. G.P.Gooch and J.H.B. Mastermann, A century of British foreign policy..., 71-72.
[32] S. Mahajan, British foreign policy...., 165.
[33] Исто, 166.
[34] Јован Донев, цит.дело, 39.

Азија е условена од потребата за зацврстување на најдобрите и најпријателски односи со Русија".[35] Слично вели и британскиот амбасадор, Николсон: „поштетно за нас е да ги имаме за непријатели Франција и Русија, отколку Германија. Последнава... може да ни создаде изобилство од маки, но не може да се закани на нашите поважни интереси, додека Русија може да ни создаде многу непријатности, дури и опасности во Средниот Исток, и на нашата индиска граница, и би било доста несреќно ако би се вратиле во положбата на нештата која постоеше пред 1904 и пред 1907 година".[36]

Во овој период исто така било разгледувано и прашањето за лимитите на вооружувањето на поединечните сили. За таа цел се одржале две конференции на кои било разгледувано прашањето за светското вооружување. И двете конференции биле одржани во Хаг. Сепак, првата одржана во 1899 година пропаднала меѓу другото и поради германското одбивање да се дискутира за лимитирање на разоружувањето.[37] Втората била одржана во 1907 година. На оваа конференција Англичаните сакале да се лимитира вооружувањето, бидејќи настојувале да ја сопрат изградбата на германската флота. Меѓутоа, нејзините обиди пропаднале, бидејќи другите сили, во прв ред Германија се спротивставила.

Покрај настаните на Балканот кои подробно ќе бидат разгледани во следното поглавје, во периодот до Првата светска војна, до криза во меѓународните односи дошло во поглед на мароканското прашање. Така, по Алгецирската конференција, меѓу Франција и Германија била потпишана Декларација со која „ се согласуваат да се одржува независноста и интегритетот на Мароко". Германија ги признала „специјалните политички интереси на Франција", а Франција се обврзала „да не ги нарушува германските економски и стопански интереси".[38] Сепак, различните толкувања на одредбите придонеле за конфузни односи меѓу Париз и Берлин и разни конфликтни ситуации. Како своевидна кулминација на претходните настани, во 1911 година избувнало востание во Мароко против султанот Абделхафид. Под изговор дека ги штителе животите и сопственоста на европските државјани, Французите испратиле воени трупи кои го окупирале градот Фез. Германската влада, иритирана од ваквиот потег на Французите, под изговор дека ги штити своите трговски капацитети, испратила воен брод кој навлегол во пристаништето Агадир.

---

[35] K. M. Wilson, The policy of the Entente..., 78.
[36] Исто.
[37] G.P. Gooch and J.H.B. Mastermann, A century of British foreign policy..., 86.
[38] Исто, 91.

Оваа криза била еден вид тест на односите меѓу Велика Британија и Франција. На ова може да се додаде и англо-германскиот антагонизам кој во овој период веќе бил пред кулминација. Сер Едвард Греј, британскиот министер за надворешни работи во овој период, изјавил дека „тоа што Французите го направиле не е мудро, но не можеме да се мешаме според нашиот договор“.[39] Сепак, германскиот брод во Агадир ја наметнал потребата за британска поддршка на Франција во кризата. Оваа т.н. Втора мароканска криза била решена со Конференцијата одржана во Агадир, пристаниште во Мароко која се одржала од јули до ноември 1911 година. На 4 ноември 1911 година била потпишана Конвенција со која се ставило крај на Мароканската криза. Имено, со Конвенцијата, Германија го признала францускиот протекторат над Мароко, и исто така, отстапила дел од Камерун, додека Франција за возврат, ѝ отстапила значаен дел од Конго на Германија.[40]

Со оваа криза на некој начин се зацврстила соработката меѓу Англија и Франција. Во Азија, во поглед на Авганистан и Персија, функционирала соработката меѓу Англија и Русија.

[39] M.L. Dockrill, British foreign policy during the Agadir crisis of 1911, British foreign policy under Sir Edward Grey, London 1977, 271.
[40] S. Mahajan, British foreign policy 1874- 1914…., 176.

## 2. Источното прашање

Неспроведувањето на реформите од османлиските власти во претходниот период сè повеќе го зголемувало незадоволството на населението кое кулминирало во 70–те години на XIX век. Со востанието во Босна и Херцеговина од 1875 година започнала Големата источна криза, која повторно го актуелизирало Источното прашање. Тоа било повод за вмешување на Големите европски сили во решавањето на истата. Априлското востание во Бугарија во 1876 година и колежите при задушувањето на истото придонело за ескалирање на кризата. Под импресиите од настаните кои придонеле за Големите сили да се вклучат активно во решавањето на кризата, секако секоја водејќи се според своите интереси, во мај 1876 година, било кренато и Разловечкото востание во Македонија. Кризата особено ескалирала и со избувнувањето на Српско-црногорско-османлиската војна во 1876 година. Само благодарение на руската интервенција, Србите биле спасени од пропаст.

Неуспехот на Цариградската конференција во декември 1876–јануари 1877 година бил искористен како повод Русија да ѝ објави војна на Османлиската Империја на 24 април 1877 година. По долготрајни борби, руските војски стигнале до Одрин во јануари 1878 година. Тоа било причина за потпишувањето на Одринското примирје, а потоа и Санстефанскиот прелиминарен мировен договор на 3 март 1878 година.

Одредбите на договорот кои предвидувале и создавање на голема бугарска држава, предизвикале вознемиреност кај западноевропските држави, особено Велика Британија и Австро–Унгарија, кои се спротивставиле на идејата за создавање на голема словенска држава. Соочена со можноста од нова војна, Русија ја прифатила идејата за одржување на Конгрес на Големите сили, на кој ќе се изврши ревизија на договорот. На Берлинскиот конгрес одржан од 13 јуни до 13 јули 1878 година тоа и било сторено.

На Берлинскиот конгрес било извршено првото покрупно територијално прекројување на Балканот. Имено, на Грција ѝ била доделена Тесалија и јужен Епир, Србија, Црна Гора и Романија биле признати за независни држави, првите две и со територијално проширување, а било формирано и автономно трибутарно кнежевство Бугарија меѓу Дунав и Стара Планина, а јужно од Стара Планина-автономна провинција Источна Румелија. За остатокот од европските владенија на Империјата,

во чиј центар била Македонија, бил определен чл.23 од Берлинскиот договор со кој било предвидено спроведување на реформи. Реакцијата против одредбите од Берлинскиот договор била искажана преку Македонското (Кресненското) востание и Демирхисарскиот заговор.[41]

Првото нарушување на Берлинскиот поредок од 1878 година ќе дојде токму од Бугарија. Станува збор за кризата што ќе уследи по прогласувањето на обединувањето на Источна Румелија со Бугарија во 1885 година. Кон тоа Александар Батемберг бил поттикнат од Англија уште 1879 година. Велика Британија гледала на бугарското кнежевство како јадро на идната обединета Бугарија, односно дека Англија „ќе го поддржи тој процес доколку кнежевството се ослободи и се издвои од руската политика“.[42] Затоа и биле англиските предлози Батемберг да се титулира како „бугарски кнез“, а не како „кнез на Бугарија“.[43] Влошените односи меѓу Бугарија и Русија, која од своја страна не покажала доволно чувство за бугарскиот интерес, придонело младото кнежевство сè повеќе да се врти кон западните европски држави во својата надворешна политика. Во летото 1885 година кнезот Батемберг го искористил својот престој во Лондон за средби и сондажи во врска со прашањето за анексијата на Источна Румелија. Добил впечаток дека Англија нема да се противи на анексијата, ако Русија нема да има полза.[44]

На 6 септември 1885 година во Пловдив било објавено обединувањето на Источна Румелија со кнежевството Бугарија под скиптарот на Александар Батемберг.[45] Со англиска поддршка, Батемберг успеал да добие поддршка и признание на новата состојба од страна на султанот како губернатор на Источна Румелија, покрај тоа што бил и кнез на Бугарија. Веднаш по обединувањето, бугарскиот министер - претседател Петко Каравелов на митингот во Трново изјавил:

---

[41] Повеќе за настаните поврзани со Големата источна криза види кај: Крсте Битоски, Македонија во времето на Големата источна криза (1875- 1881), Скопје 1982; Крсте Битоски, За Цариградската конференција, Зборник на МАНУ, Македонија во Источната криза 1875- 1881, Скопје 1978; Манол Пандевски, Македонија во меѓународните спогодби и договори во времето на Источната криза, Зборник на МАНУ, Македонија во Источната криза 1875- 1881, Скопје 1982.

[42] Владо Поповски, Руската и советската надворешна политика и македонското прашање од крајот на XVIII век до четвртата деценија на XX век, Скопје 2013, 49.

[43] Исто.

[44] Веселин Трайков,Емил Александров, Витка Тошкова, Людмил Спасов, История на българите. Българската дипломация от древността до наши дни, Том IV, София 2004,248.

[45] Ванчо Ѓорѓиев, Слобода или смрт..., 33.

„Оваа година во Тракија, догодина во Македонија".[46] Од оваа изјава може да се видат и бугарските претензии кон Македонија.

Затоа, во Србија и Грција била прогласена мобилизација. Во овие две држави, обединувањето на Бугарија не било толку важно како нарушувањето на статус квото и Берлинскиот договор, колку што претставувало закана кон нивните претензии кон османлиското наследство, во прв ред Македонија. Во ноември 1885 година доаѓа до српско-бугарската војна. По првичните српски успеси, бугарската војска кај Сливница успеала да ги разбие српските војски, дури и да навлезе на српска територија. Со мирот од Букурешт 1886 година е воспоставена ситуација status quo ante bellum. [47]

Успехот што го постигнал Батемберг со обединувањето на двете Бугарии, морал да го плати со престолот. Имено, по извршената руска воена демонстрација, со вмешувањето на конзулот Богданов и воениот аташе Сахаров, Батемберг бил истиснат од Бугарија.[48] Бугарските офицери на чело со Н. Груев, А. Бендерев и Р. Димитриев со оружје го принудиле кнезот да потпише манифест за своја абдикација.[49] Испразнетиот бугарски престол сега бил повод за нова криза. Особено Англија била вознемирена од тоа кој може да го наследи Батемберг. Таа најмногу се спротивставила на идејата Русин да седне на бугарскиот престол. Заедно со Австро-Унгарија и Италија, Велика Британија објавува дека се подготвени да го прифатат секој кандидат кој одговарал на условите на Берлинскиот договор. Во 1887 година конечно Фердинанд Кобурготски бил избран од бугарското собрание за кнез. На тоа се спротивставила Русија, која единствено имала поддршка од Франција.[50] Со Фердинанд за бугарски кнез, всушност било изолирано руското влијание од Бугарија. Сепак руското непризнавање на Фердинанд, повлекло непризнавање и од другите европски сили.[51] Признавањето на Фердинанд дошло дури 1896 година. Фердинанд бил признат од Русија, а набрзо потоа и од останатите Големи сили. На крај дошла и турска делегација во Софија со два фермани. Со едниот се признавал Фердинанд како кнез на Бугарија, а со другиот како губернатор на Источна Румелија.[52] До тоа

[46] Елена Стателова, Радослав Попов и Василика Танкова, История на българската дипломация 1878- 1913, София 1994, 46.
[47] Исто, 82.
[48] В. Поповски, цит.дело, 50.
[49] Исто, 51.
[50] История на българите....,267.
[51] Далибор Јовановски, Балканот од 1826 до 1913 година, Скопе 2011, 33.
[52] История на българската дипломация...,217-218.

дошло по претходно извршената четничка демонстрација во Македонија, која, неосновано е наречена „Мелничко востание“.[53]

Следна криза која постојано го држела актуелно Источното прашање биле ерменските настани во 1894/95 година поврзани со колежот и масакрот на илјадници Ерменци ширум Османлиската Империја. Имено, според чл. 61 од Берлинскиот договор „Високата Порта се обврзува без натамошно одолговлекување да ги оствари подобрувањата и реформите предизвикани од месните потреби во областите населени со Ермени и да ја обезбеди нивната безбедност од Черкезите и Курдите. Таа периодично ќе ги известува за преземените мерки државите што ќе бидат задолжени за следење на нивната примена“.[54] Сепак, овој член не бил спроведен во реалноста. Како одговор на тоа се појавило ерменското револуционерно движење кое организирало и кренало неуспешно востание во градот Сасун. Последица на тоа биле масовните крвопролевања. Заради извршените масакри, европските држави барале да се формира комисија за истрага. Но, османлиската влада формирала комисија „заради утврдување на злосторничките акти кои ги сториле ерменските разбојници“.[55] Членови на оваа Комисија имало и од Русија, Англија и Франција. Валијата Битлис најпрво бил повлечен од должноста, но подоцна бил награден. Претставниците на европските држави во Комисијата утврдиле дека масакрите биле дело на регуларната војска и дека агенти на султанот, биле раководители на акциите на воените старешини. За да се спречат во иднина слични настани, од Портата било побарано да се спроведат реформи. И покрај противењата, Султанот ја прифатил обврската да понуди извесни гаранции за некакви локални реформи. Овие реформи на хартија биле доста ефективни, но сепак останале само на хартија.[56] Ситуацијата сѐ повеќе се влошувала. Цариградските Ерменци дури и ја окупирале Отоманската банка во Цариград со цел да предизвикаат внимание и вмешување на Големите сили во внатрешните работи на Османлиската Империја. Сепак, тоа предизвикало нов

---

[53] За оваа провокација од Врховниот македонски комитет од Софија во 1895 година повеќе кај В. Ѓорѓиев, Слобода или смрт..., 188-205;В. Ѓорѓиев,Четничката акција на Македонскиот комитет (1895), Востанијата во Македонија, Скопје 2016, 177-189.

[54] Александар Христов и Јован Донев, цит.дело, 89.

[55] Фјодор И. Успенски, Источно питање, Београд 2003, (превод на српски: Марија Марковић и Бранислав Марковић), 200.

[56] Roderic H. Davison, Essays in Ottoman and Turkish history 1774- 1923; The impact of the West, Austin, Texas 1990, 180.

масакр. Поради овие настани Абдул Хамид II го добил епитетот на црвен султан, султан-убиец, односно „крвав султан“.[57]

Овие настани предизвикале раздвижување во односите меѓу Големите сили. Англија настојувала да ја искористи ситуацијата со тоа што во замена за нејзина поддршка на османлискиот султан, да добие проширување на железничката линија Измир-Аидин, што била под британска концесија.[58] Сепак, поради противречностите меѓу Големите европски сили, нови реформи не биле предложени, а тоа на вешт начин било користено од османлиските власти. Единствено Англија нудела порадикални реформи. Русија, која ги држела потчинети Ерменците во Транскавкаскиот регион не била многу активна, додека Франција, Германија и Австро-Унгарија од различни причини не сакале да ја ризикуваат можноста за поделба на Османлиската Империја.[59]

Во меѓувреме, еден нов настан го одвлекло вниманието на Големите сили од ерменското прашање. Имено, станува збор за критското прашање. Ова прашање предизвикувало чести проблеми на релација Грција-Османлиската Империја, бидејќи критските водачи и населението сакале да се приклучат кон грчкото кралство. На Конференцијата одржана во 1868 година по повод Критското востание 1866-1868 година, бил донесен Органски Статут, според кој островот уживал посебен статус.[60] Сепак, безредијата на островот продолжиле, па тоа било причина Критското прашање да се актуелизира повторно, со востанието кое било кренато пролетта 1896 година. Критските револуционери, незадоволни од статусот на Крит, во мај 1896 година го блокирале градот Вамос.[61] Тоа било знакот за почеток на востаничките активности. Во исто време, друштвото „Етники етерија“ започнало да уфрла свои чети во Македонија.[62] Имено, друштвото „Етники етерија“ било формирано 1894 година за „следење на грчките национални цели“.[63] Уфрлањето на чети во Македонија било тактички осмислено од друштвото, бидејќи со тоа ќе се одвлече вниманието на османлиските власти од Крит и пренасочи кон Македонија, па на тој начин ќе се

[57] Ф. И. Успенски, Источно питање...,201.
[58] E. T. S. Dugdale, German diplomatic documents..., 223.
[59] R. H. Davison, Essays in Ottoman...., 180-181.
[60] Со овој Устав, Крит требало да ужива автономна управа доверена на Генерален Гувернер назначен од султанот, и комисии во кои ќе биде застапено месното население од различна вероисповед; Документи за борбата на македонскиот народ за самостојност и национална држава, Том I, Скопје 1981, 238-239.
[61] В. Ѓорѓиев, Слобода или смрт..., 222.
[62] Крсте Битоски, Грчката „македонска“ борба, Скопје 2001, 49.
[63] Барбара Јелавич, Историја на Балканот, Том II, Скопје 1999, 49.

олесни положбата на критските востаници. Но, акцијата на друштвото во Македонија имала и друга намена. Да се покаже пред Европа, но и пред Бугарија, дека и Грција има свои интереси и претензии во Македонија.[64]

Критското востание не можело а да не предизвика заладување на односите меѓу Атина и Цариград. Нескриената поддршка што атинските политичари ја давале на критските востаници не можела да биде толерирана од османлиските власти. Така, на 17 април 1897 година Османлиската Империја ѝ објавила војна на Грција.[65] По првичните грчки успеси, уследила османлиската контраофанзива која резултирала со тотален грчки воен пораз. Османлиските воени сили по француската, британската и руската интервенција на султановиот двор, биле спречени во обидот да влезат во Атина. На 20 мај 1897 година било потпишано примирје, а на 4 декември 1897 година бил потпишан и мировниот договор во Цариград, со кој грчко-османлиската војна била завршена.[66] Оваа војна имала еден своевиден парадокс. Имено, додека од една страна на воено поле, Грција била катастрофално поразена, сепак таа на дипломатско поле дури била добитник од војната. Тоа може да се види од Цариградскиот мировен договор, но и во новиот статус на Крит. Со мирот, Османлиите морале да ја вратат Тесалија и да задржат само неколку стратешки места и едно село.[67] Грците морале само да платат воена отштета на османлиските власти. Островот Крит добил нов Статут, а вториот син на грчкиот крал, Георгиос, бил наименуван за гувернер на новата автономна администрација на островот. Османлиите биле принудени да го напуштат островот, кој сега само номинално бил под османлиска власт.[68]

Овие настани биле повод за раздвижување на дипломатијата. Велика Британија ги искористила ерменските и критските настани за повторно да се вклучи во Источното прашање. Сепак, таа ќе ја напушти својата претходна ориентација за зачувување на територијалниот интегритет и суверенитет на Османлиската Империја. Повод за тоа било сѐ посилното германско влијание во царството. Тоа може да се види на пример, со фактот што Османлиите војната против Грција ја добиле благодарение на новото германско оружје, и германските инструктори за обука на османлиската

[64] В. Ѓорѓиев, Слобода или смрт..., 225.
[65] Д.Јовановски, Балканот од 1826 до 1913..., 35.
[66] Leften Stravrijanos, Balkan posle 1453, Beograd 2000, 449-450.
[67] Исто.
[68] Со новиот Органски статут за Крит се предвидувало :чл.1 Островот Крит, откако е прогласен за неутрален, ќе ужива автономно владеење како дел на Османлиската империја. Чл.2 Извршната власт ќе се извршува преку Генерален гувернер, кој ќе биде христијанин наименуван за 5 години. Чл. 5 Генералниот гувернер ќе располага со вооружени сили на островот. Д. Јовановски, Балканот од 1826 до 1913,...187.

армија. Исто така, од поголема важност за британската дипломатија било тоа што сè поизвесно било железничкото поврзување на Багдад со Берлин, со што британските стратешки интереси во поглед на Индија биле осетно загрозени. Зголемениот германски интерес кон Блискиот Исток може да се огледа и во посетата на германскиот император Вилијам II на Цариград во 1898 година.[69]

Претходните настани воделе кон изградување на една заедничка балканска политика на Русија и Австро-Унгарија. Во таа смисла во мај 1897 година бил постигнат договор за зачувување на статус квото на Балканот додека е тоа можно.[70] Сепак, доколку тоа не било возможно, се исклучува секаква поделба на Турција меѓу нив, но и меѓу другите сили. Евентуалните новонастанати ситуации на Балканот надвор од Цариград и Протоците, повлекувало склучување на една посебна спогодба под следните услови: а) На Австро-Унгарија ѝ се признавало правото на анексија на Босна и Херцеговина и Новопазарскиот санџак, кога ќе оцени за поволно; б) Делот на територијата меѓу Јанина на југ и Скадарското езеро на север со достаточно ширење на исток, ќе ја формира независната држава под името кнежевство Албанија, исклучувајќи секаква странска доминација; в) Остатокот на расположивата територија ќе биде предмет на праведна поделба меѓу разни постојни балкански државички, поделба во врска со која Австро-Унгарија и Русија го задржуваат правото да се состанат во погодно време. Расположени да ги земат предвид,во најможна мерка, легитимните интереси на учесниците, тие се, од друга страна, решени да го заштитат принципот на сегашната рамнотежа и да ја отстранат, било со помош на исправка на границите, секоја комбинација што би фаворизирала воспоставување на изразита надмоќ на некое балканско кнежевство на сметка на другите.[71] Во рускиот одговор на тајната телеграма, се вели дека во поглед на точката б) и в), се допираат прашања на иднината, кои би било прерано и доста тешко да бидат регулирани авторитативно во моментот. Во поглед на анексијата, рускиот одговор било дека тоа барало пошироко разгледување во погоден час.[72] Покрај меѓусебната спогодба, овие држави настојувале да ги зацврстат своите позиции во регионот и преку спогодби со балканските држави. Така, Русија потпишала спогодба со Бугарија во април 1902

---

[69] S.Mahajan, British foreign policy..., 116.
[70] В. Ѓорѓиев, Слобода или смрт..., 15.
[71] А. Христов и Ј.Донев, Македонија во меѓународните договори..., 139-143.
[72] Исто.

година.[73] Тоа била и првата спогодба меѓу двете земји по нормализирањето на односите во 1896 година, со што Русија делумно го вратила своето влијание во Бугарија.

Македонската илинденска епопеја од 1903 година како настан кој го одвои македонското прашање од целокупното Источно прашање во тој период, ќе биде третирано во наредните глави. Покрај овие настани, 1903 година се случил уште еден настан во соседството на Македонија, кој исто така бил доказ за нестабилноста на овој регион и акутноста на Источното прашање. Имено, станува збор за заговорот во Србија кој резултирал со убиството на кралот Александар Обреновиќ и неговата сопруга, кралицата Драга, што резултирало со династичка промена на престолот, а со тоа и нова ориентација во надворешната политика на Србија. Имено, Србија со Договорот за сојуз меѓу Србија и Австро-Унгарија од 16/ 28 јуни 1881 година, на некој начин се нашла под австроунгарски протекторат. На тоа особено наведува на заклучок чл. 4 од Договорот кој гласи: „Австро-Унгарија ќе се ангажира во поддржување на интересите на Србија кај останатите европски кабинети. Освен со претходен договор со Австро-Унгарија, Србија нема да преговара ниту да склучува политички договори со други влади и нема да дозволи на својата територија присуство на странска вооружена сила, регуларна или нерегуларна, дури ни на доброволци“.[74] Исто така, особен анимозитет во австроунгарско-српските односи предизвикувала и положбата на Босна и Херцеговина во очите на српските националистички кругови. Силното австроунгарско влијание, босанското прашање, како и бракот на кралот Александар со Драга, за која се шпекулирало дека не може да обезбеди наследник на кралскиот престол, придонеле за заговорот во кој биле вмешани околу 120 луѓе.[75] Заговорот резултирал со атентат на 11 јуни 1903 година во кој биле убиени кралот Александар, кралицата Драга, министерот за војна и двајцата браќа на кралицата, во услови што ја шокирале Европа.[76] Последица било смена на династијата. Петар I Караѓорѓевиќ бил избран за српски крал, со што династијата Караѓорѓевиќ се вратила на српскиот престол. Со ова дошло и до оддалечување на Србија од Австро-Унгарија и постепено свртување кон Русија и Франција. Сепак, начинот на кој бил спроведен заговорот предизвикал шок и осуда од страна на

---

[73] Д. Јовановски, Балканот од 1826 до 1913...,188-189.
[74] А.Христов и Ј. Донев, цит.дело, 100-102.
[75] Б. Јелавич, Историја на Балканот..., 36-37.
[76] Начинот на кој е извршен атентатот е опишан кај Misha Gleni, Balkan 1804- 1999. Deo I. Nacionalizam, rat I velike sile, Beograd 2001 (превод на српски од Драгана Старчевич и Оливера Ничифорович- Бабац), 198-199.

тогашната европска јавност. Дури и Велика Британија од своја страна се одлучила да ги прекине дипломатските односи со Србија. Таа била единствената европска сила која поради крвавите настани одбивала да ја признае новата фактичка состојба, и да воспостави односи со новиот режим.[77] Општораспострането мислење во англиската и српската историографија е дека кралот Едвард VII всушност бил клучниот фактор во прекинот на дипломатските односи меѓу двете држави.[78] Сепак, во 1905-1906 година позицијата на Англија постепено почнала да се менува. Англо-германскиот антагонизам, особено во врска со изградбата на Багдадската железница, избивањето на Првата мароканска криза, и поразот на Русија во војната против Јапонија, кај Едвард VII придонеле постепено да размислува за нормализирање на односите со Србија, како клуч на Балканот.[79] Кризата во односите меѓу Англија и Србија, била сега сметана во корист на зајакнувањето на австро-германското влијание во Србија.[80] Една од клучните проблеми за затоплувањето на односите меѓу двете држави било санкционирањето на заговорниците. На 29 мај 1906 година, бил потпишан указ со кој петмина офицери, за кои се претпоставува дека биле дел од заговорот се пензионирани. Како компромис, заговорниците за своето пензионирање добиле извесен финансиски надоместок.[81] Веднаш потоа, на 13 јуни 1906 година Михајло Миличевиќ бил испратен за српски дипломатски претставник во Лондон, а на 27 јуни 1906 година Џејмс Битхом Вајтхед бил испратен за британски дипломатски претставник во Белград.[82] На тој начин новиот режим во Србија и династичката промена на престолот била санкционирана и призната и од Велика Британија.

Изјавата на Ерентал за добивање на концесии за изградба на железничка линија низ Санџак Нови Пазар, како и непотпишувањето на нотата за судските реформи, ги нарушиле односите меѓу Русија и Австро-Унгарија. Во Лондон се појавило мислење дека „Борбата меѓу Австрија и Русија на Балканот очигледно отпочнува и ние нема да бидеме вознемирувани од Русија во Азија... Акцијата на Австрија ќе ја доведува Русија сè поблиску до нас во иднина...“.[83] Ова последново наоѓа одраз во средбата што ќе се одржи во градот Ревал (денешен Талин) во Естонија во јуни 1908 година. На оваа средба двајцата владетели се договориле за една нова

[77] Александар Растовић, Велика Британија и Србија 1903- 1914, Београд 2005, 62.
[78] Slobodan G. Markovich, British perceptions of Serbia and the Balkans 1903- 1906, Paris 2001, 74.
[79] А. Растовић, Велика Британија и Србија....,90.
[80] S. G. Markovich, British perception of Serbia...., 85.
[81] Исто, 88.
[82] А. Растовић, цит.дело, 96.
[83] Ј. Донев, цит. дело, 106.

реформска програма која на крај може да доведе до една автономна самоуправа на Македонија, и на тој начин да се подобри положбата на македонското население. Сепак, во јули 1908 година во Османлиската држава избила Младотурската револуција. Револуцијата била кренатa од Младотурскиот комитет „Единство и напредок“ пред сè за зачувување на територијалниот интегритет на Османлиското царство, бидејќи од комитетот Ревалската средба била сфатена како закана дека Македонија може да ѝ биде одземена на државата. [84]

Меѓутоа, ако револуцијата ја зачувала Македонија под османлиско господство, и тоа само привремено, таа предизвикала територијални губитоци на други балкански владенија. Бугарија, ги искористила овие настани, тргнувајќи кон независноста, за која се подготвувала веќе подолго време. Барајќи поддршка во некоја од Големите сили за својата одлука, бугарската влада и кнезот Фердинанд доаѓаат во договор со австроунгарскиот монарх Франц Јосиф I. Имено, Австро-Унгарија се плашела од можноста новата младотурска влада, користејќи го враќањето на Уставот од 1876 година, да побара прекинување на австроунгарската окупација на Босна и Херцеговина, и враќање на османлискиот суверенитет на истите.[85] Така, во Виена го чекале погодниот момент за анексија на двете области. Со меѓусебен договор, Бугарија била таа која повторно го прекршила Берлинскиот договор.[86] Така, на 22 септември/ 5 октомври 1908 година во црквата „Св. 40 маченици“ во Велико Трново била прогласена независноста на Бугарија.[87] Фердинанд бил крунисан за бугарски цар. Потегот на Бугарија предизвикал остри реакции на новиот режим во Цариград. Следниот ден, на 23 септември/ 6 октомври 1908 година и Австро-Унгарија ја објавила својата анексија врз Босна и Херцеговина, а на 24 септември/ 7 октомври 1908 година, собранието на островот Крит прогласило обединување на островот со Грција. Сепак, грчката влада била принудена да го одбие решението, и на тој начин Крит не станал дел од Грција. До припојувањето на Крит кон Грција ќе дојде подоцна во текот на Балканските војни 1912/1913 година.

На 6 април 1909 година бил потпишан бугарско-османлиски протокол, со кој Османлиската Империја ја признава „новата политичка положба на Бугарија“.[88] Веќе

[84] Види кај Ванчо Ѓорѓиев, Апостол Петков, Кралот на Блатото, Скопје 2013, 239.
[85] Д. Јовановски, цит.дело, 40.
[86] Првиот пат е нарушен со обединувањето на Источна Румелија во 1885 година.
[87] История на Българите..., 292.
[88] Исто, 294.

следниот ден, на 7 април 1909 година, Русија официјално ја признала независноста на Бугарија, а веднаш по неа тоа го сториле и Англија, Франција, Италија, а од балканските држави, Србија, Црна Гора и Романија.[89] На 14 април 1909 година и германската и австроунгарската влада ја признале независноста на Бугарија, и тоа „откако се дадени доволно гаранции за нивните интереси во Источните железници“.[90] Со признавањето на независноста на Бугарија, Источна Румелија станала неделив дел од Царството Бугарија.[91]

Потегот на Австро-Унгарија со анексијата ја предизвикал т.н. анексиона криза. Овој потег на Виена предизвикал реакција не само од Цариград, туку и од Белград и Цетиње. Србија, Црна Гора и Османлиската Империја се нашле на иста страна по долгогодишно непријателство.[92] Дури, постоеле индиции дека има таен договор за сојуз меѓу трите држави. [93] Англискиот премиер Едвард Греј дури упатил официјален протест по повод анексијата, при што го потсетил својот австриски колега на Лондонскиот протокол од 1871 година дека ниту една држава, без согласноста на останатите сили, не може да ги менува членовите од Протоколот, па затоа „не може да се согласи со отворената повреда на Берлинскиот договор, кога другите сили, особено Турција, не се консултирани, и ја повикува Австро-Унгарија повторно да ја разгледа одлуката за анексија“.[94] Односите меѓу Србија и Австро- Унгарија, веќе влошени со царинската војна[95], сега доживеале своевидна кулминација. Српската влада протестирала жестоко и сметала дека војната е неизбежна. Сепак, германското застанување на страната на Австро-Унгарија ја смирило ситуацијата. Исто така, играле улога сигналите за согласност за анексијата од Русија. Имено, рускиот министер за надворешни работи Изволски на 2 јули 1908 година, упатил предлог до австроунгарскиот министер за надворешни работи Ерентал, во кој, се вели дека „ќе ја

---

[89] История на българската дипломация...., 403.

[90] Исто.

[91] История на Българите..., 295.

[92] Д. Јовановски, цит.дело, 40.

[93] Михајло Миноски, Македонија во билатералните и мултилатералните договори на балканските држави 1861-1913, Скопје 2000, 149-150.

[94] British documents on the origins of the War 1898- 1914, vol. V, The Near East: The Macedonian problem and the annexation of Bosnia 1903- 1909, London 1928(edited by G.P.Gooch and Harold Temperley), 408.

[95] Царинската војна, уште попозната како „војната на свињите“ избила меѓу Австро-Унгарија и Србија во 1905 година. Сметајќи дека со српско- бугарската царинска и економска унија австроунгарските интереси се под закана, од Виена бил вршен притисок врз Белград истата да се укине. Биле прекинати сите разговори, и било воведено ембарго на српските стоки за Виена. Тоа придонело српскиот извоз да биде насочен кон европскиот пазар, да се отстрани австроунгарското посредништво при трговијата, и Србија да се потпре врз Франција и Русија.

поддржи австроунгарската анексија на Босна и Херцеговина под услов за тоа, да биде возвратена поддршката за руските предлози за отворање на Протоците".[96] Подобра понуда Виена не можела да добие.

На 11 јануари 1909 година Виена и Цариград потпишале спогодба со која Цариград ја признал анексијата за возврат на извесна надомест на Османлиската Империја.[97] Спогодбата била потпишана со германско посредништво. Согласноста за Австроунгарско-османлиската спогодба била дадена од сите Големи сили. Во оваа криза исто така можел да се види и европскиот систем на сојузи. Така, во случај Австро-Унгарија да ја нападне Србија, и во Русија биде објавена мобилизација, Германија без двоумење ќе упатела поддршка на Австро-Унгарија.[98] Србија, оставена сама на себе, откако и Русија ја признала анексијата[99], исто така ја признала анексијата на 31 март 1909 година.[100] На тој начин била решена анексионата криза, која сепак оставила последици на Балканскиот полуостров. Така, антагонизмот меѓу Австро-Унгарија и Србија доживеал кулминација, и австроунгарско-руската соработка на Балканот на некој начин била окончана.[101] Руската дипломатија се ориентирала во балканската политика кон градење балкански сојуз кој требало да претставува бедем против австроунгарската експанзија кон Солун.[102]

И покрај тоа што британската влада го поздравила новиот младотурски режим[103], сепак, Велика Британија водела воздржана политика кон Балканскиот полуостров.[104] Лондон направил мали напори да ги засили ослабените врски со Белград и Букурешт. Во албанските настани 1910-1911 година, Сер Едвард Греј ја препуштил иницијативата на Австро-Унгарија. Во поглед пак на Балканскиот сојуз што се формирал во 1912 година, Греј изјавил дека се додала нова закана по и онака опасното Источно прашање.[105] Причина било тоа што во очите на Лондон, сојузот колку што можел да биде дефанзивен механизам против Австро-Унгарија, толку

[96] L.Stavrijanos, Balkan posle 1453..., 504.
[97] F. R. Bridge, From Sadowa to Sarajevo, The foreign policy of Austria Hungary, 1866- 1914, vol.6, London 2002, 313.
[98] Исто, 314.
[99] А.Растовић, Велика Британија и Србија..., 139
[100] Исто, 142.
[101] F. R. Bridge, From Sadowa to Sarajevo..., 323.
[102] L. Stavrijanos, op.cit., 506
[103] Marian Kent, Great Britain and the End of the Ottoman Empire 1900- 1923, The Great Powers and the end of the Ottoman Empire,London 2005, 171.
[104] R. J. Crampton, The Balkans 1909- 1914, British foreign policy under Sir Edward Grey, London 1977, 256
[105] Исто, 258.

можел да биде и офанзивно оружје против Османлиската Империја.[106] На тој начин, тоа било и особена закана по статус квото и рамнотежата на силите во овој дел од Европа.

[106] Исто.

# ГЛАВА II

# МЕЃУБАЛКАНСКИТЕ ОДНОСИ И МАКЕДОНИЈА

## 1. Преговори за поделба на османлиското наследство

Првите контакти меѓу балканските држави со цел поделба на османлиското наследство датираат уште од 60-те години на XIX век кога биле склучени Српско-грчка конвенција и Договор за сојуз меѓу двете држави.

Сепак, овие контакти и преговори добивале сѐ повеќе на значење по Берлинскиот конгрес во 1878 година. Одлуките на Конгресот впрочем оставил бројни отворени прашања со потенцијал да го претворат Балканот во извор на постојана нестабилност. Особено, македонското прашање оставало широк простор за калкулации меѓу балканските држави, чии што интереси се судрувале најмногу токму во Македонија.

Имено, Санстефанскиот прелиминарен мировен договор, и покрај тоа што бил само прелиминарен, не можел да биде прежален од новото младо бугарско кнежевство. Дури, бугарските аспирации ги надминувале границите предвидени со споменатиот договор, и ја опфаќале цела Македонија. Оттаму, „македонското прашање го заземало централното место во надворешната политика на бугарските влади“.[107]

Покрај Бугарија, со свои претензии кон Македонија се јавувале и кралствата Србија и Грција. Поради меѓусебниот судир на интереси, балканските држави биле упатени на меѓусебни контакти, преговори и договори, во кои често пати биле вклучувани Големите сили, на кои пак, единствената опција во Источното прашање било статус кվото и продолжување на рамнотежата на силите во овој дел од Европа.

Така, летото 1880 година, грчкиот претставник во Цариград, Кондуриотис, на својот бугарски колега му предложил спогодба за поделба на Македонија. Притоа, на Бугарија би ѝ припаднал северниот дел, а на Грција- јужниот дел на Македонија. Со тоа, би се спречило и вовлекување на трета земја меѓу нив.[108] Во текот на преговорите не била предложена демаркациона линија. Тоа, и потпишувањето на сојузот биле предвидени за мај 1883 година при посетата на бугарскиот кнез Александар I

[107] В. Ѓорѓиев, Слобода или смрт...,31.
[108] Исто, 32.

Батемберг на Атина. Сепак, до тоа не се дошло. Најверојатно, на тоа се спротивставила Русија, но влијаело и грчкото инсистирање за повлекување на Егзархијата од македонските епархии.[109] Но, наместо повлекување, буџетот за просветната дејност на Егзархијата, со тоа и бугарската пропаганда во Македонија, бил зголемуван етапно во неколку години.

Бугарското обединување за Србија претставувало нарушување на статус квото и Берлинскиот договор. Српската влада и кралот Милан, отворено ставиле до знаење дека бараат компензација еднаква на проширувањето на Бугарија. Исто така, и Грција, слично на Србија, објавила мобилизација. Грција како оправдание за мобилизацијата ги искористила гласовите дека бугарската влада имала намера да ја освои и Македонија.[110] Во прилог на тоа одела и изјавата на бугарскиот министер-претседател Петко Каравелов на митингот во Трново: „Оваа година во Тракија, догодина во Македонија".[111]

Интересите на Србија и Грција се совпаднале. По тој повод, започнале преговори за поделба на Македонија на сфери на влијанија кои се воделе во Белград. Сепак, немањето меѓународна поддршка, како и неуспехот на кралот Милан да ја придобие Романија за војна против Бугарија биле причина преговорите да пропаднат.

Османлиското наследство во Европа, во прв ред Македонија, повторно станале предмет на разговори меѓу балканските држави кон крајот на осумдесеттите и почетокот на деведесеттите години на XIX век. Осоколена од успесите на својата пропаганда, Бугарија, посакувајќи ја цела Македонија за себе, не ни помислувала на некакви отстапки за поделба на Македонија на сфери на влијание. Тоа придонело кај грчката влада да се оформи мислењето дека главен ривал во Македонија е Бугарија.

Најмногу иницијативи за разграничување на сферите на влијание во Македонија доаѓале од Кралството Србија, поради неговите најслаби позиции. Оттаму, Србија во 1889 година ја објавила идејата за создавање на балкански сојуз меѓу Грција, Бугарија и Србија, против Османлиското царство, но со претходен

[109] Ристо Поплазаров, Грчката политика спрема Македонија во втората половина на XIX и почетокот на XX век, Скопе 1973, 22-23.
[110] Ристо Поплазаров, Великогрчката политика на Кралството Грција спрема Македонија во втората половина на XIX век, Гласник на Институт за национална историја (ГИНИ), XIV/1, Скопје 1970, 63.
[111] История на българската дипломация...,45.

договор за поделба на Македонија.[112] Сепак, бугарската влада на Стефан Стамболов водела политика на добри односи со Османлиската империја што сакала да ги зачува, поради што не можел да прифаќа предлози спротивни на таквата политика, и покрај тоа што сака да ги зачува и добрите односи со Србија. [113]

Во меѓувреме, дошло до смена на власта во Атина. Кај Харилаос Трикупис се развила идејата за еден балкански сојуз, кој, доколку Големите сили останале неутрални, можел да ја добие Македонија, по мирен пат или војна.[114] Овој предлог бил прифатен од Белград, но одбиен од страна на Софија. Според Стефан Стамболов, евентуалната заедничка војна против Османлиската империја најсурово би ја почувствувала Бугарија. Оттаму, таа и натаму ќе се залага за добри односи со султанот.

Следејќи го успехот на Бугарија, Грција се обидела во 1891 година да ја придобие на своја страна Австро-Унгарија. Сличен обид Грција направила и кон Русија и Австро-Унгарија.[115]

Веднаш по формирањето на новата грчка влада на чело со Трикупис, се обновиле прекинатите српско- грчки преговори во 1892 година. Сепак, преголемите претензии да двете страни и нивната непопустливост не довеле до конкретен договор. Особено конфликтно се покажало прашањето за Битола. [116] Априлскиот државен удар во Србија и падот на Трикуписовата влада во Грција во 1893 година дефинитивно го оневозможиле натамошниот тек на грчко- српските преговори за разграничување на Македонија.[117]

Влошувањето на грчко-османлиските односи кои резултирале и со априлската војна во 1897 година, како и сè позасилените гласини за можно директно вмешување на Големите сили во решавањето на Источното прашање, придонело за зближување на владите на Србија и Бугарија, секако со благослов на Русија. Преговорите

[112] В. Ѓорѓиев, Слобода или смрт...,35.
[113] Британски дипломатически документи по българския национален въпрос, Том I (1878-1893), Отговорен редактор: проф. Д-р Веселин Трайков, Съставители: Весела Трайова, Александар Гребенаров, Румен Караганев, Румяна Прахова, София 1993, 301.
[114] Р. Поплазаров, Великогрчката политика....,64.
[115] Михајло Миноски, Политиката на Австро- Унгарија спрема Македонија и македонското прашање 1878- 1903, Скопје 1982, 256-257.
[116] Хенрих Батовски, Балканските држави и македонското прашање пред и по Илинденското востание, Илинден 1903. Материјали од симпозиумот по повод 65 годишнината од Илинденското востание одржан на 27, 28 и 29 мај 1968 година во Охрид, Скопје 1970, 96.
[117] Д. Димески, Дипломатски аспекти на македонското прашање...., 95.

резултирале со потпишувањето на Спогодбата, односно Угодбата од 19 февруари/ 3 март 1897 година меѓу двете држави. Тоа бил и првиот потпишан политички договор меѓу двете словенски држави. Спогодбата се состоела од четири точки: 1. Сите прашања кои се однесуваат на интересите на српскиот и бугарскиот народ во Османлиската империја, двете влади, српската и бугарската ќе ги разгледуваат заеднички; 2. Ниту една од споменатите влади нема да преземе еднострано и без претходна согласност со другата ништо што би можело да го наруши статус-квото на Исток, значи никаква политичка ниту воена акција; 3. Сè додека со взаемен договор не се утврдат српските и бугарските интересни сфери во земјата на Османлиската империја, двете влади се обврзуваат во националните, црковните и школските прашања не само да не си пречат, туку и взаемно да си помагаат; 4. Оваа спогодба ќе му се соопшти на Неговото височество кнезот на Црна Гора и ќе биде повикан и Тој да ѝ се приклучи.[118] Сепак, барањата на Србија за разграничување на Македонија и одбивањето на истото од бугарска страна, придонело за влошување на српско-бугарските односи уште кон крајот на истата година.

Објавената неутралност од Србија и Бугарија во грчко- османлиската војна во 1897 година, од османлиска страна била наградена со значајни отстапки. Така, Бугарија добила берати за Битолската, Дебарската и Струмичката епархија, како дозволи за отворање на пет трговски агентства во Сер, Солун, Битола, Скопје и Дедеагач.[119] Србија се стекнала со право на отворање на српски училишта во Битолскиот и Солунскиот вилает, а во Скопје за администратор на скопската патријаршиска митрополија бил назначен Фирмилијан.[120]

Во меѓувреме, по Виничката провала станал доста евидентен брзиот развој на Македонската револуционерна организација. Тоа влијаело и врз Србија и Грција да ги интензивираат преговорите со Бугарија. Сепак, македонското револуционерно движење од нивна страна било третирано како бугарско орудие, па оттаму, неминовно морале да преговараат и со Бугарија. Така, во февруари 1899 година претседателот на српската влада д-р Владан Ѓорѓевиќ на средбата со бугарскиот дипломатски претставник во Атина Иван Гешов му предложил потпишување на српско-бугарски договор за поделба на Македонија. Ако не се постигнел договор со

[118] М. Миноски, Македонија во билатералните и мултилатералните...., 117-118; А.Христов и Ј. Донев, Македонија во меѓународните договори..., 137-138.

[119] Д. Димески, Дипломатски аспекти на македонското прашање..., 98.

[120] Исто.

Бугарија, Србија била решена „во погоден момент да ризикува сè за да го земела тоа што ѝ припаѓал, без кое не можела“.[121]

Во текот на 1898 година, под покровителство на германската дипломатија, започнало грчко-османлиско приближување. Од ноември 1898 до крајот на 1902 година, Портата на Атина ѝ нудела склучување воена конвенција, која од грчка страна била одбивана поради грчкиот страв од можно нарушување на односите со Русија, Франција и Англија.[122] Поради загрозеноста од македонското револуционерно движење, Грција искажала подготвеност за помош на османлиските власти во задушувањето на истото. На крајот, во 1901 година е потпишана конзуларна конвенција, а во 1903 година и трговска и поморска конвенција.[123]

По пропаста на српско-бугарските преговори, Белград се свртел кон Атина. Повторно, граничната линија била тоа околу кое се кршеле копјата. Сега, од српска страна било побарано и грчка поддршка на назначувањето на Фирмилијан за скопски митрополит, како и за назначување владики во Призрен и Велес, а од грчка страна било побарано укинување на српските конзулати во Солун, Серез и Битола.[124] Барањето прво укинување на конзулатите придонело да пропаднат преговорите. Тие преговори биле обновени повторно во 1901 година, но прекинати наскоро потоа. Заострените романско- бугарски односи во 1900- 1901 година довеле до зближување меѓу Романија, Турција и Грција. Во текот на влошените односи меѓу Романија и Бугарија била потпишана Романско-австроунгарска воена конвенција.[125] Во одговор на тоа, во 1902 година се потпишала Руско-бугарска воена конвенција.[126]

Односите меѓу балканските земји во текот на 1903 година поради македонските Илинденски настани биле постојано затегнати. Според францускиот амбасадор во Лондон Кабон, Романија, Грција и Србија сакале да ја видат Бугарија „на колена пред султанот“, исто како што балканските земји сакале да ја видат Грција во Грчко-турската војна.[127] Тој заклучил дека христијанските народи на Балканот „биле

---

[121] Михајло Миноски, Меѓународната констелација пред и за време на Илинденското востание, 100 години Илинден 1903- 2003, Прилози од научниот собир одржан на 6- 8 мај 2003, Том I, Скопје 2005,206-207.
[122] В. Ѓорѓиев, Слобода или смрт..,43.
[123] Р. Поплазаров, Грчката политика..., 32-33.
[124] В. Ѓорѓиев, Слобода или смрт...,45.
[125] История на българската дипломация..., 273.
[126] Д. Јовановски, Балканот од 1826 до 1913..., 188-189.
[127] В. Ѓорѓиев, Слобода или смрт..., 47.

спремни да се уништат меѓу себе, поради што прифаќале соработка со неверникот“.[128] На ваков заклучок Кабон го довела средбата што тој ја имал со романскиот амбасадор во Лондон, кој се вратил од Букурешт, а имал и средба со српскиот крал. На средбата српскиот крал се искажал против автономија на Македонија, и против реформи од страна на Големите сили. Така, британскиот дипломатски претставник во Белград Џорџ Ф. Бонам го известил маркизот од Ленсдаун дека: „... Што се однесува до говорот на кралот во Ниш..., тој истакна дека за Србија секаков предлог за автономна македонска држава ќе биде неповолен, бидејќи практично тоа ќе изгледа како да се формира втора Источна Румелија, која ќе биде присоединета кон Бугарија, поради што Србија и другите балкански држави ќе бараат компензација...“[129] Тој едноставно „сакал да види војна меѓу Бугарија и Турција. Требало да ѝ се даде лекција на Бугарија, да не ѝ падне на ум да ѝ нанесува штета на Македонија“.[130]

Илинденското востание и неговото свирепо задушување, покрај тоа што предизвика вмешување на Големите сили, во прв ред, Русија и Австро-Унгарија, во внатрешните работи на Османлиското царство, тоа доведе и до сериозно влошување на бугарско-османлиските односи. Зголемената концентрација на војски од двете страни на границата во секој момент можел да предизвика нивен судир, што во никој случај не им одговорало на Големите сили. По извршениот притисок, владите во Цариград и Софија започнале преговори кои резултирале со потпишување на Турско-бугарскиот договор на 26 март/ 8 април 1904 година. Со договорот, Бугарија се обврзала дека „на својата територија и во Источна Румелија ќе го спречува создавањето на револуционерни комитети и вооружени чети, како и сите субверзивни сплетки против Империјата и со најстроги закони да ги казнува своите поданици кои во соседните провинции извршиле дела кои го нарушуваат јавниот ред и кои ќе се засолнат во Бугарија или во Источна Румелија“.[131]

Настаните во Македонија во 1903 година кај руската влада придонеле за загриженост дека австроунгарската влада може да ја искористи руската зафатеност со далекоисточната криза и може да ја продре до солунското пристаниште. Стравот бил

[128] Крсте Битоски, Дипломатски одгласи за Илинденското востание, Скопје 1990, 45.
[129] Британски документи за историјата на Македонија, Вовед и редакција на д-р Александар Трајановски, извор и превод на Зорица Божиновска, Том VI, Скопје 2012, 275.
[130] К. Битоски, Дипломатски одгласи за Илинденското востание....,45-46.
[131] А. Христов и Ј. Донев, Македонија во меѓународните договори...,155, Повеќе кај Валентин Китанов, Григор Начович и преодоляването на опасността от военен конфликт между Княжевство България и Османската Империя през 1903 г., Управление и образование Том V, София 2009, 168-172.

присутен и во следната 1904 година. За сериозноста на овие шпекулации зборува фактот дека дури и османлиската влада по подобрување на односите со Грција започнала да ја разгледува можноста за евентуален сојуз меѓу балканските држави насочен против Австро-Унгарија. Од сите контакти и разговори меѓу балканските земји во овој период, единствено дале резултат контактите кои резултирале со потпишувањето на Српско- бугарскиот таен сојузен договор на 30 март 1904 година.[132] Со овој договор се предвидувала заемна помош за заштита на македонското население и зачувување на статусквото.[133] Тоа впрочем вклучувало и помош на Мирцштегскиот реформски процес, бидејќи една од одредбите (членот 3), всушност во својата суштина ги определувал зоните на интереси и идните делови што ќе им припаднат кон секоја од нив.[134] Всушност, овој договор претставувал триумф на руската балканска политика. Всушност, тој бил првиот чекор во процесот на формирање на Балканскиот сојуз против Австро-Унгарија.

Сепак, до поконкретни чекори во создавањето на Балканскиот сојуз дошло по промените што настапиле по Младотурската револуција во 1908 година. Токму прогласувањето на независноста на Бугарија, како и австроунгарската анексија на Босна и Херцеговина, со посебен нагласок на второто, придонеле кај Русија за поактивно ангажирање во создавањето на Балканскиот сојуз. Анексијата на Босна и Херцеговина придонело за раскинување на руско-австроунгарската антанта на Балканот. Како своевиден реванш на понижувањето што Изволски го доживеал од својот колега Ерентал, претставува склучувањето на руско- италијанскиот договор на 11/24 октомври 1909 година.[135]

Уште кон крајот на декември 1908 година, рускиот министер за надворешни работи, Изволски, во еден свој говор во Думата, се заложил за создавање на Балкански сојуз.[136] Преговорите меѓу Србија и Бугарија почнале во 1909 година, но уште од самиот почеток се видело дека постигнувањето на договорот ќе оди многу тешко, особено по македонското прашање.[137] Сепак италијанската инвазија врз османлиска Либија придонело засилување на преговорите меѓу Србите и Бугарите.

[132] А. Христов и Ј.Донев, Македонија во меѓународните договори..., 153-154.
[133] Х. Батовски, Балканските држави и македонското прашање....,99.
[134] Владо Поповски, Односот на внатрешниот и надворешниот фактор спрема создавањето македонска држава 1903- 1913 година, 100 години Илинден, Прилози од научниот собир одржан на 6- 8 мај 2003, Том I, Скопје 2005,221.
[135] А. Христов и Ј. Донев, Македонија во меѓународните договори...,159-161.
[136] L. Stavrijanos, Balkan posle 1453..., 507.
[137] Д. Јовановски, Балканот од 1826 до 1913..., 43.

Кон ова исто така може да се додаде и неуспехот на бугарско- османлиските преговори за регулирање на прашањето на нивните меѓусебни односи. Со особено залагање на руските амбасадори во Софија и Белград, преговорите кои се оддолжиле повеќе од шест месеци, поради несогласувањата околу поделбата на спорната зона, на крајот биле крунисани со Договорот за пријателство и сојуз меѓу Бугарија и Србија потпишан на 29 февруари/ 13 март 1912 година.[138]

Со Балканскиот сојуз се стремело да се спречи австро- германскиот продор на Балканот. Особено тоа било значајно за англиската дипломатија која регионот го сметала како значаен на патот кон Индија. Додека, руската дипломатија ги протежирала Србија и Бугарија, Англија заедно со Франција ја поттикнувале Грција да пристапи кон Балканскиот сојуз.[139] Сер Едвард Греј, со симпатии гледал на српско-бугарското зближување, и на Софија ѝ советувал „да не ја одбива протегнатата рака од Белград", советувајќи истовремено во Белград „да се договара директно со Софија без посредништво од друго место".[140] Сепак, Англија посебно се залагала за побрзото вклучување на Грција во него.[141]

Со слични тешкотии како српско-бугарските преговори, се одвивале и бугарско-грчките преговори. Имено, во грчкиот предлог текст за одбранбен сојуз, воопшто не се споменувала можноста за автономна македонска држава, нешто што бугарската влада не можела да го прифати. Сепак, натамошното влошување на бугарско-османлиските преговори, како и засилувањето на Италијанско-османлиската војна, ги спасиле преговорите, и на крај довеле до потпишување на Договор за одбранбен сојуз меѓу Бугарија и Грција на 16/ 29 мај 1912 година.[142]

На тој начин биле поставени основите на Балканскиот сојуз. И покрај настојувањата тој да биде само со дефанзивен карактер, сепак тој по својот карактер бил офанзивен, насочен против Европска Турција. Во септември 1912 година биле потпишани и договори меѓу Србија и Грција, а на 6 октомври 1912 година и меѓу Србија, Бугарија и Црна Гора.[143] Сепак, противречностите и судирот на интересите

[138] М. Миноски, Македонија во билатералните и мултилатералните..., 151-152; Документи за борбата на македонскиот народ....,533-535.
[139] В. Поповски, Руската и советската надворешна политика..., 58.
[140] П. Стојанов, Македонија во политиката на Големите сили...,69.
[141] Исто, 72.
[142] М. Миноски, Македонија во билатералните и мултилатералните..., 155-157.
[143] Петар Стојанов, Македонија во политиката на Големите сили во времето на Балканските војни 1912- 1913, Скопје 1979, 77.

меѓу Сојузниците не биле решени, што може да се види во тоа што договорите не предвидувале зони за разграничување, туку се надевале „во своите вооружени сили и воената среќа секој да грабне и да задржи што се може повеќе од освоените територии во Македонија и другите турски области“.[144]

Додека големите европски сили се залагале за зачувување на постојното статускво, Балканскиот сојуз се формирал токму за промена на постоечката положба и однос на силите. Сепак, со формирањето на сојузот, меѓусебните противречности и судир на интереси биле само привремено сопрени. Токму тие противречности дошле до израз по Првата балканска војна, и биле поводот за Втората балканска војна, во која Балканскиот сојуз престанал да постои во првичниот облик.

[144] Исто.

## 2. Македонија- земја на раздорот

По Берлинскиот конгрес Македонија останала под османлиска власт. Решенијата на Конгресот формирале потенцијални жаришта кои во секој момент можеле да прераснат во отворен конфликт. Незадоволството од решенијата на Конгресот придонело младите балкански држави да го зголемат пропагандниот притисок и присуство во Македонија. Мотивите за засилувањето на пропагандните дејствија лежеле во создавањето на свои „национални“ приврзаници кои би послужиле како „оправдувачки“ фактор за нивните претензии во Македонија, покрај наводните „историски“ права на кои се повикувале. Со тоа се целело кон заземање на цела Македонија или дел од неа. Македонија била особено значајна и претставувала „јаболко на раздорот“ поради тоа што „кој засекогаш би ја контролирал Македонија би бил најсилен на Балканот“.[145]

Бескрупулозната битка на пропагандите во Македонија силно влијаеле врз младата македонска интелигенција, која излезот од ситуацијата создадена со нивната активност, и османлискиот владејачки систем го побарала во формирање на револуционерна организација.[146] Не случајно Уставот и Правилникот на ТМОРО содржат и антипропаганден карактер. Македонската револуционерна организација со својата појава и дејност го активира македонското прашање на меѓународната сцена да биде третирано како одделно од глобалното Источно прашање. Оттаму, целта е во кратки црти да биде разгледано поединечното дејствување на грчката, бугарската и српската пропаганда во Македонија.

Во Македонија најстари биле корените на грчката пропаганда која се спроведувала преку Цариградската патријаршија.[147] Како своевидна национална програма на грчката држава била т.н. мегали идеја, термин прв пат употребен во јануари 1844 година од Јоанис Колетис.[148] До 1903 година грчката пропаганда дејствувала преку црковно-училишните институции, разните здруженија и силогоси,

[145] Ј. Донев, Македонија во британско- руските односи...,65.
[146] В. Ѓорѓиев, Слобода или смрт...,93.
[147] Исто, 94.
[148] Димитар Љоровски Вамваковски, Грчката мегали идеја и османлиска Македонија: Појава, дилеми и флуктуации, ГИНИ бр.56, 1-2, Скопје 2012, 72.

користејќи се со различни средства.[149] По задушувањето на Илинденското востание во 1903 година, таа се здобила со вооружен карактер. Особено се истакнуваат акциите што грчките андартски чети ги извршиле во леринското село Зеленич во 1904 година[150] и во костурското село Загоричани наредната 1905 година.[151] Дејноста на грчката вооружена пропаганда била прекината со Младотурската револуција, иако и потоа имала активности, сепак доста послаби од претходниот период.

Грчкиот став кон Македонија го дознаваме од извештајот што британскиот дипломатски претставник во Атина, сер Едвин Егертон го упатил до маркизот од Ленсдаун, државниот секретар за надворешни работи на 10 март 1903 година во која се вели дека: „Зборот Македонија, секогаш ќе предизвикува ентузијазам секаде онаму каде што се зборува грчкиот јазик сѐ додека грчките аспирации не се остварат".[152]

Со формирањето на Бугарската Егзархија во 1870 година започнал организираниот пробив на бугарската пропаганда во Македонија. Членот 10 од ферманот придонело за добивање берати за егзархиски владици и во Македонија. Сепак, по руско-османлиската војна од 1877/78 година тие биле протерани. Меѓутоа, во 1890 година биле повторно вратени во Македонија. За враќањето на бугарските владици во Македонија своевидно влијание имала и Англија, за што бугарскиот премиер Стефан Стамболов му искажал особена благодарност.[153] До почетокот на XX век повеќе македонски епархии имале егзархиски митрополити, што било значајна предност.

Покрај преку Егзархијата, бугарската пропаганда дејствувала и преку Врховниот македонски комитет основан во Софија во 1895 година.[154] Преку врховистичките провокации од 1895 и 1902 година се целело да се потчини македонското ослободително движење на бугарските интереси. По Илинденското востание бугарската пропаганда успеала да инфилтрира свои активисти во редовите

---

[149] Повеќе за тоа кај Р. Поплазаров, Грчката политика спрема Македонија во втората половина на XIX и почетокот на XX век, Скопје 1973; Р. Поплазаров, Великогрчката политика на кралството Грција спрема Македонија во втората половина на XIX век, ГИНИ XIV/1, Скопје 1970.

[150] К. Битоски, Грчката „македонска борба"...., 113.

[151] Р. Поплазаров, Грчката политика спрема Македонија...,118.

[152] Британски документи за историјата...,280.

[153] Британски дипломатически документи....,303.

[154] Околу формирањето на Комитетот, неговите цели и средства повеќе кај Ванчо Ѓорѓиев, Трајко Китанчев, Скопје 2015, 159-194.

на ТМОРО.[155] По победата на Младотурската револуција, конзервативно-централистичкото крило на ВМОРО, во чии редови биле инфилтрирани активистите на бугарската пропаганда, го формирале Сојузот на бугарските уставни клубови.[156] Сепак, наскоро неговата дејност била прекината.

Со најслаби позиции била српската пропаганда во Македонија. На тоа влијаело тоа што, за разлика од Бугарската Егзархија и Цариградската Патријаршија, српската пропаганда немала свој признат милет од Високата Порта. Во основата на српската пропаганда лежело остварувањето на Начертанието на Илија Гарашанин од 1844 година. Немањето свој милет не создавало можности за слободно ширење на српската пропаганда во Македонија. Оттаму, таа се насочила кон отворање на српски училишта, како и именување на српски митрополити во патријаршиските цркви.[157] Австроунгарска анексија на Босна и Херцеговина ѝ го попречила патот на Србија кон Јадранското море. Така, Егејското море се појавило како алтернатива за српскиот двор, а Македонија како особено важна за српските претензии.[158]

Неуспехот на бројните обиди со Грција и Бугарија да се постигне спогодба за поделба на Македонија на интересни сфери, и чл.3 од Мирцштегската програма, придонело како и Грција и Бугарија, така и Србија да почне со организирање на вооружена пропаганда. Дејноста на српската вооружена пропаганда била прекината со победата на Младотурската револуција во 1908 година. Сепак, Српската демократска лига наскоро згаснала.

За жестината на меѓусебните борби особено на вооружените пропаганди во Македонија, најдобро зборува и австроунгарско- руската Нота до владите во Софија, Белград и Атина во врска со „неправилното толкување“ на чл.3 од Мирцштегските реформи во 1907 година.[159] Имено, во Нотата се вели дека „ Овој член (членот 3) бил погрешно толкуван во смисла, дека двете држави имаат намера земјата да се подели

---

[155] Види кај Манол Пандевски, Внатрешната македонска револуционерна организација и неоврховизмот (1904-1908), Скопје 1983.

[156] Манол Пандевски, Програмски и статутарни документи на Внатрешната македонска револуционерна организација (1904-1908), Скопје 1998, 30.

[157] Ј. Донев, Македонија во британско- руските односи...,69.

[158] Повеќе за целите, средствата и дејствата на српската пропаганда кај: Македонка Митрова, Кралството Србија и османлиска Македонија (1903-1913). Политика на интервенција, Скопје 2012; Македонка Митрова, Србија и Младотурската револуција: Аспектите на трансформацијата на српската пропаганда во османлиска Македонија, ГИНИ бр. 56, 1-2, Скопје 2012; Љубиша Доклестиќ, Српско- македонските односи во XIX век (до 1897), Скопје 1973.

[159] Ванчо Ѓорѓиев, Реформи за мир или одлагање на конфликтот, 100 години од Балканските војни, Прилози од научниот собир одржан на 3- 4 декември 2012 година, МАНУ, Скопје 2013,121-122.

на национални сфери....Двете сили изјавуваат дека нема да ги земаат предвид т.н. „национални промени“ што ги предизвикале терористичките банди, ниту придобивките, ниту загубите, кои настанеле или ќе настанат“.[160] По тој повод српскиот премиер Никола Пашиќ на британскиот пратеник ќе му укаже дека „немал ништо против ако под состојбата status quo ante во Македонија се подразбира состојбата пред руско-турската војна, но никако нема да прифати тоа да се однесува на некој подоцнежен период“.[161]

Последица од активностите на српската, бугарската и грчката пропаганда во османлиска Македонија била поделеноста на македонското население.[162] Грција, Бугарија и Србија опремувале вооружени чети во Македонија „за да ги промовираат спротивставените интереси на овие држави стрвни за земја“.[163] Систематските кампањи што ги воделе соседните држави „му донеле на македонското население нова ера на страдање“.[164] Нивниот однос со денационализаторски карактер предизвикале отпор и реакција од македонска страна.[165]

Токму тој отпор кон бескрупулозните пропаганди, османлискиот владејачки систем водел кон појавата на едно организирано револуционерно македонско националноослободително движење, кое го актуелизирало македонското прашање на меѓународен дипломатски план. Македонската револуционерна организација која се формирала како последица на настанатите околности со Илинденското востание го наметна македонското прашање како одделно од глобалното Источно прашање.

[160] Исто, 122.

[161] Ј. Донев, Македонија во британско- руските односи...,70.

[162] Хенри Ноел Брејлсфорд во неговата книга дава пример на горд татко- Грк на романски, српски, бугарски и грчки деца. Исто така, на прашањето до еден селанец дали неговото село било грчко или бугарско, добил одговор: „сега е бугарско, но пред четири години беше грчко“. На неговото прашање како се случило тоа, селанецот одговорил: „Сите ние сме сиромашни луѓе, но сакаме да си имаме наше сопствено училиште и свештеник кој ќе се грижи за нас. Претходно имавме грчки учител. Му плаќавме пет лири годишно... но немавме наш свештеник. Делевме со неколку села, но не беше редовен. Кога отидовме да се пожалиме кај грчкиот владика, но тој не стори ништо. Бугарите го слушнаа тоа и ни рекоа: ќе ви дадеме свешетеник кој ќе живее во селото и учител, на кој не треба ништо да му плаќаме. Господине, нашето село е сиромашно, и така станавме Бугари“. Хенри Ноел Брейлсфърд, Македония. Нейните народи и тяхното бъдеще, (бугарски превод во редакција на Димитар Бечев), София 2013, 115.

[163] Ник Анастасовски, Борбата за македонскиот идентитет 1870-1912, Скопје 2012, 294.

[164] Исто.

[165] Повеќе за тоа кај В. Ѓорѓиев, Слобода или смрт..., 109-124.

## ГЛАВА III

## МАКЕДОНСКОТО ПРАШАЊЕ И РЕФОРМИТЕ ВО МАКЕДОНИЈА

### 1. Македонското револуционерно движење наспроти статус кво политиката

Во последната деценија на XIX век кулминирала кризата која ја зафатила Османлиската Империја, и Македонија како нејзин составен дел. Во исто време македонското население било политички, економски, културно и духовно обесправено.[166] Неговиот национален развиток бил попречуван од бескрупулозните дејствија на разгранетиот систем на црковно-просветните пропаганди на соседните балкански држави. Во исто време, констелацијата на меѓународните односи не отворала перспектива за позитивно решавање на македонското прашање во блиска иднина.[167]

Сите тие услови на свој грб ги почувствувале младите македонски интелектуалци кои излезот го барале во формирање на револуционерна организација која ќе организира востание како средство за притисок врз дипломатијата и здобивање на автономија на Македонија. Во такви услови и со таква цел на 23 октомври/4 ноември 1893 година во Солун, Христо Батанџиев, Иван Хаџи Николов, Даме Груев, Петар Поп Арсов, Андон Димитров и Христо Татарчев ја основале Македонската револуционерна организација.[168]

Со појавата и формирањето на МРО, македонското националноослободително револуционерно движење се издигнало на квалитативно повисоко ниво, и добило форма на организирано движење со јасна цел и политичка програма. Бројните написи и изјави сведочат дека зад автономијата се криела цел за независна македонска држава по принципот „Македонија на Македонците“.[169]

Солунскиот конгрес од 1896 година отворил нови перспективи за развој на ТМОРО. Создавањето на Четничкиот институт и масовизацијата на движењето со себе ја носело и заканата од афери и провали. Така, со Виничката провала од 1897 година

---

[166] В. Ѓорѓиев, Подземната република, Дамјан Груев и македонското револуционерно движење (второ издание), Скопје 2011, 105.
[167] Исто.
[168] Исто, 87.
[169] Исто, 92; В.Ѓорѓиев, Слобода или смрт...,132-133.

била разоткриена организационата мрежа.[170] Оваа афера исто така го формирала и првото посериозно сознание за постоењето на организираното македонско револуционерно движење.[171]

Актуелизацијата на македонското прашање кон крајот на XIX век придонело со него да се занимаваат дури и највидните личности во европската политика и наука. Особено се издвојува личноста на сер Вилијам Едвард Гледстон, британскиот политичар и премиер во четири мандати. Имено, тој се интересирал за македонското прашање и општо Источното прашање уште во периодот на Големата источна криза и годините по тоа.[172] Сепак, Гледстон силно еволуирал во своите гледишта во периодот кога бил надвор од државната управа.[173] Тој решението на македонското прашање го гледал во рамките на една Балканска федерација. Своите гледишта Гледстон ги изложил во едно писмо упатено до „The Byron Society“ од 19 јануари 1897 година. Имено во писмото Гледстон вели „....Поврзано со отоманската управа, што е повеќе за жалење и прекор, се наоѓа завистливоста помеѓу Грците и Словените и плановите на државите, што веќе постојат, за присвојување на друга територија. А зошто да не биде Македонија на Македонците, како што е Бугарија на Бугарите и Србија на Србите? Иако се тие сите мали и слаби, нека се остават да се поврзат меѓусебно за одбрана, така што не ќе можат да бидат голтнати од другите, било големи или мали, кое веројатно ќе дојде како последица од нивните меѓусебни караници...“[174]

Ваквиот став бил соопштен и во британскиот печат од тој период. Исто така тој бил поздравен во македонските средини.[175] По повод смртта на Гледстон во 1898 година, „Глас македонски“ во посебна статија од 10 мај 1898 година пишува дека „Гледстон е првиот државник во Европа што кажа дека најдоброто решение на македонското прашање може да стане преку давање на Македонците полна политичка автономија. И тоа мислење денес е прифатено од целокупниот благороден свет“.[176] Последната деценија на XIX век е и периодот кога Велика Британија ја напуштила политиката на „совршена изолација“ и се наметнувала во решавањето на

[170] За повеќе детали околу оваа провала види кај В.Ѓорѓиев, Петар Поп Арсов, Прилог кон проучувањето на македонското националноослободително движење, Скопје 1997,75-90.
[171] К. Битоски, Дипломатски одгласи за Илинденското востание...,13.
[172] Христо Андонов Полјански, Македонското прашање, Скопје 1990,84-87.
[173] Исто, 88.
[174] Исто, 91.
[175] Исто, 92-93.
[176] Исто, 93-94.

Источното прашање,  единствена предлагајќи радикални реформи за автономна самоуправа на Македонија, иако сеуште под османлиска власт.

Актуелноста на македонското прашање во почетокот на XX век било користено и од бугарската влада, секако за свои цели. Така бугарскиот министер за внатрешни работи и вероисповед, Димитар Тончев во разговорот со британскиот конзул во Софија, Ф. Х. Елиот изјавил дека „бил во постојан контакт со водачите на македонското движење и дека тие сметале на симпатиите на Англија за нивната кауза“.[177] На прашањето дали „нема да биде во интерес на Англија да охрабри едно такво движење што може да го одвлече вниманието на Русија од другите делови на светот“?, англискиот конзул одговорил дека  „Владата на Неговото кралско височество не е подготвена да води војна со Турција заради Македонците...“[178]

Во почетокот на XX век македонското националноослободително движење било масовизирано, а четничкиот институт бил доста развиен. Сепак, од друга страна владеела хронична беспарица која сериозно го отежнувала реализирањето на плановите на ТМОРО. Истовремено, Солунската провала од јануари 1901 година ѝ нанела катастрофални последици на Организацијата оставајќи ја без поголем дел од членовите на ЦК.[179]

Новата афера која избила летото 1901 година претставува најкрупната афера во историјата на ТМОРО. Станува збор за аферата поврзана со киднапирањето на американската протестанска мисионерка мис Елен Стон и нејзината преведувачка Катерина Цилка. По многубројните потери, врховистички провокации , и долготрајни преговори, конечно во февруари 1902 година, по шестмесечно заложништво, заложничките биле ослободени по примениот откуп од 14.500 златни турски лири.[180] Оваа афера особено се истакнува по финансискиот ефект за Организацијата, како и меѓународната афирмација на македонското ослободително движење, без никакви сериозни последици по Организацијата. Како потврда за афирмацијата на македонското дело доаѓа од еден извештај на англискиот конзул Елиот до англискиот министер за надворешни работи Ленсдаун за разговорот на мисионерот Кларк со братот на Цилка, Стефанов. Тој истакнал дека одвлекувањето на мис Стон го

[177] Британски документи за историјата...,146.
[178] Исто.
[179] Повеќе детали околу Солунската провала види кај В.Ѓорѓиев, Слобода или смрт...,318-339.
[180] Повеќе за аферата Мис Стон види кај В.Ѓорѓиев, Слобода или смрт..., 370-394.

извршиле членови на Македонскиот комитет „кои дале заклетва дека откупните пари ќе бидат употребени чесно за каузата за македонската слобода“.[181] Исто така, во друго писмо до Ленсдаун, Елиот известува за тоа дека „важен настан бил доказот за уредување на една добра „Внатрешна“ револуционерна организација и за нејзината независност од двата сопернички комитети во Бугарија, дури и од Сарафов, со кој се претпоставува дека била поврзана“.[182]

Развојот на настаните и македонското револуционерно движење предводено од Тајната македоно-одринска револуционерна организација го афирмирале барањето за политичка автономија на Македонија. По тој повод, британскиот амбасадор во Истанбул, сер Николас О` Конор до маркизот од Ленсдаун, државниот секретар за надворешни работи на Велика Британија напишал дека „постои голема опасност од избувнување на посериозно револуционерно востание следната пролет“.[183] Исто така, изјавил дека положбата на населението во Македонија е неподнослива, и нагласил дека Силите треба да преземат драстична и радикална постапка за одбегнување колку што е можно на еден посериозен пожар. Очигледен лек за ова зло бил „автономниот систем“, но се сомнева дека „една таква радикална мерка, дури и да е возможна со оглед на постојната делба на расите, ќе биде поуспешна без некои политички промени за напредокот, отколку да се лечи злото“.[184] Како што напишал во писмото, тој во разговорот со францускиот амбасадор, изјавил дека смета оти султанот и големиот везир биле свесни за опасноста што претстоела, и дека истите сметале дека „текот на настаните и влијанието на Русија ќе го забрзале словенското движење кое ќе ја разниша од основата на Османската империја и ќе ја доведе во поголема нерамноправност визави нејзините североисточни соседи“.[185]

О` Конор имал средба и со султанот Абдул Хамид II на која го известил за потребата од итни мерки за подобрување на положбата на македонското население. Тој го предупредил дека доколку работите продолжиле да се движат со исто темпо,

[181] К. Битоски, Дипломатски одгласи за Илинденското востание..., 68-70.
[182] Британски документи за историјата..., 276
[183] Британските конзули во Македонија 1797- 1915, Документи, редакција м-р Драги Ѓорѓиев, избор и превод м-р Драги Ѓорѓиев и Зорица Божиновска, Скопје 2002, 282.
[184] Исто, 282- 283.
[185] Исто, 283.

тогаш ќе се постави прашањето за „независност, Вашето височество ќе ја загуби Македонија"?[186]

Англија била единствената сила која предлагала порадикални реформи за подобрување на ситуацијата, и покрај тоа што сепак, сеуште османлискиот суверенитет требало да се зачува. Согласно со својата статус кво политика, Русија и Австро- Унгарија пристапиле кон подготовка на проект за реформи кои требало да се однесуваат „исклучиво на територијата на Македонија, но од неа никако да не се создава единствена административна единица".[187] Оттаму биле и насоките да се користи терминот „трите вилаети" наместо „Македонија", и „христијанско население" наместо Македонци.[188]

Согласно досегашното излагање, може да забележиме дека македонското организирано националноослободително и револуционерно движење предводено од ТМОРО го актуелизира македонското прашање во меѓународните односи. Сепак, таа дојде во судир со официјалната статус кво политика на Големите европски сили. Бидејќи активностите на Организацијата се заканувале да ја нарушат „рамнотежата на силите" во овој дел од Европа, Големите европски сили „решението" на ситуацијата која се заканувала да прерасне во поголем конфликт го нашле во подготвувањето на реформски програми кои биле наложувани на османлиските власти за спроведување на дело. Сепак, тие реформи биле само парцијални и не ги задоволувале интересите на македонскиот народ, и не воделе кон автономија како преодна етапа кон независноста. Напротив, реформите овозможувале засилување на османлиската администрација, а особено Мирцштегските реформи го подготвувале патот за идната поделба на Македонија. Османлиските власти од своја страна, чувствувајќи ги противречностите меѓу Големите европски сили, кои во почетокот на XX век сè повеќе се засилувале, вешто лавирала меѓу нив и настојувала да го избегне нивното спроведување.

---

[186] К. Битоски, Дипломатски одгласи за Илинденското востание..., 63.

[187] В. Ѓорѓиев, Реформи за мир или одлагање на конфликтот..., 113.

[188] Исто,114.

## 2. Реформите како „решение“ за македонското прашање

Македонското прашање актуелизирано во последната деценија на XIX и почетокот на XX век, се заканувало да го наруши постоечкото статус кво, толку чувано и експлоатирано од Големите европски сили. Во тогашната констелација на силите, македонското прашање не можело да добие соодветен третман. Со цел неутрализација на истото, од Големите европски сили, особено Русија и Австро-Унгарија како „најзаинтересирани сили“, биле предложени повеќе реформски програми наложени на османлиските власти, кои од своја страна настојувала да го избегне спроведувањето на истите. Одлагањето на реформите, или нецелосното спроведување на истите, придонело реформите кои „требало да го обезбедат мирот, всушност да станат алатка за одлагање на конфликтот“.[189]

Така, токму неспроведувањето во реалноста на чл.23 од Берлинскиот договор станало „појдовна основа во политичките барања на македонското револуционерно движење“.[190] Всушност, овој член, бил основа за изработка на т.н. Закон за вилаетите во 1880 година. Меѓународната комисија извршила извесни измени, и го предложила на верификација пред Високата Порта како „Нов закон за европските вилаети.“ Со тоа, Портата ги симнала обврските во врска со членот 23 од Берлинскиот договор. Законот не бил никогаш целосно спроведен и покрај своите извесни недостатоци. [191]

Под притисок на Ерменските настани од 1894-96 година, како и провокацијата на Македонскиот комитет во 1895 година, било покренато прашање за нови реформи во Османлиската Империја. За да го одбегне мешањето на Големите сили, Високата Порта презела иницијатива за реформи, чија конечна верзија била објавена во април 1896 година. Со овие реформи, кои биле претежно со административен карактер, се предвидувало: 1. Бројот на членовите во административните совети од 4 да се зголеми на 6 членови, од кои половина немуслимани; 2. Таму каде што христијанското население било мешано, двајца од членовите да се избираат наизменично зависно од муслиманското население; 3. На румелиските валии им се определува по еден

---

[189] Исто, 107.

[190] Исто, 110.

[191] Една проценка за Законот за вилаетите дава и ТМОРО во својот „Мемоар“ во 1904 година: „Новиот закон за вилаетите, со сите свои недостатоци, доколку беше совесно применуван, ќе создадеше нова ера за христијаните во Македонија и Одринско.... Но, новиот закон остана мртва буква, слично на сите дотогашни дипломатски акти кои се однесуваа на судбината на христијанското население во Турција. Тој едноставно беше фрлен во длабоките торби на турската архива, од каде што се излегува само како мувла и праз.“ Х. Силјанов, Ослободителните борби на Македонија...,46.

помошник; 4. За секои две провинции требало да се определи контролна комисија со ингеренции да ги проучува граѓанските, судските и финансиските прашања. Исто така било предвидено и кратење на процедурите за решавање на граѓанските и криминалните престапи, за издавање дозволи за градба на цркви и други одредби од просветата и даночната политика.[192] Сепак, и за овие реформи не постоела гаранција за нивна примена.

Развојот на македонското револуционерно националноослободително движење во почетокот на XX век сè повеќе го актуелизирало македонското прашање на меѓународен дипломатски план. Тоа ја лансирало „политичката автономија на Македонија“ како барање на македонското население согласно чл.23 од Берлинскиот договор. Висок придонес кон иницијативата за нови реформи кај Големите сили имала и врховистичката провокација од 1902 година. Така рускиот и австроунгарскиот министер за надворешни работи, Ламсдорф и Голуховски, како претставници на „најзаинтересираните сили“ имале средба во Виена на која се договориле за барањата упатени до Портата „во врска со реорганизацијата на полицијата, воведувањето на христијански полјаци во христијанските подрачја, проширувањето на полномоштвата на валиите, регулирањето на финансиското прашање....“[193] „Акцијата“ што била договорена да се преземе имала за цел: 1. Да се бара од владата на Османлиската империја да преземе мерки што „ќе овозможат да им се стави вистински крај на ненормалната состојба на работите во Косовскиот, Солунскиот и Битолскиот вилает и да се гарантира подносливa егзистенција за христијанското население во тие подрачја и 2. Апсолутна заштита на постојната (територијална) положба на Османлиската империја.[194]

Соочен со опасноста од ново мешање од Големите сили и востание во Македонија, султанот Абдул Хамид II самоиницијативно изработил нов реформски проект, кој бил објавен на 1 декември 1902 година.[195] Со реформите се предвидувало: проширување на правата на валиите, учество на христијаните во жандармеријата, промени во сферата на правосудството и просветата, како и создавање на специјален

[192] В. Ѓорѓиев, Реформи за мир или одлагање на конфликтот..., 112.
[193] Ѓорѓи Стојчевски, Подготовките на февруарските реформи во 1903 година според документите од Виенските архиви, Сто години од основањето на ВМРО и 90 години од Илинденското востание. Прилози од научен собир одржан на 21-23 октомври 1993 г., Скопје 1994, 296.
[194] М. Мионски, Политиката на Австро- Унгарија спрема Македонија....,265.
[195] В.Ѓорѓиев, Реформи за мир или одлагање на конфликтот...,114.

инспекторат за трите македонски вилает со Хусеин Хилми паша како генерален инспектор задолжен за спроведување на реформите.[196]

Сепак, Големите сили не биле измамени од овој реформски проект. Програмата што била усвоена на Виенската средба, владите на Австро-Унгарија и Русија ја препратиле до амбасадорите Каличе и Зиновјев во Цариград за „изработување ургентен проект на мерки за ефикасно подобрување на положбата на христијанското население во Солунскиот, Косовскиот и Битолскиот вилает“.[197] Согласно искажаната согласност за зачувување на интегритетот на Османлиското царство меѓу владите на Русија и Австро-Унгарија, амбасадорите на двете сили изработиле проект за реформи кој на 17 февруари 1903 година им бил доставен на силите потписнички на Берлинскиот договор од кои добиле поддршка и меѓународен легитимитет за својата акција. Единствено, Англија изјавила дека „иако го поддржува предлогот, го задржува правото да бара проширување на реформите“.[198]

Проектот за реформи бил објавен на 21 февруари 1903 година. Според него се предвидувало: 1. За да му се овозможи со успех да ја извршува задачата, се барало генералниот инспектор да остане на својата должност за период од повеќе години, определен однапред, и да не може да биде сменет од должноста пред истекот на тој период без претходна согласност на Големите сили. Истовремено, за одржување на јавниот ред и мир тој имал право да ги употреби турските војски без претходно одобрение од централната влада; 2. Валиите биле должни стриктно да се придржуваат кон инструкциите од генералниот инспектор; 3. За реорганизација на полицијата и жандармеријата османлиската влада била должна да ја користи помошта на странските специјалисти. Притоа истата да се состои од христијани и муслимани во сооднос со месното население; 4. За пољаци да се назначуваат христијани онаму каде мнозинството на населението го сочинуваат христијани; 5. Да се даде општа амнестија и да се ослободат многуте уапсени во трите вилаети по последните немири; 6. За обезбедување на нормално функционирање на локалните институции се предвидувал посебен буџет за секој вилает, контролиран од Отоманската банка; 7. Замена на десетокот со земјишен данок.[199]

---

[196] В. Ѓорѓиев, Слобода или смрт..., 20.
[197] М.Миноски, Политиката на Австро-Унгарија спрема Македонија...,265.
[198] В.Ѓорѓиев, Реформи за мир или одлагање на конфликтот...,114.
[199] М. Миноски, Политиката на Австро-Унгарија спрема Македонија...,266, Ѓ. Стојчевски, Подготовките на февруарските реформи во 1903 година....,301-302.

Овој проект бил прифатен и од османлиските власти, бидејќи речиси по ништо не се разликувал од веќе прокламираните султански реформи. Немањето одредби за санкции за неизвршувањето на реформите била една од причините за овие реформи, како и претходните, да не бидат спроведени. Всушност, нивното спроведување се исцрпувало со назначувањето на падари во христијанските села. Оттаму, тие иронично биле наречени и „Падарски реформи“. Сепак, овие реформи биле исклучиво за Македонија. Биле исклучени Новопазарскиот и Приштинскиот санџак од Косовскиот вилает. Оттаму произлегува и дека реформите всушност го покажуваат и интересот на европската дипломатија кон македонското прашање.[200]

Нецелосното спроведување и избегнување на Февруарските реформи од османлиските власти, придонеле за влошување на ситуацијата во Македонија. Така, кон крајот на април и почетокот на мај 1903 година, група млади македонски анархисти, дејствувајќи независно од ТМОРО, ги извршиле своите напади врз објекти со европски капитал во Солун. Тие симболично се нарекле „Гемиџии“ како алегоричен израз за специфичниот живот на групата. Групата сметала дека Македонија може да се ослободи преку внатрешна револуција. Сметале со малку човечки жртви да постигнат големи резултати и ефект. Верувале дека преку материјалните и човечки жртви Империјата постојано ќе се држи во неизвесност, а преку директно загрозување на интересите и капиталот на Големите сили во Империјата преку терористички акции ќе постигнеле голем ефект.[201] За таа цел, крајот на април и почетокот на мај 1903 година тие го потопиле францускиот брод „Гвадалкивир“ во солунското пристаниште, ја разурнале Отоманската банка во Солун, германскиот клуб до банката, гасопроводот за осветлување и водоводот и други објекти од европски интерес. Само со неколку случајни невини жртви, и саможртвата на најголем дел од групата на атентаторите, Солунските атентати предизвикале силен одглас во европската дипломатија и јавност. Сепак, поради терористичкиот карактер на акциите, во голем дел тие биле осудени од европската јавност.[202]

Солунските атентати, како и погибието на еден од најзначајните ликови во македонското револуционерно националноослободително движење, Гоце Делчев, и масакрите на османлиските власти во Битолскиот округ, придонеле кај делегатите на

[200] В. Ѓорѓиев, Слобода или смрт..., 21.
[201] Исто, 474.
[202] Повеќе за тоа кај К. Битоски, Дипломатски одгласи за Илинденското востание..., 101-130.

Смилевскиот окружен конгрес во почетокот на мај 1903 година да се донесе одлуката за востание во летото 1903 година. Всушност, Организацијата востанието го сметала како главно средство за остварување на крајната цел- автономија на Македонија, како преодна етапа кон независноста. Даме Груев во соработка со Борис Сарафов, двајцата членови на Главниот штаб на Битолскиот револуционерен округ, го определиле големиот христијански празник Свети Илија- 2 август како датум за почеток на востанието, и за тоа го известиле третиот член Анастас Лозанчев. На тој начин, македонското прашање продолжило да биде актуелно во меѓународните односи. Востанието ги депласирало Февруарските реформи, кои доживеале потполно фијаско. Тоа всушност, го потврдиле и нивните создатели, кои откажувајќи се од нив ги предложиле Мирцштегските реформи.

## 3. Илинденското востание и Мирцштегските реформи

Илинденското востание од 2 август 1903 година најмногу влијаело врз засилувањето на реформскиот процес во Македонија. Уште во првите денови, востаниците бележеле успеси и формирале слободна територија во Крушево, Клисура, Невеска и селото Смилево. Сепак, по првичните востанички успеси, османлиските власти, биле свесни дека доколку не го задуши брзо востанието, ризикувале нова иницијатива на Големите европски сили за реформи во Македонија, „што можеле да имаат тешки последици за нејзиниот суверенитет".[203] Оттаму, тие презеле жестоки мерки за задушувањето на востанието, особено башибозукот, кој свирепо се однесувал кон востаниците и селаните во Битолскиот вилает каде востанието било најмасовно.

Илинденското востание исто така ја вознемирило европската дипломатија. Уште додека траеле востаничките битки, министерот за надворешни работи на Австро- Унгарија, Голуховски изјавил дека „прифаќањето на т.н. Виенска програма за реформи од февруари 1903 година, во ништо не ја подобрила состојбата, туку спротивно, таа се влошила".[204] Тоа претставува еден вид признание за неуспехот на Февруарските (Падарски) реформи. И покрај тоа, европските дипломати сметале дека новата програма за реформи требало да се заснова на Виенската шема од февруари 1903 година. Велика Британија, особено инсистирала на спроведувањето на странска контрола во спроведувањето на новите реформи. Таа всушност била „единствената сила, која во навлегувањето на австро-германското влијание на Балканскиот Полуостров гледала загрозување на нејзините интереси на Блискиот и Средниот Исток".[205]

И покрај неуспехот на Февруарските реформи, подготвени од Русија и Австро-Унгарија, Големите сили и во новите околности со Илинденското востание, решиле да им ја „искажат довербата на двете „најзаинтересирани влади", сложувајќи се со нивните напори да најдат прифатливо решение за македонската криза".[206] Сепак, Англија била за востаничкото движење да се задуши. Но, таа сметала дека пацификацијата на Македонија единствено би можела да се постигне преку

---

[203] Глигор Тодоровски, Македонското прашање и реформите во Македонија (од дипломатската историја на македонскиот народ), Скопје 1989, 132.
[204] Исто, 136.
[205] Исто, 137.
[206] К. Битоски, Дипломатски одгласи за Илинденското востание..., 192.

воведување порадикални реформи, па „дури и за давање на автономија“.[207] Своите гледишта таа ги доставила на руската и австроунгарската влада, како сугестии за подобрување на реформската програма.

За својот став, англиската влада се обидела да ја придобие француската влада. Сепак, таа не била во позиција да ја спроведе својата линија спрема македонското прашање. Англиската влада се согласила со руско-австриската нота за реформи, меѓутоа застанала на своето убедување дека реформите за Македонија треба да се прошират. Во меморандумот што англиската влада го испратила до владите на Русија и Австро- Унгарија се барало проширувањето на реформите да се изврши во врска со следните суштински прашања: „За Англија би било „неопходно“ потребно да се назначи за Македонија еден генерален гувернер, христијанин, кој не произлегува од државите- потписнички на програмата за реформи, ниту од балканските држави и да дејствува независно од султанот. Но, евентуално, таа се согласува и со генерален гувернер- муслиман кој би имал за советници двајца европски агенти. Англиската влада жалела што нејзиниот поранешен предлог- да се пратат воени аташеа за контрола на турските трупи не бил прифатен“. Тоа било сега видоизменето во смисла: секоја од Големите сили да приклучи по 6 офицери кон турските воени единици.[208]

Сепак, на автономијата на Македонија, Русија и Австро- Унгарија гледале со недоверба. Имајќи го предвид, преседанот со Источна Румелија, двете влади сметале дека слично може да се случи и со Македонија.[209] На крајот, во битката меѓу автономистичката концепција предложена од Лондон, и рестриктивната, предложена од Виена и Петроград, сепак победила втората.

На 30 септември 1903 година рускиот цар Николај II во придружба на министерот за надворешни работи Ламсдорф, пристигнал во Виена, каде бил пречекан од австроунгарскиот монарх Франц Јосиф I. Франц Јосиф бил придружен од министерот за надворешни работи Голуховски. Разговорите за решавање на македонската криза се одвивале во гратчето Мирцштег, близу Виена, на Штаерските Алпи. На 2 октомври 1903 година била усвоена програма за реформи, чија содржина

[207] Исто, 194.
[208] Исто, 200.
[209] Исто, 202. Голуховски изјавил пред Вилхелм II дека „...Ни се чини незамисливо и наполно спротивно за интересите на двете сили од Антантата создавањето на една автономна Македонија, која би ги обединувала трите вилаети, и која со текот на времето би требало да доведе до присоединување на Македонија кон Бугарија. Едно такво значително зголемување на кнежевството би довело до осетно нарушување на рамнотежата на Балканот, рамнотежа што би требало да се стремиме да ја зачуваме при секакви околности“.

следниот ден, на 3 октомври 1903 година, била испратена преку идентични телеграми од двете влади до амбасадорите во Цариград, Каличе и Зиновјев. По местото каде била донесена оваа реформска програма, таа го добила името Мирцштегска реформска програма, Мирцштегски реформи, или Мирцштегска програма за реформи.

Мирцштегските реформи биле насочени исклучиво за Македонија во нејзините географски граници. Од неа биле исклучени немакедонските санџаци на трите румелиски вилаети, и исто така во истата не бил опфатен Одринскиот вилает. Со ова, преку Илинденското востание и Мирцштегските реформи, всушност, за прв пат македонското прашање добило третман на посебно, одвоено од тогашното целокупно Источно прашање. Програмата за реформи се состоела од следните одредби: 1. За да се воспостави контрола врз дејноста на локалните отомански власти во спроведувањето на реформите, при главниот инспектор Хилми паша, Австро-Унгарија и Русија треба да назначат цивилни претставници со обврска насекаде да се движат со главниот инспектор, да му обрнуваат внимание за потребите на христијанското население, да ги регистрираат злоупотребите на месните власти...Бидејќи задача на цивилните претставници е да го следат спроведувањето на реформите и смирувањето на населението, нивниот мандат ќе истече по две години од денот на нивното поставување.;2. Бидејќи реорганизацијата на жандармеријата и на полицијата е една од најсуштествените мерки за смирување во земјата, се налага да се бара од Портата и оваа реформа... Реорганизирањето на жандармеријата во трите вилаети да му се довери на генерал од странска националност во служба при царската османлиска влада. При истата да бидат испратени и воени лица на Големите сили, кои ќе ги разделат окрузите меѓу себе и ќе работат како контролори, инспектори и организатори. Тие офицери ќе можат да побараат, ако сметаат за потребно, помош од други офицери и подофицери, исто така странци;3. Откако ќе се констатира смирување во земјата, од царската влада да се побара измена на територијално-административната поделба и на судските единици, со цел поправилно да се групираат разните националности;4. Во исто време да се бара реорганизација на административните и судските установи, во кои ќе биде пожелно да се вклучат и домашни христијани и да се толерира ширењето на месната самоуправа;5. Во поважните центри на вилаетите да се формираат мешовити комисии, составени од ист број христијани и муслимани, за разгледување на политичките престапи и други

дела извршени за време на бунтовите. Во овие комисии треба да учествуваат и конзуларните претставници на Австро- Унгарија и Русија;6. Од турската влада да се побараат специјално определени парични износи за враќање во родните места на христијаните што избегале во Бугарија и други места, помош на христијаните кои ги загубиле своите имоти, и поправка на куќите, црквите и училиштата урнати од Турците за време на востанието;7. Христијанските жители што се вратиле во христијанските села изгорени од турските војски и башибозукот, една година ќе бидат ослободени од плаќање данок; 8. Турската влада се задолжи повторно и без одлагање да ги воведе реформите во проектот подготвен од февруари оваа година, како и оние за кои подоцна ќе се чувствува неопходна потреба;9. Бидејќи повеќето од насилствата и ѕверствата ги извршија илавите и башибозуците, да се задолжи Портата да не се служи со илави и башибозуци и да ги замени со редовни војници.[210]

Дури на 22 октомври 1903 година бил предаден текстот на Мирцштегските реформи на Високата Порта. Мирцштегските реформи навидум се насочени кон елиминирање на македонското револуционерно движење како извор на нестабилност, но третата точка од програмата всушност ја вовела Македонија во неформална граѓанска војна. Портата начелно ја прифатила реформската програма во ноември 1903 година, но го задржала правото на приговор по одредени точки.

Имплементацијата на реформите започнала во 1904 година, кога во Солун пристигнале Николај Демерик и Хенрих Ритер Милер фон Рогај, првиот руски, вториот австроунгарски цивилен агент при генералниот инспектор.[211] Генералот Де Џорџис бил назначен на чело на реорганизацијата на жандармеријата во Македонија. Маркизот Ленсдаун, државниот секретар за надворешни работи на Велика Британија, го сметал наименувањето како „важен чекор кон спроведувањето на реформите".[212] Сепак, османлиската влада се спротивставила на тоа да има уште еден висок офицер, покрај генералот Де Џорџис. Меѓутоа, по долготрајни инсистирања и преговори, италијанската влада обезбедила поддршка од Велика Британија и Австро- Унгарија за именувањето на полковникот Сињориле во главниот штаб за реорганизација на

---

[210] Австриски документи за реформската акција на европските Големи сили во Македонија 1903- 1909 година, (предговор и редакција д-р Михајло Миноски, избор на документи и превод м-р Ѓорѓи Стојчевски), Скопје 2002, 57-59.
[211] В. Ѓорѓиев, Реформи за мир или одлагање на конфликтот..., 116.
[212] Кочо Сидовски, Италија и Македонија од крајот на XIX век до 1909 година, Скопје 1994, 87.

македонската жандармерија.[213] Друг спор кој бил во врска со прашањето за реорганизација на жандармеријата, било тоа што владите на Русија и Австро-Унгарија не се согласувале офицерите да влезат во османлиска служба, туку тие сметале дека требало да ја имаат положбата на „агенти на силите кои ги претставувале“.[214] Со ваквото мислење веднаш се согласила и англиската влада.

Неединството меѓу Големите сили дошло до полн израз при поделбата на Македонија на жандармериски сектори. Германија одбила да земе учество во реорганизацијата на османлиската жандармерија. Меѓутоа, нејзе ѝ било оставено организирањето на жандармериското училиште во Солун. Прашањето со поделбата на Македонија на жандармериски сектори на крајот било решено на следниот начин: Австро- Унгарија го добила Скопскиот санџак, Русија- Солунскиот, Англија-Драмскиот, Франција- Серскиот, а Италија го добила Битолскиот вилает.[215] Притоа биле исклучени териториите од санџаците и вилаетите кои се наоѓале надвор од Македонија, и оние каде преовладувало албанското население, на пример Дебар.[216] По ова започнал процесот на спроведувањето на реформите.

Финансиската и судската реформа исто така биле дел од Мирцштегската реформска програма. Всушност, финансиската реформа произлегувала од осмата точка на Мирцштегските реформи, кои предвидувале спроведување на Февруарските реформи, каде се предлагало одделен буџет за секој вилает. Меѓутоа, околу начинот, предлозите и последиците од спроведувањето на реформите, повеќе детали во следната глава, бидејќи тука Велика Британија игра активна улога, со цел да го одземе предимството на Мирцштегската антанта во балканските настани.

Првичниот став на Организацијата кон овие реформи бил објавен во Окружното на ГШ од 10/23 декември 1903 година. Во него реформите се оценети како недоволни, „бидејќи тие се ништожни пред целта што ја гониме. Секој знае дека не се боревме за жандарми и пудари, туку за премавнување на омразеното турско потисништво“.[217] Подоцна Даме Груев издал еден циркулар до раководните тела на Битолскиот округ од 12 точки. Преку овој циркулар се целело кон тоа населението „од

[213] Исто, 89.
[214] Исто.
[215] В. Ѓорѓиев, Слобода или смрт.., 27.
[216] Исто.
[217] В. Ѓорѓиев, Подземната република..., 342.

сите краишта на нашата татковина да истапи со еднакви барања и протести пред меѓународните контролори за побрзо да се компромитираат реформите“.[218]

ТМОРО по Илинденското востание се нашло на крстопат. Се појавиле фракции и внатрешни делби кои повеле меѓусебна идеолошка борба. Се издиференцирале две крила: реформско- демократско чии застапници биле Јане Сандански, Ѓорче Петров, Петар Поп Арсов, Пере Тошев итн и конзервативно- централистичко крило чии застапници биле Христо Матов и Христо Татарчев. Првата струја се залагала за доследно зачувување на самостојноста на Организацијата од надворешни пропаганди и нејзина децентрализација и демократизација, а втората се залагала за зачувување на стариот централистички начин на уредување на Организацијата. За таа цел, со цел надминување на ваквата состојба, како и разгледување на причините за неуспехот на востанието, во 1904 и 1905 година биле одржани окружни конгреси, како подготовка за Рилскиот општ конгрес одржан во октомври 1905 година. На конгресот било постигнато привидно единство, биле усвоени нов Устав и Правилник, нов Централен комитет и Претставничко тело, и ново име- Внатрешна македоно- одринска революционерна организација. На Конгресот било дебатирано и околу заземањето на конечен став на Организацијата кон Мирцштегските реформи. На Конгресот бил заземен став Организацијата ниту да ги прифати, ниту да ги негира реформите. Конгресот оценил дека „со Мирцштегската реформска програма Големите европски сили сакале да го зацврстат османлискиот систем на владеење во Македонија“.[219]

Сепак, и покрај тоа што Мирцштегските реформи биле донесени токму со намера да се елиминира секој извор на нестабилност во регионот, третата одредба од реформите ги поттикнала соседните држави да го променат начинот на дејствување и пропагандите да добијат вооружен карактер. Реформите всушност довеле до внатрешен конфликт, кој бил инспириран од надвор. [220]

Актуелноста на македонското прашање продолжила и кон крајот на 1907 и почетокот на 1908 година, преку предлозите на сер Едвард Греј, кои всушност биле повод за Младотурската револуција и превратот летото истата година. Успехот на Револуцијата и враќањето на Уставот од 1876 година придонеле кај владите на

---

[218] Исто, 345.
[219] Глигор Тодоровски, Внатрешната организација и Мирцштегската реформска програма, Прилози за Илинден. Илинденското востание во Македонија. Научен собир посветен на 80- годишнината од востанието (1903-1983), одржан на 30 јуни и 1 и 2 јули 1983 година во Битола и Крушево, Битола- Крушево 1983, 88.
[220] В. Ѓорѓиев, Реформи за мир или одлагање на конфликтот..., 116.

Големите европски сили за надеж дека ситуацијата се смирила. За тоа докази наоѓаат во привременото стопирање на вооружените активности на српската, бугарската и грчката пропаганда и нивно легализирање преку политичките организии и партии. Исто така и некогашната ВМОРО особено реформско-демократското крило се трансформирало во НФП. Тоа ќе придонесе за повлекување на цивилните претставници и агенти на Русија и Австро-Унгарија, како и офицерите и подофицерите на останатите Големи европски сили, со што реформскиот процес во Македонија завршил. Со откажувањето на Големите сили од натамошното инсистирање на спроведување на реформите во Македонија, поради воведувањето на парламентаризмот во Османлиското царство, за момент се одложи решавањето на македонското прашање како тактичко, во определувањето на глобалниот однос на силите. За жал, тоа ќе биде монета за поткусурување во Балканските војни и нивните познати трагични последици за Македонија и македонскиот народ.

# ГЛАВА IV

# БРИТАНСКИОТ ТРЕТМАН НА МАКЕДОНСКОТО ПРАШАЊЕ

## 1. Балканскиот комитет и македонското прашање

Илинденското востание во 1903 година предизвикал раздвиженост во тогашната европска јавност. Особено тоа предизвикало заинтересираност во британската јавност. Така, под импресиите од кризата која довела до актуелизација на македонското прашање, се формирал Балканскиот комитет во Лондон, како група за притисок на британската влада да преземе мерки со кои би се „натерала османлиската влада да ги изврши неопходните реформи во Македонија“.[221] Комитетот бил основан од Ноел Бакстон.[222] Тој одиграл особена улога во афирмацијата на македонското прашање во Велика Британија, и покрај тоа што бил со пробугарска обоеност. Тој се состоел од истакнати членови на британскиот Парламент, како и претставници на црквата, новинари и историчари. Неговата платформа на дејствување била објавена во апелот „Нашата задача во Македонија“. Во овој своевиден манифест се изнесени фазите во развојот на македонското прашање и податоци кои говорат за „неподносливата положба на македонското население изложен на тиранија и истребување од страна на османлиската власт“.[223] Исто така, во апелот се изразувала надеж дека Англија „ќе одигра важна улога во решавањето на македонското прашање“.[224]

За таа цел, Комитетот формирал специјална мисија „The Macedonian relief committee“ на чело со Хенри Брејлсфорд како претседател и Томас Фовел Бакстон како секретар. Овој комитет собрал значајна сума парични средства кои биле доделени како помош за најзагрозените во Македонија. Мисијата на Комитетот била особено значајна во Битолскиот вилает, каде Илинденското востание всушност било и најмасовно.

Дејноста на Комитетот била изразена преку објавување посебни публикации, како и преку печатот. Сепак, најмногу се истакнал во организирање на митинзи и протести ширум земјата. По поразот на Илинденското востание, дејноста на

[221] Александар Растовић, Балкански комитет о Македонији, Историјски часопис, књ. LIII, Београд 2006, 217.
[222] Исто.
[223] Исто, 219.
[224] Исто.

Балканскиот комитет продолжила. На бројните митинзи и протести ширум земјата присуствувале бројни претставници на британскиот политички и културен живот. На крајот од митинзите, биле усвојувани резолуции за македонското прашање.

Меѓу поголемите митинзи на Балканскиот комитет бил тој што се одржал на 17 август 1903 година во салата Сент Џемс во Лондон. На него присуствувале бројни јавни личности и била донесена резолуција во која се истакнува дека „лошата турска управа во Македонија и неуспешните напори да се извршат реформи под турска контрола нужно бараат да престане директната султанска управа над македонските провинции. Обврските кои Велика Британија ги примила на Берлинскиот конгрес бараат од неа да направи чекори за престанок на убиствата и грабежите кои и натаму продолжуваат“.[225] На следниот митинг одржан на 29 септември 1903 година биле усвоени три резолуции за Македонија. Во првата се барало „да престане лошата турска управа во Македонија и да се замени со администрација со која ќе управува личност која нема да биде назначувана ниту отпуштана од турската влада“.[226] Во втората се истакнувало дека „во поглед на директната одговорност на Велика Британија за воспоставување на цивилна влада во Македонија, ние сериозно апелираме до советниците на Неговото Величество да сторат најмногу што можат за соработка со другите европски сили како би се прекинале ужасните варварства кои ги прават турските трупи и обезбедат реформи кои би спречиле повторување на слични злосторства против човештвото“.[227] Во третата резолуција се обврзувале членовите на Балканскиот комитет да организираат собирање помош за бездомниците и бегалците кои морале да ги напуштат своите домови.

Во писмото што Ноел Бакстон го објавил на 12 септември 1903 година, тој повикува на одговорност на владата на Бенџамин Дизраели, кој на Берлинскиот конгрес ги вратил македонските вилаети на Османлиското царство, и со тоа ја направил Англија „директно одговорна за масакрот на беспомошни луѓе на три дена оддалечени од Лондон“.[228]

На 18 септември 1903 година, Балканскиот комитет го објавил својот „Манифест“ за балканската криза. Во брошурата на осум страници се почнува со една

---

[225] Исто, 220-221.
[226] Исто,221.
[227] Исто.
[228] Julian Brooks, Managing Macedonia: British statecraft, Intervention, and `proto- peacekeeping` in Ottoman Macedonia 1902- 1905, Burnaby 2014, 402.

историска лекција во која се вели дека „долго време британската политика била да се штити Османлиското царство како брана против руската доминација во Источна Европа“.[229] Поради тоа, Дизраели работел на тоа да се ликвидира Санстефанскиот договор. Сепак, авторите на брошурата потенцираат дека, и покрај тоа што Македонија со Берлинскиот договор била вратена на Османлиското царство, Големите сили биле обврзани да ги штитат македонските христијани, и во прилог на тоа ги цитираат членовите 23 и 62 од Берлинскиот договор.[230] Сето тоа, во прилог на историската одговорност на Англија за создавањето на условите кои се причина за постоечката криза. Во брошурата решението на кризата го побарале во критскиот и либанскиот пример. Брошурата сепак, не повикува директно на оружена интервенција, ниту пак за унилатерална акција на Англија, туку само на преземање на водечката улога во присилувањето на Концертот на Европа заеднички да наложат реформи.[231]

На 29 септември 1903 година Комитетот одржал митинг во салата „Сент Џејмс Хол“ во Лондон, на кој биле усвоени три резолуции за македонското прашање. Во првата резолуција се врши притисок „врз владата за итна интервенција, а потоа истата да изврши притисок врз европските влади за примена на зацртаната политика“. Во втората резолуција се бара „воспоставување на влада која ќе биде одговорна пред Европа, а не на султанот“. Во третата резолуција пак се бара „итно организирање на помош“. [232]

Комитетот одржал нов митинг на 29 март 1904 година во салата Какстон Хол во Лондон. На него биле осудени османлиските ѕверства во Македонија и била повикана британската влада да предложи поставување на еден христијански гувернер во Македонија кој би бил независен од султанот единствено одговорен пред Големите сили, како замена за Мирцштегските јалови реформи.[233] На овој собир присуствувале не само личности од британскиот јавен и политички живот, туку исто така и од Франција, Италија и Бугарија. На него биле усвоени две кратки резолуции. Првата насловена како „Лоша турска управа“ се констатира продолжението на лошата турска управа во Македонија, како срамота за цивилизираната Европа. Во втората се

[229] Исто.
[230] Исто, 403.
[231] Исто, 404.
[232] Македонофилското движење во Западна Европа во 1903 година. Документи. Редакција и коментар академик Манол Пандевски. Превод Аленка Лапе, Скопје 1995, 125-126.
[233] А.Растовић, Балкански комитет о Македонији..., 223.

истакнувало дека македонското прашање може единствено да се реши ако таа област добие еден гувернер кој би бил самостоен во однос на султанот и би бил одговорен единствено на Големите сили. [234]

Проблемот не бил во тоа што Македонците биле репресирано население, туку тоа дека се „репресирано население во Европа.“[235] Исто така не само што Османлиското царство бил деспотски режим, туку таа била „Ориентална тиранија на автопатот на европската трговија и култура“- како што било често пати нагласувана- „на три дена од Лондон“.[236] Можеби активностите на македонските револуционерни чети биле невкусни за британските сетила, меѓутоа Брејлсфорд особено напоменува дека „тие се бореле за слобода што не бил „непознат идеал“, туку дел од нивната заедничка култура и цивилизација“.[237] Ослободувањето на Македонија од османлискиот режим за Балканскиот комитет претставува „клучно и незавршено поглавје во прогресот на западната цивилизација“.[238]

Како пример за притисокот што Балканскиот комитет го вршел врз активностите на британската влада, може да се посочи тоа што во очи на одржувањето на митингот од 29 март 1904 година, била поднесена интерпелација на Долниот дом на британскиот Парламент. Во текот на интерпелацијата била побарана информација за текот на изведувањето на реформскиот проект во Македонија, реорганизација на жандармеријата и за намерите на британската влада да ги спроведува реформите на Големите сили.[239] Пратеникот Брајс, подносителот на интерпелацијата мислел дека мора да преземат одлучни мерки како би се спречиле фаталните последици од опструирањето на реформите.[240] Одговорот на лорд Перси бил во отфрлањето на обвинението дека владата била неактивна и потсетил дека всушност главна преокупација на Лондон е во помошта на Русија и Австро- Унгарија во остварувањето на реформите. [241]

Балканскиот комитет со својата дејност поттикнал слична активност и во останатите западноевропски држави, каде се одржувале митинзи за поддршка на

---

[234] Исто.
[235] James Andrew Perkins, British liberalism and the Balkans c. 1875- 1925, London 2014, 117.
[236] Исто.
[237] Исто.
[238] Исто, 118.
[239] А. Растовић, Балкански комитет о Македонији...,225.
[240] Исто.
[241] Исто.

македонската борба за слобода. Таков бил на пример митингот што се одржал во театарот „Сара Бернар“ во Париз на 25 октомври 1903 година до кој дури било упатено и поздравно писмо од задграничните претставници на ТМОРО во София, Христо Татарчев и Христо Матов.[242]

Балканскиот комитет со угледот што го имале неговите членови во Парламентот, бил сила што „ниедна влада не можеше да ја пренебрегне.“[243] Оттаму, австроунгарскиот амбасадор во Петроград, Ерентал сметал за потребно да му укаже на својот британски колега, дека „... англиското јавно мнение мора да разбере дека охрабрувањето на револуционерното движење во Македонија претставува „палење на оган во сопствениот двор“. Ако пријателите на Македонија не се подготвени да се борат, тие едноставно не можат да застапуваат курс на акција што единствено може да доведе до војна...“[244]

Во текот на 1903 и 1904 година, Балканскиот комитет на своите митинзи усвоил над 600 резолуции. Во сите нив се изразувале симпатии, солидарност со борбата на македонското население, се протестирало против ѕверствата кои биле сторени од регуларните и нерегуларните османлиски трупи, се барала интервенција на Големите сили за да кризата конечно биде решена преку „ослободување на Македонија од турската власт и нејзино стекнување на автономија“.[245]

Во писмото што Балканскиот комитет го објавил на 26 јануари 1905 година за политиката која Велика Британија и Големите сили требало да ја следат во Македонија се вели дека „...Ефективна европска контрола во Македонија...,т.е. поставувањето на некои региони под контрола на административци кои се одговорни пред Големите сили, а не пред султанот, се прифаќа од сите земји како единствено решение на турското прашање“.[246]

Комитетот продолжил со својата дејност и во годините по задушувањето на Илинденското востание. Членовите на Комитетот се истакнале по упатувањето неколку важни меморандуми до британската влада и јавноста за ситуацијата во Македонија. Во нив се изнесувале можните решенија на деценискиот нерешено и

[242] Македонофилското движење во Западна Европа...,137-138.
[243] Ј. Донев, Македонија во британско- руските односи..., 94.
[244] Исто.
[245] А. Растовић, Балкански комитет о Македонији...., 226.
[246] Балканският комитет в Лондон (1903- 1946), съставител: Иван Илчев, Превод, бележки и показалци: Димитър Григоров, София 2003, 60.

спорно прашање. Меѓу првите меморандуми што се појавиле во јавноста е „Проект на автономниот македонски комитет“ и е упатен до османлискиот султан и сите европски сили. Во меморандумот се предлагало формирање на четири области од Солунскиот, Битолскиот, Косовскиот, Скадарскиот, Едренскиот и Јанинскиот вилает: Стара Србија, која би го опфатила Косовскиот вилает, Албанија која би ги опфатила Скадарскиот и Јанинскиот вилает, Тракија која би го опфатила Едренскиот вилает и Македонија која би ги опфатила Солунскиот и Битолскиот вилает.[247] Овие територијални единици би добиле административна автономија со политичка и воена контрола на Портата. За редот и мирот би се грижела меѓународна локална полиција, а европските сили би именувале посебен комесар на три години за надгледување на одржувањето на јавниот ред и мир. На чело на областа би се наоѓал гувернер со мандат од пет години.

На 18 март 1907 година Балканскиот комитет испратил Меморандум освен на англиската влада, исто така и до владите на балканските земји. Во Меморандумот се истакнувало дека „Комитетот од своето основање врши притисок на британската влада и Големите сили да превземат енергични мерки за реформи во Македонија. Освен тоа, Комитетот работел на здобивањето симпатии кон балканските држави во англиската јавност, сметајќи дека треба да им се дозволи да развиваат свој национален живот и институции без странско мешање. Се изнел став дека Бугарија, Србија и Грција треба да ги усогласат своите политики и да се согласат за заедничко решение на македонското прашање. Авторите на Меморандумот укажувале на тоа дека во Македонија дошло до судир меѓу различните христијански народи и дека за сите нив од посебна корист би бил подобрување на пријателските односи, економските и политичките врски меѓу балканските народи“.[248]

На крајот на март 1908 година Балканскиот комитет упатил нов Меморандум до владите на Големите сили кој бил насловен „Акцијата на Големите сили во Македонија до крајот на 1907 година“. Авторите Ноел Бакстон, професорот Вестлејк и Вилем Мур, со многу драматичен тон укажувале на тешката положба на нештата во Македонија. Ситуацијата во Македонија била окарактеризирана како ужасна, и дека Големите сили со својата интервенција предизвикале многу крвопролевање и анархија. Дејството на Мирцштегските реформи се покажало како доста ужасно.

---

[247] А. Растовић, Балкански комитет о Македонији..., 228.
[248] Исто, 229.

Особено се потенцираат катастрофалните последици на третиот член од Мирцштегските реформи и неспособноста на офицерите на Големите европски сили поради ограничените овластувања, да се справат со состојбата.[249]

Во март 1908 година била објавена брошурата „Плачот на Македонија", во која се предлагало „...Назначување на губернатор со повеќегодишен мандат, кој е неменлив без согласност на Големите сили, а офицерите од жандармеријата да имаат јасни овластувања".[250]

Исто така, членовите на Комитетот имале и директни контакти со најважните личности од британскиот државен и политички естаблишмент во врска со македонското прашање. Особено се истакнува средбата што летото 1907 година делегација од педесет најугледни членови на Балканскиот комитет ја имале со британскиот министер за надворешни работи, сер Едвард Греј. На констатација од Комитетот дека ситуацијата во Македонија била жалосна и дека од голем дел од одговорноста за тоа лежи во Англија, Греј потсетил на „организираните акции за христијаните да се заштитат од агресијата на османлиската влада".[251] Исто така Греј одговорил дека „и покрај тоа што реформите не го имале посакуваниот ефект, сепак имале извесно дејство".[252]

Членовите на Балканскиот комитет го доживеале како свој личен триумф новиот реформски проект за Македонија што сер Едвард Греј го презентирал во февруари 1908 година. Предлогот за генерален гувернер на Македонија, кој би бил сменет само со консензус на Големите сили, со целосна контрола на цивилната и воената администрација на регионот, дошол како еден вид „оправдување за сите кампањи од претходните пет години, решението на македонското прашање што постојано била предлагано од 1903 година, и нудел голема надеж за во иднина".[253]

Во 1907 година дошло до поделба на две струи меѓу членовите на Балканскиот комитет. Покрај струјата што ја потенцирала автономијата на Македонија како единствен излез од кризата, новата струја сметала дека Македонија треба да се подели меѓу балканските држави со меѓусебен договор и „по принцип на

---

[249] Исто, 229-230.
[250] Балканският комитет в Лондон....,65
[251] Исто, 231.
[252] Исто.
[253] J. A.Perkins, British liberalism and the Balkans..., 144.

народноста".[254] Комитетот дејствувал и во текот на Балканските војни, но тогаш особена тежина имала струјата која барала поделба на Македонија . Предводник на оваа струја бил Артур Еванс, а додека пак на автономистичката струја лидери биле Ноел Бакстон и Дејвид Баучер.

Балканскиот комитет со својата дејност придонел за афирмација на македонското прашање во британската јавност. Комитетот со своите критики на британската политика презентирал препораки за акции. Предводен од извршен комитет од добропознати академици, новинари и политичари, Комитетот можел да го држи актуелно македонското прашање во јавноста со „авторитет близок до тој на владата".[255] Така, кога Ноел Бакстон по победата на Младотурската револуција го посетил Истанбул, бил изненаден од фактот дека „Комитетот во некои делови од престолнината бил сметан како претставник на интересите на британската влада",[256] нешто што морал да го демантира.

[254] А. Растовић, Балкански комитет о Македонији..., 232.
[255] J.Brooks, Managing Macedonia....,401.
[256] J. A. Perkins, British liberalism and the Balkans..., 150.

## 2. Британските предлози за реформи во Мирцштегскиот реформски процес

Суровоста на османлиските војски при задушувањето на Илинденското востание предизвикал голем револт кај европската јавност, особено британската. Заедно со опасноста од бугарско-османлиска војна поради зголемената мобилизација на воени трупи од двете страни на границата, сето тоа придонело кај Големите сили да се појави иницијатива за нови реформи, која на крајот резултира со донесувањето на Мирцштегската реформска програма. Во сите тие меѓусебни разговори кои довеле до донесувањето на реформската програма, Велика Британија истапила со свои предлози. Така, маркизот од Ленсдаун, британскиот министер за надворешни работи, на британскиот амбасадор во Виена, сер Ф. Планкет, му ги изнесува своите видувања дека македонското прашање треба да се реши преку „назначување на гувернер христијанин, кој нема да биде поврзан со ниту една од земјите потписнички на Берлинскиот договор“, или во поумерена варијанта „гувернер муслиман кој би имал поддршка од европски помошници“.[257] Исто така, во предлогогот британската влада предвидувала „назначување на доволен број европски офицери во број доволен за реорганизација на жандармеријата.... назначување на шест офицери од секоја Голема сила што би ја следеле османлиската војска“.[258]

Илинденските настани во Македонија се совпаднале со преговорите кои довеле до потпишувањето на Англо-Француската Антанта во 1904 година. Оттаму, македонското прашање била една од темите за разговор меѓу маркизот од Ленсдаун и францускиот министер Џофреи. Ленсдаун соопштил на средбата дека „Британија не може да остане индиферентна кон страдањата... и дека дошло време за осмислување на нови реформи“.[259] Францускиот министер соопштил дека амбасадорот во Лондон, Камбон ја фаворизирал идејата за „назначување на христијански гувернер со голем степен на автономија за вознемирените провинции“.[260]

Сепак, овие британски предлози биле одбиени од Русија и Австро-Унгарија, и покрај тоа што дел нашле примена во Мирцштегската реформска програма.[261] Поради тоа, Велика Британија се согласи да ги поддржи Мирцштегските реформи, но

---

[257] British documents on the origins of the war..., 63.
[258] Ј. Донев, Македонија во британско- руските односи..., 93.
[259] J. Brooks, Managing Macedonia..., 508.
[260] Исто.
[261] Како назначувањето на доволен број европски офицери за реорганизација на жандармеријата.

го задржала правото, во случај на нејзин неуспех, да истапи со свои предлози, свесна дека на тој начин ќе може да врши „притисок врз владите во Петроград и Виена да ја направат нивната реформска програма поефикасна“.[262]

Така, Ленсдаун го претставил својот одговор на претставниците на Русија и Австро- Унгарија за Мирцштегските реформи на следниот начин: - ги запрашал кое е значењето на оставањето на Хилми Паша за генерален инспектор;- зошто вниманието е насочено само на христијанското население; - побарал повеќе информации за улогата на европските офицери назначени при жандармеријата;- под прашање ја ставил практичноста прво пацификација на територијата, па потоа формирање административни окрузи; - како мешаните комисии ќе бидат формирани, и зошто нема споменување на финансиските реформи.[263]Ленсдаун верувал дека финансиските реформи всушност се „коренот на македонските проблеми“.[264] Австроунгарско-рускиот одговор на критиките на Ленсдаун биле дека финансиските реформи биле опфатени во Виенската реформска шема, чиешто спроведување всушност е предвидено во осмата точка од Мирцштегските реформи.

Британските грижи за македонското прашање се зголемувале како што и опасноста од Руско-јапонска војна се зголемувала. Ова особено поради тоа што руската флота би можела да биде испратена во Источниот Медитеран преку Протоците, кои биле од особено значење за британската политика. Поради тоа, и Македонија била во фокусот на британското внимание во 1904 година. Оттаму, и прашањето за автономија на Македонија повторно било покренато од британската дипломатија во договор со Франција.[265] Сепак, Русија и Австро-Унгарија силно се спротивставувале на „секоја акција за менување на статус квото со давање на автономија на Македонија“.[266] Зафатена со кризата на Далечниот Исток, Русија сè повеќе го препуштала македонското прашање на Австро- Унгарија.[267] За да си создаде еден вид одбранбен бедем против австроунгарски продор кон југ, Русија го протежирала српско- бугарскиот договор од 1904 година.

---

[262] Ј. Донев, Македонија во британско- руските односи...,94.
[263] J. Brooks, Managing Macedonia..., 562.
[264] Исто.
[265] British documents on the origins of the war...,68-69.
[266] Британски документи за историјата....503,British documents on the origins of the war..., 71.
[267] Германски документи за политиката на Германија и европските Големи сили во Македонија (1904-1910), (Избор, предговор и редакција на м-р Ѓорѓи Стојчевски, превод Петар Стојчевски и м-р Ѓорѓи Стојчевски), Скопје 2005, 62.

Во поглед на распределбата на сектори за реорганизација на жандармеријата, официјален Лондон ги определил источните окрузи како свој приоритет. Во тој поглед, дури Англија добила предлог за поддршка на италијанските барања за Битолскиот вилает, во замена за италијанска поддршка за Серскиот санџак. Со залагања на О`Конор, британскиот амбасадор во Истанбул, сепак, Англичаните се решиле за Драмскиот санџак, со цел да се избегне и конфликт со Французите, кои го барале Серскиот санџак за себе. На тој начин била извршена претходно објаснетата распределба на окрузи за реорганизација на жандармеријата. О` Конор, изјавил дека „Драмскиот санџак е особено важен во случај и Одринскиот вилает да биде вклучен во реформите, и затоа, наша цел е да се зачува".[268]

Така, по извршувањето на распределбата на секторите, во април 1904 година, петмина британски офицери пристигнале во Солун, од каде заминале за Драма. До средината на 1905 година, британските офицери објавиле дека санџакот бил стабилизиран, додека останатите сеуште се соочувале со бројни тешкотии. Сепак, голема улога во брзото стабилизрање на овој регион, играло тоа што тука Илинденското востание и неговото задушување не било проследено со таков степен на крвопролевање, масакри и насилства, како останатите. Меѓутоа, и покрај тоа, примерот со Драмскиот санџак, на Британците им послужил како доказ за „смирувачкиот ефект што неколку искусни и енергични европски офицери би можеле да го имаат врз македонскиот конфликт".[269] Оттаму, тоа било поттик за Ленсдаун да повика за натамошни реформи на османлиската жандармерија и да се прошират Мирцштегските реформи и на други вилаети, како Одринскиот вилает, кој всушност, граничел со Драмскиот санџак.

Анализата на резултатите од спроведувањето на Мирцштегските реформи во Македонија покажувала дека реформите доживеале неуспех. Според размислувањата на британската влада, причините за неуспехот на реформите лежеле во неможноста за воспоставување на сигурни извори на средства за финансирање на административните расходи на македонските вилаети. Имено, трошоците за издржување на војската „ги апсорбираше сите расположиви финансиски ресурси на македонските вилаети".[270]

---

[268] J. Brooks, Managing Macedonia..., 596.
[269] Исто, 603.
[270] Ј. Донев, Македонија во британско- руските односи...,96.

Оттаму, во јануари 1905 година, британската влада повикувајќи се на чл.23 од Берлинскиот договор, истапи со нов предлог за давање автономија на Македонија, односно „...политичка автономија со техничко зачувување на турскиот суверенитет“.[271] Францускиот одговор на британскиот предлог за „итно редуцирање на турските војски во Македонија..., именување на одреден период на комисија составена од делегати именувана од силите, предводена од генерален инспектор, со административна и извршна власт..., и целата шема да се прошири на Одринскиот вилает,“ била да се консултира со Русија. Рускиот одговор бил да се усогласи ставот со тој на Австро- Унгарија. На крај, заедничкиот став било дека „логично е прво да ја завршиме Мирцштегската програма, а потоа може да размислуваме за нејзино проширување“.[272]

Сите овие постапки од британската влада, биле само еден тактички потег со кој се целело да се одземе предимството на „најзаинтересирани сили“ на Русија и Австро-Унгарија и да се пренесе македонското прашање пред т.н. Концерт на Европа. Велика Британија, тоа особено ќе се обиде да го стори преку покренување на иницијатива за спроведување на финансиски , административни и судски реформи во Македонија. И покрај тоа што финансиските реформи се содржеле во осмата точка од Мирцштегските реформи, кои предвидуваат спроведување на Февруарските реформи, а судските реформи биле предвидени во четвртата точка од Мирцштегските реформи, сепак и за нивното спроведување било доста отежнато. За Англија било неприфатливо само Русија и Австро-Унгарија да бидат „заинтересирани сили“. Всушност маркизот Ленсдаун изјавува дека „Владата на Неговото Величество не го оспорува правото на Русија и Австро-Унгарија, поради нивната географска местоположба, да имаат посебен интерес за мир во трите вилаети. Меѓутоа, никогаш немала намера да се откаже од позицијата, што како една од силите потписнички на Парискиот и Берлинскиот договор, ја зазела кон европските провинции на Турција“.[273]

Затоа, маркизот Ленсдаун во својот говор во британскиот Парламент на 28 март 1905 година изјавил дека одговорноста за состојбата во Македонија е на сите

---

[271] Исто.
[272] Исто, 97.
[273] Државен Архив на Република Македонија (ДАРМ) фонд Форин Офис (ФО), микрофилм (мф.)31, Correspondence respecting the affairs of South- Eastern Europe, Turkey No.3 (1905), (натаму Turkey No.3 (1905)), док. 102.

Сили, и дека македонските финансии треба да бидат ставени под „одреден вид на меѓународна контрола“.[274]

На 11 април 1905 година, од страна на Виена и Петроград било дадена согласност за 4 делегати, кои би соработувале со цивилните агенти за „соодветно извршување на новата финансиска шема на реформите во македонските вилаети“.[275] Делегатите било предвидено да бидат назначени од останатите 4 Големи сили.[276] Било решено за надгледување на работата на Финансиската комисија секоја влада да назначи финансиски делегат. Тие би соработувале со рускиот и австроунгарскиот цивилен агент и со генералниот инспектор.[277] Комисијата требало да биде консултирана за буџетот и истиот да биде одобрен од нејзина страна. Таа би ги имала сите овластувања за извршување на својата задача, а особено за регулирање на даноците, нивното собирање, вклучувајќи го и десетокот.

Четворицата делегати назначени од Големите европски сили за идната меѓународна комисија биле: Х. Б. Харвеј - прв секретар на британското претставништво во Цариград - од Велика Британија; баронот Гризингер, советник на германското пратеништво во Цариград - од Германија; Италија - генералниот конзул Меса, и Франција - генералниот конзул во Солун Стег.[278] Ваквата иницијатива на Големите европски сили наишла на силни спротивставувања од Високата Порта, бидејќи всушност со оваа меѓународна Комисија се загрозувал османлискиот суверенитет во Македонија. Како своевиден притисок врз Портата за прифаќање на Комисијата кога биле исцрпени сите мерки на дипломатски план, започнало организирање за преземање на поморска демонстрација во османлиските територијални води. Идејата преминала во пракса на 26 ноември 1905 година кога една меѓународна ескадра на бродови, предводена од австро-унгарскиот адмирал Ритер пристигнала пред островот Митилен. Не наидувајќи на поголем отпор, ескадрата ги зазела поштенската и царинската зграда.[279] Сепак, Високата Порта и натаму се спротивставувала на Комисијата, па поради тоа ескадрата била насочена кон тоа да се упати кон влезот на Дарданелскиот теснец и да го окупира островот Лемнос. Конечно, на 6 декември 1905 година, Портата ги прифатила предлозите на

[274] Ј. Донев, Македонија во британско- руските односи..., 98.
[275] ДАРМ, ФО, мф.31, Turkey No.3 (1905), док. 91.
[276] Исто.
[277] ДАРМ, ФО, мф.31, Turkey No. 3 (1905), док. 139.
[278] Г. Тодоровски, Македонското прашање и реформите во Македонија..., 160.
[279] British documents on the origin of the war..., 98.

Големите сили и формирањето на Меѓународната финансиска комисија.[280] Со прифаќањето на предлозите за именување на странски делегати во финансиската комисија, всушност се завршила и поморската блокада на османлискиот брег и нејзините острови.[281] Конечниот Органски закон – Финансиски реглемент бил прифатен на 2 јануари 1906 година.[282] Со Законот се предвидувало Финансиската комисија да биде со мандат од две години, а членовите на Комисијата биле именувани за финансиски советници, и тие требало да го составуваат и реализираат посебниот буџет за трите румелиски вилаети. Комисијата би добила извршни овластувања во името на османлиската влада.[283] Таа требала да се состои од дvajцата цивилни агенти и пет финансиски советници.[284] Комисијата требала да го изучува прашањето со даноците, воопшто даночниот систем во Македонија, оданочувањето на населението и слично. Таа имала седиште во Солун и со неа претседавал генералниот инспектор Хилми паша.[285] Нешто подоцна, во мај 1906 година Големите европски сили го прифатиле и османлиското барање за зголемување на царинската такса на увезуваната стока од 8 на 11 проценти, под услов, тие приходи, што Османлиското царство ќе ги остварува од повисоката царинска стапка, да одат за покривање на расходите на буџетот во трите македонски вилаети.[286] Токму, поради тој услов, и британската влада го прифатила бараното зголемување на увозните царини, и покрај тоа што тоа одело особено на штета на нејзините интереси. Исто така, услов на британската влада било и тоа средствата да бидат само за македонскиот буџет, и тоа во рок од седум години.[287] Конечно, сер Николас О` Конор на 25 април 1907 година во име на британската влада го потпишал Протоколот со кој се дава согласност за зголемување на увозната царина од 8 на 11 проценти во рок од седум години.[288]

Со формирањето на меѓународната Финансиска комисија се елиминирал привилегираниот статус на Русија и Австро- Унгарија во Македонија. Комисијата претставува значаен орган на Големите европски сили во Македонија, преку кој, македонското прашање станало предмет на разгледување на т.н. Концерт на Европа,

---

[280] Исто.
[281] Александар Растовић, Македонско питање у британском Парламенту 1903- 1908, Историјски часопис,књ. LIX Београд 2010, 380.
[282] Исто.
[283] Исто.
[284] Исто.
[285] Г.Тодоровски, Македонското прашање и реформите во Македонија..., 161.
[286] Исто, 162
[287] А. Растовић, Македонско питање у британском Парламенту..., 382.
[288] Исто.

и тоа како посебно. Комисијата ги составувала буџетите на трите румелиски вилаети, го разгледувала прашањето за одржувањето на патната мрежа, изградбата на училишта, финансирањето на администрацијата, воените единици, со што се ограничувал османлискиот суверенитет во Македонија. Затоа и биле всушност османлиските спротивставувања на меѓународната Финансиска комисија, под чија контрола биле ставени македонските финансии.

Велика Британија била иницијатор за спроведување на четвртата точка од Мирцштегската реформска програма која предвидувала судски реформи. Имено, се предвидувало реорганизирање на судските установи, во кои требало да бидат вклучени христијани и да се поттикнува месната самоуправа. Британскиот кабинет се залагал создадената меѓународна Финансиска комисија да го изработи проектот за судските реформи, но и да се преземат мерки за санирање на целокупната состојба во Македонија. Како и претходно, османлиските власти се обиделе да ги опструираат реформите и да го избегнат нивното спроведување на дело. Така, на првичниот руски проект за реформа на османлиското правосудство во Македонија кој се состоел во: - создавање орган, кој би бил повикан да го контролира негувањето на правото во Македонија;- Зголемување на бројот на веќе сега постојните турски правосудни инспектори и контрола врз нив од гореспомнатиот орган;- и зголемување на христијаните во редот на правосудните службеници,[289] Портата одговорила со своја иницијатива. Имено, османлиската иницијатива се состоела во основање комисија за истрага, која би се состоела од двајца високи функционери, со задача да ја надгледуваат целата правосудна организација во трите македонски вилаети. Во април 1907 година Портата именувала инспектори за правосудство и нивни помошници за трите македонски вилаети. Било предвидено, за Солунскиот и Скопскиот вилает инспекторите да бидат муслимани, а нивните помошници христијани, додека за Битолскиот вилает, инспекторот да биде христијанин, а неговиот помошник муслиман.[290]

Исто така, Портата одговорила со именување нови судии за политички престапи во Солун, Битола и Скопје, и формирала посебна комисија во Министерството за правда и вера, и отпочнала со разместување на одделни судски чиновници. Биле поставени државни обвинители по вилаетските судови, исто така и

[289] Австриски документи за реформската акција во Македонија...., 312.
[290] К. Сидовски, Италија и Македонија...,136.

одделни христијани кои завршиле правни науки, а бил донесен и посебен правилник, во кој биле изнесени мерките што требало да ги преземе Високата Порта за подобрување на судството.[291]

Сепак Големите европски сили не допуштиле да бидат надитрени од Портата. Така, тие презеле иницијатива за изработување на еден проект за судски реформи, кој требало да ѝ биде наложен на Портата. Оттаму, 1907 година била исполнета со развиена дипломатска активност и преписка во која се разгледувало донесувањето на судските реформи. Така, на 12 декември 1907 година биле поднесени предлог мерки за подобрување на состојбите во правосудството во Македонија: 1. Активирање на помирувачките судови; 2. Воведување на ослободување од такса за граѓански правни работи под определена сума; 3. Примање извршни службеници за судовите во казите и зголемување на бројот на веќе постојните извршни службеници за судовите во санџаците; 4. Основање Кривичен суд за престапи и прекршоци во Приштина заради распуштање на тамошниот Кривичен суд од прв степен, чија компетенција останува за прекршоци; 5. Основање Кривичен суд во Гевгелија, во чија надлежност би биле и соседните реони, со цел да се растовари Кривичниот суд од прв степен во Солун и соодветно забрзување на донесување на пресудите; 6. Покачување на платите за истражните судии во казите; 7. Покачување на моменталните месечни примања за резервните судии во сите судови; 8. Соодветно покачувања на примањата на претседателите и судиите во судовите од прв степен во санџаците и апелационите судови во вилаетските центри, како и на државните правобранители; 9. Зголемување на персоналот кај државните правобранители со доделување на по еден помошник за државните правобранители во вилаетските центри во Солун и Битола; 10. Доделување по еден помошник за трите правосудни инспектори по принцип на еден христијански инспектор му се доделува еден муслимански помошник и на еден муслимански инспектор му се доделува еден христијански инспектор; 11. Темелна инспекција на сите судови во македонските вилаети од страна на правосудните инспектори и нивните помошници најмалку два пати во годината;12. Потврда на принципот на неменување на судиите.[292]

Сепак во предлог-мерките недостигала европската контрола. Тоа било повод и за нови опструкции и конфликтни односи. Особено што, крајот на 1907 и почетокот

---

[291] Г. Тодоровски, Македонското прашање и реформите во Македонија..., 163.
[292] Австриски документи за реформската акција во Македонија..., 340-341.

на 1908 година Австро- Унгарија се здобила со концесии од султанот за железничка линија, на што Русија не гледала благонаклонето. Затоа, британскиот амбасадор во Истанбул, сер Николас О` Конор во писмото до британскиот министер за надворешни работи, сер Едвард Греј запишал дека не верува дека официјална Виена би предложила или учествувала во принудни мерки за султанот да ги спроведе судските реформи.[293] Исто така, О` Конор го соопштува и расположението во поглед дека и амбасадорите на останатите Сили дека го имале овластувањето за потпишувањето на судската Нота, но дека треба да се одложи наложувањето на Нотата на султанот, сфаќајќи дека всушност Нотата претставува уште една повреда на османлискиот суверенитет, и дека како таква постои голема веројатност да биде одбиена од султанот.[294] Едвард Греј возвратил дека секое одложување за спроведување на судските реформи, всушност значело „стопирање на напредокот на македонските реформи... и дека одговорноста за катастрофалните последици би биле нивни“.[295]

О` Конор сметал дека одложувањето на судските реформи немало генерално да ја измени генералната политичка положба во Македонија. Меѓутоа, евентуална телеграма со која Греј го објавувал своето откажување од натамошен напредок на македонските реформи би ја „вознемирило Русија и би ја насочила Австро- Унгарија сè повеќе кон Германија, покрај катастрофалниот ефект што би се создал на Балканскиот полуостров“.[296] И покрај постојаните опструкции во поглед на судските реформи, сепак имало нешто позитивно во целокупната состојба. Тоа било продолжувањето на мандатот на реформските органи и цивилните претставници.

До потпишување на Нотата за воведување реформи во османлиското правосудство за Македонија, сепак не дошло. Тоа било одложено на неодредено време. Во извадок од Годишниот извештај за Турција за 1908 година, се наведува дека поводот за пропаста на судските реформи лежел во „однесувањето на Австро-Унгарија“.[297] Секако дека во тоа играла улога и добивањето железнички концесии за Новопазарскиот Санџак. Австроунгарскиот изговор бил во назначување на христијански инспектори. Сепак, и покрај извршените измени, кај Николас О` Конор

---

[293] British documents on the origins of the war...,225.

[294] Исто, 226-227, Особено одредбата за вработување христијански службеници во државна служба, што била во спротивност со шеријатскиот закон во Царството, и тоа што одговорноста за спроведување на реформите лежела во Меѓународната Комисија ги плашело амбасадорите од ново одбивање.

[295] Исто, 227.

[296] Исто, 228.

[297] Исто, 230.

останал сомнеж дали назначување христијански инспектори било во надлежност на Финансиската комисија, што било повод за ново одложување.[298] Истовремено, се наведуваат и османлиските опструкции на спроведувањето на реформите. [299]

Австроунгарското добивање концесии за Новопазарската железничка линија, како и пропаѓањето на судските реформи, во потполност ја нарушиле смислата на Мирцштегската Антанта. Тоа претставувало сериозен удар за Русија, поради што министерот за надворешни работи Изволски ќе му изјави на британскиот амбасадор Николсон дека „...тој постепено сака да излезе од двојната акција со Австрија и себе си да се здружи во комбинација со оние сили кои се искрено желни за реформи. Јавното мнение е едногласно и остро се спротивставува на продолжувањето на соработката само со Австрија...“[300]

Сето ова придонело кај сер Едвард Греј да се појави иницијатива за нови реформи, чија цел била всушност да предизвика контраодговор од руска страна и на крајот Англија и Русија да излезат со заеднички предлог пред османлиските власти за нови реформи, кои би ги замениле пропаднатите Мирцштегски реформи. Врз овие размислувања одиграле улога и ново настанатите околности во меѓународните односи во светот. Имено, тогаш веќе се формирале двата меѓусебно спротивставени блокови- Централните сили и Антантата. По изгладувањето на меѓусебните односи, единственото поле каде Русија соработувала со Австро-Унгарија, а преку неа и со Германија бил Балканот. Оттаму и преку иницијативата за проширување на реформската акција во Македонија, се настојувала за британско-руско приближување, а со тоа и руско дистанцирање од Австро- Унгарија и Германија.

[298] Исто.
[299] Исто.
[300] Ј. Донев, Македонија во британско- руските односи....,107.

## 3. Ревалската средба и Младотурската револуција

Пропаста на судските реформи и Мирцштегската Антанта придонело кај британската влада да се појави иницијатива за нов реформски зафат. Така, кон крајот на 1907 година, англискиот министер за надворешни работи, сер Едвард Греј го актуелизирал прашањето за нови реформи во Македонија. Според неговата замисла, мирот во Македонија можел да се воспостави по примерот на Либан со именување на христијанин за генерален губернатор.[301] Тој сметал дека во интерес на султанот било „македонското прашање да ја загуби неговата акутна форма“, бидејќи „зад македонското прашање стои турското прашање“.[302] Во својот говор што сер Едвард Греј го одржал во британскиот Парламент на 25 февруари 1908 година, најавил нов пакет реформи за решавање на македонското прашање, кои по својот карактер биле доста радикални. Реформскиот пакет на сер Едвард Греј се состоел од четири дела. Првиот дел предвидувал зголемување на бројот на жандармериските трупи во Македонија, со тоа што офицерскиот кадар би бил од европските земји. Цивилните агенти и финансиските советници би биле подредени на врховниот гувернер како членови на влада. Вториот дел предвидувал смалување на бројот на османлиските војници. Третиот дел го гарантирал интегритетот на Македонија, а четвртиот дел предвидувал Македонија да добие автономен статус сличен на оној на Источна Румелија од 1878 година.[303]

Во намалувањето на османлиските воени трупи во Македонија, било најдено „решението“ за смалување на тешките задолжувања на македонскиот буџет кои биле „над сите граници.“[304] Преку смалувањето на трупите, ќе се создале доволно средства во македонскиот буџет за зголемување на бројот на жандармериските трупи. За нив требало да се определи посебна ставка во македонскиот буџет. Греј единствено во зголемувањето на жандармеријата, и создавање на мобилни стражи, гледал „ефективни мерки за уништувањето на бандите“.[305] Исто така и на офицерите требало да им се доделат извршни овластувања за подобрување на положбата на населението.

---

[301] В. Ѓорѓиев, Реформи за мир или одлагање на конфликтот..., 123.
[302] Исто.
[303] Александар Растовић, Реформски пакет Едварда Греја за Македонију 1908 године, Историјски часопис, књ. LVIII, Београд 2009, 262.
[304] ДАРМ, ФО, мф.31, Further correspondence respecting proposals by His Majesty`s Government for reforms in Macedonia, Turkey No.1 (1908), док. 1.
[305] Исто.

Сепак, ваквиот предлог не наишол на одобрување во престолнините на останатите Сили. Па така, на 3 март 1908 година Греј им упатил на сите Големи сили нови предлози за реформи во Македонија. Опишувајќи ја положбата во последните неколку години Греј заклучува дека „состојбата не е безнадежна, но таа не може да се лекува со полумерки".[306] Во својата телеграма до сер Берти, Греј ќе запише: „ ... Под македонското прашање всушност лежи турското прашање. Обидот да се реши македонското прашање што би ги поделил Големите сили, може да доведе до тоа Силите да го активираат турското, без да го решат македонското прашање. Кога ќе се случи тоа, македонските реформи ќе пропаднат, додека турското прашање, како што се покажало, ако го подели европскиот концерт може да се покаже како опасност за Европа... Со назначен гувернер на Македонија кој би бил со слободни раце, и неменлив освен со согласност на Силите, како и соодветна жандармериска сила и европски офицери во негова служба, земјата за кратко време би била исчистена од четите и би се пацифицирала за кратко време... Насилствата и безредијата би исчезнале, а граѓанските и финансиските реформи би доживеале рапиден прогрес. Околу тоа дали гувернерот би бил христијанин или муслиман, би било од помало значење, ако другите делови, како неговиот личен карактер, неговата моќ и положба би биле задоволувачки... Да се осигура неговата самостојност од Високата Порта, платата треба да биде гарантирана од Силите, и за тоа да биде определена ставка во македонскиот буџет".[307]

Исто така, официјален Лондон не би имал ништо против ако „цивилните агенти и финансиската комисија би останале под султанот, за финансирање на администрацијата... Потребно е да бидат смалени турските воени единици во Македонија... и дека Силите кои биле дел од Спогодбата, да ја гарантираат надворешната сигурност и интегритетот на овие провинции. Во исто време постојано да биде вршен притисок врз владите во Софија, Белград и Атина за стопирање на поминувањето на границата на нивните чети, и сопирање на нивната активност во македонските вилаети..."[308]

Свесен за радикалноста на своите предлози, Греј оставил впечаток на подготвеност, ако силите подготват други предлози, да ги проучи и да соработува со силите во преземање на секакви мерки нужни тие да се обезбедат. За тоа Греј му

[306] Ј. Донев, Македонија во британско- руските односи..., 110.
[307] ДАРМ, ФО, мф.31, Turkey No.1 (1908), док. 6.
[308] Исто.

пишува на британскиот амбасадор во Русија, сер Артур Николсон дека бил свесен „дека неговите реформи се порадикални отколку Силите сакале да бидат.“[309]

Британскиот предлог за реформи од 3 март 1908 година поттикнале и контрапредлози од руска страна. Рускиот одговор бил објавен на 31 март 1908 година. Во руската нота, министерот Изволски го делел мислењето на Греј за „моралната одговорност на Силите за олеснување на страдањата на населението во овие провинции на Отоманската империја, за враќање на редот и обезбедување на сигурноста на животот и имотите, со цел да се избегне опасноста по мирот.“[310] Неопходно било неодложно преземање мерки за подобрување на жандармеријата. Како прв чекор кон тоа би требало да се реши позицијата на Генералот во смисла да може да присуствува на седниците на Финансиската комисија, да расправа за административни прашања, но без право на глас.

Сепак, Изволски искажал несогласувања со британските предлози за формирање на мобилни жандармериски трупи, што би ја замениле војската во гонењето на четите, со што го одбил и предлогот за смалување на турските трупи во Македонија.[311] Изволски предложил именување на генерален инспектор во ранг на везир, кој би бил со определен мандат на траење, не пократок од траењето на договорот за зголемување на царините за 3 %. Исто така, во нотата се предлагало извршувањето на финансиските, судските и административните реформи да се доверат на Финансиската комисија, со тоа што членовите на Комисијата од Италија, Германија, Франција и Велика Британија ќе се здобијат со истите права што ги поседуваат рускиот и австро-унгарскиот цивилен агент. Сите членови на Комисијата би биле во служба на султанот, а во нејзина надлежност би се ставило и подготвувањето на правилникот за селските чети.[312]

Ваквиот руски одговор предизвикал нова британска иницијатива. Така, на 4 април 1908 година Греј упатил Меморандум до рускиот, австроунгарскиот, францускиот и германскиот амбасадор. Во Меморандумот се изнел одговорот на рускиот предлог за реформи. Британската влада со задоволство констатирала дека руската влада се сложувала за „итноста од воведување на енергични реформи и

[309] British documents on the origins of the war..., 235.
[310] Ј. Донев, Македонија во британско- руските односи..., 124.
[311] Исто.
[312] Исто, 125.

моралната одговорност на Големите сили посериозно да се задржат на тој проблем".[313] Сепак, се изразувало жалење што руската влада сметала дека е невозможно да се дојде до дискусија за смалувањето на турските трупи. Поддржан бил рускиот став за прифаќање на англискиот предлог „за зголемување на власта на жандармеријата".[314] Англиската влада исто така се согласувала со рускиот предлог за формирање селски стражи кои ќе бидат под врховен надзор и контрола на жандармеријата. Сепак, официјален Лондон тоа го условил со наоѓање средства за нивно финансирање. Греј алтернативата ја гледал повторно во намалувањето на турските трупи во Македонија. Исто така се поздравил и руското прифаќање на британскиот предлог да се постави еден генерален инспектор во ранг на везир со административна власт, кој би имал овластување да го одобрува буџет без обѕир на Портата, а на располагање би имал и „извесен број мобилни трупи за употреба против четите".[315] Во Меморандумот се изнела и англиската подготвеност да го прифати рускиот предлог за проширување на правата на цивилните агенти и делегатите поради „поефикасна контрола над администрацијата".[316]

Сепак, простор за приближување на англо- руските ставови сѐ уште постоел. Во почетокот на април 1908 година почнало да се отвора и прашањето за меѓусебна средба на британскиот крал и рускиот цар. На 23 април 1908 година Изволски упатил Нота до британската влада како одговор на Меморандумот на сер Едвард Греј од 4 април. Изволски во нотата се обидува да ги ублажи скоро сите британски предлози прикажувајќи ги како „проблеми што во најголем број претходно веќе се регулирани. Во прашање е само нивно доследно спроведување".[317]

И покрај тоа, оваа нота, како и британската од 15 мај 1908 година покажала дека била постигната согласност за рангот и мандатот на генералниот инспектор, како и потребата од зголемување на бројот на жандармеријата. За мобилните трупи, начелна согласност била постигната, но британската влада барала да се изработи посебен акт за нивно организирање и користење. Повторно Греј инсистира и на „прашањето за давање извршна власт на жандармериските офицери, како и на

[313] А.Растовић, Реформски пакет Едварда Греја....,269.
[314] Исто.
[315] Исто.
[316] Исто, 269- 270.
[317] Ј. Донев, Македонија во британско- руските односи...,130.

правото на финансиската комисија да ја контролира работата на локалните судови".[318]

Како што се наближувал терминот за средбата меѓу Едвард VII и Николај II, така преговорите се забрзувале. Како прашање што предизвика интензивна преписка меѓу двете влади било прашањето за формирање на мобилни трупи во Македонија. Изволски се согласил со формирањето на мобилните трупи, што би се ставиле под команда на Хилми- паша, што овозможило официјален Лондон да изработи работна верзија што била прифатена на 2 јуни 1908 година од страна на Изволски. Работната верзија требало да послужи како основа за вербален дијалог, а содржела забелешка дека Русија не дозволува нејзините офицери да учествуваат во вооружените судири со христијанското население.

Конечно по последните преговори дошло до јасно приближување на англо-руските ставови. Единствените разлики во поглед на македонското прашање можеле да се сместат во две точки: проблемот на овластувањата на генералниот инспектор да именува службеници и прашањето за одобрување на буџетот на македонските вилаети, што биле предмет на дисусијата меѓу Хардинг и Изволски при средбата на двата императори во Ревал, на 9 и 10 јуни 1908 година.[319]

Ревалската средба се одржала на 9 и 10 јуни 1908 година во гратчето Ревал, денешен Талин во Естонија. На средбата присуствувале рускиот цар Николај II и англискиот крал Едвард VII, како и претседателот на руската влада, Столипин и министерот за надворешни работи, Изволски како и британскиот амбасадор во Русија, Чарлс Хардинг. На средбата биле разгледувани повеќе прашања, но посебен акцент бил даден на македонското прашање. На оваа средба била постигната усогласеност во ставовите меѓу Лондон и Петроград, што на некој начин го зацврстило руското определување кон Антантата. И покрај тоа што Изволски не го прифатил британскиот предлог султанот да ги потврдува службениците именувани од генералниот инспектор, сепак било потенцирано дека меѓу двете влади не постојат разлики во однос на овластувањата на странските офицери и нивното учество во гонењето на четите.[320] Бил презентиран планот за пацификација на Македонија, кој бил прифатен од Русија. На Ревалската средба бил постигнат договор за меѓусебна

[318] Исто, 132.
[319] Исто, 134.
[320] British documents on the origins of the war...,240.

поделба на задолженијата за шемата на реформите. Така, Велика Британија требала да подготви нацрт на договорот за мобилни трупи, додека Русија шема за останатите реформи.[321]

Согласно тоа, на 17 јуни 1908 година Велика Британија истапила со Нота за формирање на мобилни трупи. Во нотата, било предвидено да се формираат мобилни трупи, кои ќе му бидат ставени на располагање на генералниот инспектор. Трупите би биле командувани од турски офицери избрани од Хилми- паша по консултации со жандармерискиот генерал и формално именувани од Султанот.[322] Во составот на мобилните трупи ќе има и коњаница, неопходна за комуникација меѓу единиците, но и брзо гонење на четите. Шемата за соработка би била изработена од страна на генералниот инспектор, жандармерискиот генерал и командниот кадар на мобилните трупи.

Скоро еден месец подоцна, бил испратен рускиот одговор. Во руската нота се предвидувало жандармерискиот генерал да учествува во работата на Финансиската комисија и за административни прашања; сите офицери на жандармеријата да бидат во османлиска служба; зголемување на бројот на жандармеријата. Исто така, Финансиската комисија требало да изработи и Правилник за примена на жандармеријата, но и на овластувањата на жандармериските офицери. Странските офицери да не учествуваат во гонењето на стражата, како и да се воспостави селска стража, чии членови ќе ги назначуваат властите по предлог на жандармеријата, и ќе се плаќа редовно. Се предвидувало сите членови на Финансиската комисија да ги имаат истите права како и рускиот и австро-унгарскиот цивилен агент, и да ја контролираат работата на локалните судови. Во поглед на позицијата на генералниот инспектор, руската влада предлага тој да биде во ранг на везир, да е непроменлив за одреден период на години, но не помалку од траењето на договорот постигнат за зголемување на царините за 3 %, пензијата за генералниот инспектор да биде гарантирана од Силите, со правилник што би го изработила финансиската комисија; генералниот инспектор да има право да ги отповикува државните службеници, по претходни консултации со валиите, а согласно инструкциите има извршно право да именува службеници и да им дава инструкции.[323]

[321] Ј. Донев, Македонија во британско- руските односи..., 136.
[322] Исто.
[323] Исто, 138- 139.

Во поглед на хроничниот дефицит на македонскиот буџет, се предлагало Финансиската комисија прво да ги подмири цивилните потреби, а остатокот да се предаде на Портата за воени расходи. За да не дојде до опструкција на буџетските средства од страна на османлиските службеници, предложено е обезбедување на брза примена.[324] Вака изложениот руски предлог бил во потполност прифатен од страна на сер Едвард Греј. Единствено, тој имал забелешка платите на цивилните агенти да бидат на товар на Силите, а не на македонскиот буџет.

Односот на Големите сили кон овој британско-руски предлог за реформи во Македонија, зависел од моменталната поставеност и поделеност на силите во блокови. Оттаму, и нивното прифаќање или неприфаќање на предлогот зависел од сојузничките односи во тој момент. Така, францускиот став кон најновиот британско-руски предлог за воведување мобилни трупи во Македонија, бил доста позитивен. Полека, но сигурно „на европскиот политички хоризонт отпочна да се појавува Антантата“.[325]

Од друга страна пак, кај Централните сили постоела загриженост поради ваквото групирање и сè поизвесното британско-руско зближување. Особено бил карактеристичен бил случајот со Германија, поради нејзините традиционално добри односи со Османлиската Империја. Од една страна, одбивањето на реформскиот проект би довел до сè посилно зближување меѓу Англија и Русија, додека пак прифаќањето би довело до заладување на односите со султанот. На крајот, во првата половина на јули 1908 година германската дипломатија објавила дека го прифаќа британскиот предлог за мобилни трупи, и дека „во пријателски дух и благонаклоно ќе ги разгледа руските предлози“.[326] Италија декларирала воздржаност, додека Австро-Унгарија објавила дека го прифаќа британскиот предлог за мобилни трупи. Италијанската дипломатија сепак и покрај воздржаниот став објавила дека ако руската влада го смета тоа за потребно, ќе го поддржи предлогот во Лондон.[327]

Тоа значело дека само Османлиската Империја бил единствен противник на понудените решенија. Немоќта на владеачките кругови на Османлиската Империја да се спротивстават на отвореното мешање на Големите сили во внатрешните работи на

---

[324] Исто, 139.
[325] Исто, 141.
[326] Исто, 145.
[327] Исто, 142.

Империјата, самоволието и апсолутистичкиот режим на Абдул Хамид II, како и заостанатоста и длабоката криза во секој сегмент на османлиското општество, ги создало условите за појава и развој на младотурското движење. Гласините дека на средбата на британскиот и рускиот суверен во Ревал била постигната согласност за автономија на Македонија, го оформиле поводот за избувнување на Младотурската револуција. Револуцијата била објавена токму во Македонија, каде всушност се преплетувале сите проблеми како и интереси на Османлиското царство.

Младотурската револуција се случила во јули 1908 година. Притиснат од масовноста на движењето, особено меѓу османлиските офицерски корпуси, султанот Абдул Хамид II бил принуден да го врати на сила суспендираниот Устав од 1876 година, и да закаже избори за Парламентот за во септември.[328] Брзата согласност на султанот да го врати на сила Уставот од 1876 година, прогласувањето на општата амнестија, како и прифаќањето на парламентарната борба како начин за остварување на стремежите на македонскиот народ, односно легализирање на својата дејност од страна на револуционерните кадри на некогашната ВМОРО, било примено од Големите сили со изразито олеснување и задоволство. Оттаму, рускиот министер за надворешни работи, Изволски ги информирал руските дипломатски претставници во европските престолнини, дека со новите настани во Турција „било нецелесообразно да ѝ се врачува на Високата Порта нов проект за реформи, бидејќи секакво мешање во внатрешните работи на Турција, можело да има за последица задушување на реформите спроведувани од Турција“.[329] Особено што, и младотурскиот чин всушност, бил насочен против мешањето на Големите сили во внатрешните работи на Империјата.[330]

Британскиот амбасадор во Русија, Хардинг се искажал дека „успешниот исход на Младотурската револуција им пружи шанса, да ја прикријат пред јавноста, целата своја импотентност во однос на реформската акција во Македонија.“[331] Согласно

---

[328] Stefan Sotiris Papaioannou, Balkan wars between the lines: violence and civilians in Macedonia, 1912- 1918, Maryland 2012, 84.
[329] Г. Тодоровски, Македонското прашање и реформите во Македонија..., 234.
[330] Ј. Донев, Македонија во британско- руските односи..., 150. Осврнувајќи се на надворешната политика на Абдул Хамид, младотурците забележале дека „... Таа погубна политика... доведе до територијално намалување на Империјата. Ако таквата политика продолжи уште некое време, тогаш и другите региони, такви како Албанија и Македонија, Арабија и Ерменија, за кратко време, неизбежно ќе бидат отргнати од Империјата и ќе попаднат под алчните раце на државите што се стремат кон зголемување на своите територии или зголемување на своите колонии...“
[331] Исто, 153.

својата политика кон Високата Порта, официјален Лондон на 27 јули 1908 година, му наложил на својот амбасадор да му го честита донесувањето на Уставот со надеж дека „воведувањето на добра администрација ќе ги отстрани сите проблеми во Македонија“.[332] Во тој контекст, амбасадорот требало да го извести Везирот дека проектот за мобилни трупи во Македонија немало повеќе да биде актуелен, бидејќи обезбедувањето на животот и имотот ќе го преземе турската влада. Фактот дека македонските востанички чети го положиле оружјето, а четите на странските пропаганди ја напуштиле Македонија придонело за тоа Греј да го извести Изволски дека најдобро било да се суспендира предлогот за формирање мобилни трупи.[333]

По патот на Англија наскоро тргнала и Русија. Така, на 7 август 1908 година и руската влада ги известила останатите влади дека со оглед на новонастаната ситуација го суспендира својот реформски предлог, и препорачува слична воздржаност и на останатите влади.[334]

Сепак, по првиот бран революционерни настани, султанската реакција се соземала и презела контраудар. Во прилог на султанската реакција оделе и настаните кои довеле до губење на османлиски европски поседи, со што интегритетот на царството било нарушено. Станува збор за австроунгарската анексија врз Босна и Херцеговина, како и прогласувањето на независноста од страна на Бугарија. За извесен надомест и обештетување, Портата ги признала анексијата на Босна и Херцеговина и независноста на Бугарија, што довело до формално губење на овие региони. Така, на 13 април 1909 година султанската реакција извршила контраудар и го укинала повторно Уставот. Започнало прогон на младотурците. Сепак, тие добиле масовна поддршка. Во поддршка на младотурците под командата на Махмут Шефкет-паша, командантот на Третиот армиски корпус, учествувале и околу 1200 македонски доброволци. По тридневни борби, на 24 април 1909 година контрареволуционерниот преврат бил задушен, а Абдул Хамид бил принуден да абдицира од престолот. На негово место бил назначен Мехмед V Решид.

По априлските настани, Младотурците го насочиле општествено- политичкиот развиток на Македонија, а со тоа и на Империјата, така да тој постепено водел кон

---

[332] Исто.

[333] Исто, Ваквиот став Греј го повторил и во Парламентот на 28 јули, изјавувајќи дека Велика Британија ќе го следи развојот на настаните во Османлиската Империја и ако има потреба ќе се продолжи со реформската акција.

[334] Исто, 154.

„ликвидација на револуционерните придобивки и кон враќање на немирната, хаотична положба".[335] Особено во прилог на ова оделе последиците од донесениот Закон против четите во румелиските вилаети, како и обновените дејства на вооружените странски пропаганди. Кризата во Империјата и натаму се заострувала така што последните години од османлиското владеење во Македонија се карактеризираат како период на „тотална криза во економскиот и општествено-политичкиот систем на Османлиската империја".[336]

Покрај тоа, Младотурците го изнеле своето гледиште дека Турција ќе ги почитува меѓународните договори, но морал и да се „почитува престижот на својата нација".[337] Ова било протолкувано на начин што „реформската акција на Големите европски сили во трите румелиски вилаети треба да заврши".[338] Сепак, не било објавено официјално барање од младотурските власти за повлекување на странските офицери. Дури и генералот Робилант, кој го наследил Де Џорцис на функцијата по неговата смрт во март 1908 година, се искажал дека не било пожелно да се повлекуваат странските жандармериски офицери. Сепак, тоа прашање станало доста акутно и актуелно.

Така, Велика Британија ја разгледувала состојбата на своите офицери во Драмскиот санџак, и барала соодветни опортуни причини тие да останат на своите дотогашни позиции. И младотурските органи укажувале дека самиот младотурски чин имал првостепена задача реформирање на турското општество во сите области, па оттаму не биле нужни никакви реформи во Турција да се спроведуваат под странска контрола. И покрај тоа, меѓу претставниците на Големите европски сили, со исклучок на Австро- Унгарија, се усогласило единствено гледиште дека по прашањето за повлекувањето на странските жандармериски офицери од трите румелиски вилаети треба да се постигне заедничко мислење.[339] Оттаму, претставници на Велика Британија, Франција, Русија и Италија, по усогласувањето на своите ставови, на 8 септември 1908 година ѝ упатиле Нота на Високата Порта во кое се барало објаснување од неа за прашањата во врска со натамошното спроведување на

---

[335] К. Сидовски, Италија и Македонија..., 159.
[336] Исто, 160.
[337] Г. Тодоровски, Македонското прашање и реформите во Македонија..., 241.
[338] Исто.
[339] Исто, 245, Австро- Унгарија ги повлекла поголемиот дел од своите офицери од Скопскиот сектор.

реформите во трите вилаети, и во тој контекст, прашањето за натамошното останување на странските жандармериски офицери во Македонија.

Османлискиот одговор набрзо пристигнал. Имено, во декември 1908 година Хусеин Хилми- паша бил повлечен од функцијата генерален инспектор на трите румелиски вилаети и заменет со Махмуд Шефкет- паша, кој бил далеку од интелектуалната способност и енергичност на Хилми- паша, кој бил и внатрешното јадро на меѓународната реформска акција во Македонија.[340] На 10 декември 1908 година османлиското министерство за надворешни работи ги информирало британската, италијанската, француската и руската дипломатија дека го прифаќа предлогот на Големите европски сили да дадат отказ без рок, притоа искажувајќи „благодарност за службата што странските жандармериски офицери чесно ја вршеле за сето време на нивното службување".[341] Особено се оддолжило сепак прашањето за обештетување на странските офицери за шест месеци „за прераното откажување на договорите".[342]

По постигнатата согласност за давање отказ на странските жандармериски офицери во трите румелиски вилаети меѓу Големите сили и Високата Порта, следело повлекувањето кое требало да биде симултано. Така, на 26 февруари 1909 година, руските офицери ја напуштиле Македонија, а до крајот на март 1909 година Македонија ја напуштиле и останатиот контингент на австро-унгарски офицери.[343]

Во меѓувреме, Портата се решила да изврши реформирање на целата жандармерија во Империјата. Заради тоа, генералот Робилант бил повторно ангажиран во нејзина служба. Империјата била административно поделена на шест окрузи, а во нив биле распоредени 24 англиски, француски и италијански офицери. Во почетокот на јуни 1909 година Робилант од Солун заминал за Цариград, со задача да работи на реорганизирањето на османлиската жандармерија во целата Империја.[344]

Со повлекувањето на офицерите од Македонија, во неа останале уште два органи на европската контрола на спроведување на реформите. Првиот бил

[340] Исто, 251.
[341] Исто, 247.
[342] Исто.
[343] Исто, 249.
[344] Исто.

цивилните агенти, но сепак, нивната улога се свела само на набљудување и учество на седниците на вториот орган- Меѓународната финансиска комисија. Нејзината работа постепено била ограничувана од младотурската влада, а месните органи откажувале да ги исполнуваат барањата што доаѓале од нејзина страна. Османлиската влада настојувала всушност, да ја откаже работата на оваа комисија, и нејзините членови „да ги привлече за работа во турска служба и натаму, за „реорганизирање" на финансиите во Империјата".[345]

Германија и Австро- Унгарија дале согласност за ова барање на османлиската влада, додека Велика Британија искажала резерва. На 7 мај 1909 година, Високата Порта упатила официјално барање до Големите сили Меѓународната финансиска комисија да престане со работа, додека приходите што биле добиени како резултат на зголемувањето на царините од 8 на 11 проценти и натаму да бидат за македонските вилаети. Два дена подоцна, на 9 мај 1909 година, стигнал рускиот одговор со кој се дава согласност да се отповика рускиот претставник во Комисијата, со барање и натаму да се спроведуваат административните и финансиски реформи. Во јули 1909 година започнала процедурата за расформирањето на Меѓународната финансиска комисија.[346] Притоа, била искажана желба од Големите сили, новата комисија со седиште во Цариград, која би се занимавала со реорганизација на финансиите на целата Империја, да биде составена од дотогашните претставници на Големите европски сили во Меѓународната финансиска комисија, во друго својство и со друг статус.[347] Сепак, одговорот од османлиска страна бил негативен и покрај германската и руската согласност. Портата сметала дека формирањето на таква комисија во Цариград било нејзино прашање и таа ќе го изврши изборот на членовите на комисијата.

И покрај несогласувањето од Високата Порта, сепак било предложено да се достави колективна Нота до Портата, во која било предвидено расформирањето на Меѓународната финансиска комисија. Расформирањето на Комисијата било предвидено за септември 1909 година. На 22 август 1909 година руската влада ја известила Портата за нејзината желба да го повлече својот цивилен агент, а нешто претходно таа можност била разгледувана и во Виена. Веќе на 24 септември 1909 година, Високата Порта го објавила решението за престанување со работа и

[345] Исто, 252.
[346] Австриски документи за реформската акција..., 409.
[347] Г. Тодоровски, Македонското прашање и реформите во Македонија..., 253.

расформирање на Меѓународната финансиска комисија и на работата на цивилните агенти во Македонија.[348] Истовремено, Големите европски сили биле информирани дека процентот од зголемената царинска такса од 3% ќе биде задржан и натаму ќе се однесува за Македонија.[349] Со тоа формално биле задоволени барањата на Големите европски сили и „грижата“ за натамошниот напредок на трите румелиски вилаети.[350]

Така, со престанувањето на работа на Меѓународната финансиска комисија и цивилните агенти во Македонија, и претходното повлекување на странските жандармериски офицери, и официјално престанала меѓународната контрола за спроведувањето на реформите во Македонија, и Мирцштегскиот реформски процес, кој ги опфаќал наведените реформи. Во Македонија биле востановени обичните конзулски служби на Големите сили, какви што постоеле и пред почетокот на Мирцштегските реформи.

---

[348] Исто, 254.
[349] Исто.
[350] Исто.

## 4. Последни обиди за решение

Откажувањето на Големите сили од натамошното спроведување на реформите во Македонија, само ја одложи употребата на македонското прашање како тактичко, во одредувањето на глобалниот однос на силите. Одложувањето било од моментален карактер, до Балканските војни 1912/1913 година, кога тоа повторно се појави на сцена, како монета за поткусурување во односите меѓу балканските држави. Периодот од 1909 до 1911 година е исполнет со засилени контакти меѓу балканските држави, кои довеле до формирањето на Балканскиот сојуз. Особено клучна улога во формирањето на Сојузот играла Русија, која сакала да го насочи против австроунгарскиот продор на Балканот. Поради доаѓањето на проанглиски ориентираниот Ќамил- паша на чело на новиот младотурски кабинет, Англија се откажала од натамошно инсистирање за спроведување на реформи во Македонија.

По тој повод, англискиот министер за надворешни работи, сер Едвард Греј во разговор со австроунгарскиот амбасадор во Лондон, Менздорф, соопштил дека „за него македонското прашање постои само како алтернатива; „добра или лоша управа". Кога Турците би биле во состојба да воведат добра, праведна управа, тогаш македонското прашање за неколку месеци би го снемало и би бил среќен кога не би морал да се занимава со него".[351]

Сепак, Македонија и македонското прашање, биле предмет на размена на ноти меѓу Османлиското царство и силите учесници во реформската акција, во 1909 година, по повод турската реакција на одлуката на Критскиот парламент за обединувањето со Грција.[352] Русија, Франција, Велика Британија и Италија кои биле „заштитнички" на Крит, упатиле колективна Нота, која се однесувала и на Македонија. Во Нотата се велело амбасадорите на силите „се задолжени од нивните влади да ја потсетат Високата Порта дека прашањето на Македонија е од европски интерес..."[353] Германскиот амбасадор во Цариград изјавил дека оваа Нота „ќе ги раздразни Турците, бидејќи во неа „прашањето за Македонија" е претставено како прашање од европски интерес, поради што Османлиската империја не смее да испровоцира воен случај без претходно да побара интервенција од потписничките на

[351] Австриски документи за реформската акција....,385.
[352] В. Ѓорѓиев, Реформи за мир или одлагање на конфликтот...,125.
[353] Исто.

Берлинскиот договор“.[354] Дека германскиот амбасадор бил во право, може да се заклучи од извештајот на амбасадорот од 5 септември 1909 година до Берлин, во кој се вели дека Рифат паша му приговорил во врска со изразот „македонско прашање“, и го навел аргументот дека „откако реформската акција не успеала, тешкотиите во Македонија потекнуваат само од барањата и освојувачките страсти на малите балкански држави“.[355] Затоа требало да се отфрли како „напад врз турските права на сувереност“, барањето дека Портата поради Македонија не смее да направи „повод за војна“.[356]

Во предвечерието на Балканските војни, светот веќе бил блоковски поделен. И двата блока, Централните сили, и Антантата, го сметале Балканот како како особено важно стратегиско подрачје во евентуалниот иден светски воен судир. Заради тоа, и двата блока работеле на тоа да ги привлечат балканските држави на своја страна. Русија го поддржувала формирањето на Балканскиот сојуз, дури и играла активна улога во формирањето на истиот. Српско-бугарскиот договор претставувал круна на руската улога во формирањето на Сојузот. Англија и Франција пак ја поттикнувале Грција да пристапи кон Сојузот.

Меѓутоа, Големите сили упорно инсистирале тој сојуз да биде дефанзивен, и да не биде антитурски.[357] Сепак, наспроти политиката на Големите сили, малите балкански држави сметале дека е крајно време да се активираат против Османлиската Империја. Особено што, со наметнувањето на политиката на централизација и отоманизација, и новите младотурски власти се компромитирале и наскоро продолжиле со елиминирање на револуционерните придобивки. Итало-османлиската војна, и албанските бунтови, го забрзале формирањето на Балканскиот сојуз во текот на 1912 година. Паралелно со преговорите, биле извршени терористички напади врз железницата, како и објекти од јавен интерес, кои биле само вовед во она што следело есента 1912 година.[358] Овие напади, повлекле своевидни османлиски одмазднички акции и репресалии врз месното македонско население. Конечно, по предавањето на еден формален ултиматум за реформи во Македонија, со неприфатливи услови за

---

[354] Исто.
[355] Германски документи...,265, В. Ѓорѓиев, Реформи за мир или одлагање на конфликтот...,126.
[356] Исто. Германскиот амбасадор претпоставувал дека првобитниот поттик за пасусот потекнал од англискиот кабинет.
[357] П. Стојанов, Македонија во политиката на Големите сили..., 63-64.
[358] Петар Стојанов, Македонија во времето на Балканските и Првата светска војна (1912- 1918), Скопје 1969, 37-38.

Османлиското царство, и како таков одбиен од османлиска страна, на 18 октомври 1912 година Србија, Бугарија и Грција ѝ објавиле војна на Турција, и се приклучиле на Црна Гора, која од 9 октомври 1912 година веќе војувала против турските единици.[359] На тој начин започнала Првата балканска војна. Текот на Балканските војни од 1912 и 1913 година сепак не се предмет на интерес на оваа теза. Оттука, само еден заклучок дека Букурешкиот мировен договор од 10 август 1913 година кој стави крај на борбените дејствија, оставил катастрофални последици за македонскиот народ, а исполнил само дел од завојувачките стремежи на балканските држави. Договорот не ги решил отворените прашања меѓу балканските земји, туку напротив од Македонија направил јаболко на раздорот во нивните меѓусебни односи. Последиците од тоа се чувствуваат и денес.

Велика Британија по Младотурската револуција и настаните што довеле до крај на реформскиот процес во Македонија, се држела воздржано кон сите овие настани. По тој повод сер Едвард Греј, британскиот министер за надворешни работи ќе рече: „Би било наша грешка, ако би презеле иницијатива против Австро-Унгарија на Балканот; На Русија е да одлучи што сака и да ни пријде ако тоа сака да го направи. Ако ние преземеме иницијатива до Русија за креирање балканска политика, би биле повеќе од што треба или би било мудро за нас да бидеме вмешани во балканските работи“.[360]

Единствено уште на Лондонската мировна конференција, која стави крај на Првата балканска војна, самите османлиски власти предложиле програма за реформи кои треба да донесат автономија на Македонија, што било во правец кон интересите на македонското население. Сепак, овој предлог бил одбиен од останатите учесници на Конференцијата, бидејќи веќе сојузниците ги окупирале и поделиле македонските територии меѓу себе. Незадоволството од начинот на кој било направено тоа, бил поводот за Втората балканска војна, која заврши со мирот во Букурешт.

[359] Исто, 42.
[360] R. J. Crampton, The Balkans, 1909- 1914..., 257.

## ЗАКЛУЧОК

Меѓународните односи во светот кон крајот на XIX и почетокот на XX век се карактеризирале со политиката на рамнотежа на силите. Ова единствено можело да биде постигнато со самоограничувања на членките на т.н. Концерт на силите во креирањето на надворешната политика. Тоа е период кога се формирале контурите на двете меѓусебно спротивставени коалиции во Првата светска војна.

Потпишувањето на Тројниот сојуз во 1882 година меѓу Германија, Италија и Австро-Унгарија го означило почетокот на групирањето на европските сили во два блока. Русија и Франција во 1891-93 година го формирале Двојниот сојуз. Велика Британија се повлекла во „совршена (сјајна) изолација“. Сепак, во почетокот на XX век почнала да се приклонува кон француско-рускиот сојуз.

Така, кризата во односите меѓу Англија и Франција во врска со т.н. Фашода инцидент била решена со договорот од 1899 година со кој официјален Лондон го признал францускотo право над Мароко, а Париз- англиското право над Египет. Сепак, до формирањето на Антантата сеуште не било дојдено. Напротив, сеуште биле затегнати односите меѓу Англија и Русија. Така, како одговор на руските напредувања во Азија, Велика Британија склучила договор за сојуз во Јапонија. Обезбедувањето моќен сојузник придонело кај Јапонија да ги забрза подготовките за војна и да ѝ објави војна на Русија. Војната завршила со мирот во Портсмаут од 1905 година, со кој Русија го признала поразот.

Преговорите меѓу Англија и Франција се засилиле со текот на војната меѓу Русија и Јапонија и довеле до формирањето на англо-францускатa Антанта на 8 април 1904 година. Следен чекор било приближувањето кон Русија. Со компромисно решавање на кризните прашање во англо-руските односи, во август 1907 година бил склучен англо-рускиот договор. Светот бил блоковски поделен.

Големата источна криза во 70-те години на XIX век довело до реактивирање на Источното прашање. Велика Британија особено се ангажирала во решавањето на кризата која завршила со Берлинскиот конгрес во 1878 година. Официјален Лондон посебно се ангажирал во анулирањето на одредбите од Санстефанскиот прелиминарен мировен договор за создавање на голема словенска држава. Решенијата на Конгресот оставиле доста отворени прашања кои би довеле до

експлозија на Источното прашање. Првото нарушување на Берлинскиот поредок дошло од страна на Бугарија. Со британска поддршка, во 1885 година дошло до обединувањето на Источна Румелија со Бугарија, која сепак резултирала со испразнување на бугарскиот престол и нова криза која на крај завршила со назначувањето на Фердинанд за бугарски кнез. Неговото меѓународно признавање се случило дури во 1896 година.

Сепак, Англија поактивно се ангажирала во Источното прашање по ерменските настани од 1896 година. Единствено, таа нудела радикални реформи за решавање на кризата, напуштајќи ја претходната ориентација за зачувување на територијалната целост на Османлиската империја. Меѓу причините за тоа е сѐ позасиленото германско влијание во Високата Порта, кое се гледа во тоа што Османлиите ја добиле војната против Грција во 1897 година со германско оружје, како и германски инструктори. Исто така, било сѐ поизвесно и железничкото поврзување на Берлин со Багдад, со што осетно би биле загрозени британските стратешки интереси во поглед на Индија.

Во поглед на заговорот кој резултира со смена на династијата во Србија, официјален Лондон не го признавал новиот режим сѐ до 1906 година кога биле повторно воспоставени дипломатски односи. Во поглед на Младотурската револуција од 1908 година, Англија го поздравила новиот младотурски режим, но се однесувала воздржано кон Балканскиот полуостров.

Првите преговори и контакти за поделба на османлиското наследство меѓу балканските држави се случиле во 60-те години на XIX век. Сепак, тие добиваат повеќе на интензитет по Берлинскиот конгрес од 1878 година. Владеачките кругови на Србија, Бугарија и Грција се сметале за оштетени од решенијата на конгресот, па наспроти официјалната статусквo политика на Големите сили, балканските држави се стремеле кон нарушување на истото. Сепак, сфаќајќи дека сами не можат да ја победат османлиската армија, балканските влади воделе преговори за меѓусебно сојузување. Меѓутоа, често пати нивните преговори запаѓале во ќор сокак поради судирот на меѓусебните интереси кој се случувал особено во поглед на Македонија. Исто така, особена улога играле и жестоките пропагандни дејствија кои резултирале со поделеност на македонското население. Сепак, по младотурските настани, дошло до забрзување на преговорите меѓу балканските земји, при што особено улога во

зближувањето особено меѓу Србија и Бугарија играла Русија. Со Балканскиот сојуз се стремело да се спречи австро-германскиот продор на Балканот, кое од англиската дипломатија го сметала за значајно подрачје на патот кон Индија. Затоа, и официјален Лондон со симпатии гледал на зближувањето меѓу Србија и Бугарија, иако ја поттикнувал Грција да пристапи кон сојузот. Сепак, противречностите меѓу сојузниците не биле решени со формирањето на Сојузот. Напротив, тие дошле до израз по Првата балканска војна и биле поводот за Втората балканска војна.

Формирањето на Македонската револуционерна организација во Солун во 1893 година го издигнало македонското револуционерно и националноослободително движење на квалитативно повисоко ниво. Со својата дејност МРО/ТМОРО го актуелизирала македонското прашање на меѓународен дипломатски план. Така, со него се занимавале дури и највидните политички личности кон крајот на XIX век, како сер Вилијам Едвард Гледстон, британскиот премиер во четири мандати. Тој во писмото до „The Byron society" ќе ја искаже паролата „Македонија на Македонците". И покрај тоа што, британскиот конзул во Софија ќе му изјави на бугарскиот министер за внатрешни работи дека Англија не била подготвена на војна против Турција заради Македонците, сепак британскиот амбасадор во Цариград, го предупредил Абдул Хамид II дека може да ја загуби Македонија.

Сепак, македонското револуционерно движење дошло во судир со официјалната статус кво политика на Големите европски сили кои „решението" на кризата го гледале во реформи, кои биле парцијални и не ги задоволувале желбите на македонскиот народ.

Илинденското востание од 2 август 1903 година го актуелизирало македонското прашање како одделно од глобалното Источно прашање. Тоа предизвикало раздвижување на европската дипломатија. Се издвоиле две концепции за решавање на македонското прашање. Меѓу автономистичката концепција поддржана од Лондон, и рестриктивната, поддржана од Виена и Петроград, победила втората. Сепак, дел од предлозите на Лондон нашле примена и во Мирцштегските реформи, изработени од Виена и Петроград.

Мирцштегските реформи биле донесени со цел елиминирање на македонското револуционерно движење како извор на нестабилност, но тие самите претставувале дестабилизирачки фактор. Третата точка од програмата ја вовела Македонија во

неформална граѓанска војна. Неединството меѓу Големите сили се чувствувало и при донесувањето на Мирцштегските реформи, особено при распределбата на секторите. Чувствувајќи го тоа неединство, османлиските власти лавирала меѓу нив и настојувала да го избегне спроведувањето на реформите. ТМОРО/ВМОРО на Рилскиот конгрес исто така зазела став „ниту да се прифаќаат, ниту да се негираат реформите".

Под импресиите на Илинденските настани, дошло до раздвижување и во британската јавност. Така, во Лондон во 1903 година бил формиран Балканскиот комитет на чело со Ноел Бакстон. Комитетот се состоел од јавни личности, политичари, новинари и историчари и на своите митинзи и протести усвоил бројни резолуции во кои ја повикувал британската влада за активно ангажирање во решавање на кризата преку доделување на автономија на Македонија. Балканскиот комитет со својата дејност поттикнал слична активност и во останатите западноевропски држави, каде се одржувале митинзи за поддршка на македонската борба за слобода. Тој се стекнал со толку силно влијание, што дури добил информација дека од некои претставници на Високата Порта бил сметан за претставник на интересите на британската влада, нешто што морал да го демантира.

Британските грижи за македонското прашање се зголемувале заедно со опасноста од руско-јапонска војна. Повод за тоа била и можноста руската флота да биде испратена преку Протоците во Источниот Медитеран, кое биле од особено значење за британската политика. Оттука, во 1904 година повторно било покренато прашањето за автономија на Македонија.

Во распределбата на секторите, Англија го одбрала Драмскиот сектор. Стабилизацијата на ситуацијата во овој сектор, им послужил на Англичаните како показател за смирувачкиот ефект што наводно европските офицери би можеле да го имаат врз македонската криза, па така тие барале проширување на реформите и врз Одринскиот вилает.

Велика Британија била главниот иницијатор за формирање на Меѓународната финансиска комисија во 1905 година. Комисијата би била составена од делегати составени од останатите четири сили кои би им помагале на рускиот и австроунгарскиот цивилен агент. За прифаќање на формирањето на Комисијата од Портата, Силите извршиле и поморска демонстрација како средство за притисок. Со

приходите кои би се добиле со зголемување на увозните царини од 8 на 11 проценти било предвидено да се покрива дефицитот. Официјален Лондон ја презел иницијативата за Комисијата со цел да го преземе предимството на Мирцштегската Антанта и да го префрли македонското прашање во надлежност на сите Сили.

Пропаѓањето на судските реформи придонеле за тоа Англија да се јави со иницијатива за нови реформи. Така, кон крајот на 1907 година, англискиот министер за надворешни работи, сер Едвард Греј го актуелизирал прашањето за нови реформи во Македонија. Според неговата замисла, мирот во Македонија можел да се воспостави по примерот на Либан со именување на христијанин за генерален губернатор. Особено, оваа иницијатива предизвикала раздвиженост по говорот на сер Едвард Греј во Парламентот од 25 февруари и Нотата од 3 март 1908 година. Свесен за радикалноста на своите предлози, допуштил простор за други предлози. Русија објавила контрапредлог за продолжување на преговорите, а сè во функција на создавање клима за идните британско-руски разговори на највисоко ниво. До тоа дошло на 9 и 10 јуни 1908 година во Ревал (ден. Талин) во Естонија. Едвард VII и Николај II постигнале спогодба за формирање на мобилни жандармериски трупи за спречување на странските чети, и селски стражи. Биле донесени и решенија за елиминирање на дефицитот и подобрување на административната управа на трите македонски вилаети. Овие предлози биле прифатени и од останатите Сили, со што Високата Порта останала единствен противник.

Сепак Младотурската револуција го спречи спроведувањето на одлуките. Амнестијата, легализирањето на својата дејност и враќањето на Уставот и Парламентот и исчезнувањето на четите предизвикало олеснување кај Големите сили. Сето ова придонело за суспендирање на одлуките донесени на Ревалската средба. Наскоро следело повлекувањето на жандармериските офицери и цивилните агенти на Русија и Австро-Унгарија. Во септември 1909 година престанала со работа и Меѓународната финансиска комисија, со тоа што приходите од 3 % разлика од увозните царини и натаму се однесувале на македонските вилаети. Со тоа престанала меѓународната контрола и Мирцштегскиот реформски процес, па биле воведени обични конзулски служби, како пред почетокот на Мирцштегските реформи.

Единствено уште на Лондонската мировна конференција, која стави крај на Првата балканска војна, самите османлиски власти предложиле програма за реформи

кои треба да донесат автономија на Македонија, што било во правец кон интересите на македонското население. Сепак, овој предлог бил одбиен од останатите учесници на Конференцијата, бидејќи веќе сојузниците ги окупирале и поделиле македонските територии меѓу себе. Незадоволството од начинот на кој било направено тоа, бил поводот за Втората балканска војна, која заврши со мирот во Букурешт.

Велика Британија била единствената сила која во разгледуваниот период нудела радикални реформи кои воделе кон задоволување на интересите на македонското население за автономија на Македонија под османлиска власт. Сепак, овие предлози биле средство за притисок на официјален Лондон за остварување на своите интереси во други краишта на светот и биле во контекст на тогашните меѓународни односи.

## ПРЕГЛЕД НА КОНСУЛТИРАНИ ИЗВОРИ И ЛИТЕРАТУРА

### А) Извори:

### Микрофилмувани фондови и збирки во Државниот архив на Република Македонија

- Фонд: Форин Офис

### Б) Објавени документи:


- Австриски документи за реформската акција на големите европски сили во Македонија 1903- 1909, Предговор и редакција на д-р Михајло Миноски, Скопје 2002
- Балканският комитет в Лондон (1903-1946), Съставител: Иван Илчев, Превод, бележки и показалци: Димитър Григоров, София 2003
- British documents on the origins of the war 1898-1914, vol.5, (edited by G. P. Gooch and Harold Temperley) London 1928
- Британски дипломатически документи по Българския национален въпрос, Том I (1878-1893), Отговорен редактор: проф. Д-р Веселин Трайков, Съставители: Весела Трайкова, Александар Гребенаров, Румен Караганев, Румяна Прахова, София 1993
- Британски документи за историјата на Македонија. Вовед и редакција на д-р Александар Трајановски,том VI, Скопје 2002
- Британските конзули во Македонија 1797-1915, Документи, редакција д-р Драги Ѓорѓиев, (избор и превод: м-р Ѓорѓиев Д.- Божиновска З. ДАРМ), Скопје 2002
- Германски документи за политиката на Германија и европските големи сили во Македонија (1904- 1910), Избор, предговор и редакција на м-р Ѓорѓи Стојчевски, Скопје 2005
- E.T.S. Dugdale, German diplomatic documents 1871- 1914, vol. II, London 1929
- Документи за борбата на македонскиот народ за самостојност и национална држава, Скопје 1981
- Јовановски Далибор, Балканот од 1826 до 1913 година, Скопје 2011
- Македонија во меѓународните договори 1875- 1919. Избор, редакција и коментар на проф. Д-р Александар Христов и д-р Јован Донев, Скопје 1994
- Македонофилското движење во Западна Европа во 1903 година. Документи. Редакција и коментар академик Манол Пандевски, Превод Аленка Лапе, Скопје 1995
- Миноски Михајло, Македонија во билатералните и мултилатералните договори 1861- 1913, Скопје 2000
- Пандевски Манол, Програмски и статутарни документи на Внатрешната македонска револуционерна организација (1904- 1908), Скопје 1998

### В) Литература:


- Анастасовски Ник, Борбата за македонскиот идентитет 1870- 1912, Скопје 2012
- Андонов Полјански Христо, Македонското прашање, Скопје 1990
- Батовски Хенрих, Балканските држави и македонското прашање пред и по Илинденското востание, Илинден 1903, Материјали од симпозиумот по повод 65- годишнината од Илинденското востание одржан во Охрид на 27, 28 и 29 мај 1968 година, Скопје 1970
- Битоски Крсте, За Цариградската конференција, Зборник на МАНУ, Македонија во Источната криза 1875- 1881, Скопје 1978
- Битоски Крсте, Македонија во Големата источна криза (1875- 1881), Скопје 1982
- Битоски Крсте, Дипломатски одгласи за Илинденското востание, Скопје 1983
- Битоски Крсте, Грчката „македонска" борба, Скопје 2001
- Вамваковски Димитар Љоровски, Грчката мегали идеја и османлиска Македонија. Појава, дилеми и флуктуации, ГИНИ бр. 56, 1-2, Скопје 2012
- Брейлсфорд Хенри Ноел , Македония. Нейните народи и тяното бъдеще, (превод на бугарски во редакција на Димитар Бечев), София 2013
- Bridge Francis Roy, From Sadowa to Sarajevo, The foreign policy of Austro- Hungay 1866- 1914, vol. 6,London 2002
- British foreign policy under sir Edward Grey, London 1977
- Brooks Julian, Managing Macedonia:British statecraft, intervention and `proto- peacekeeping` in Ottoman Macedonia 1902- 1905, Burnaby 2014
- Gleni Misha, Balkan 1804- 1999, deo I. Nacionalizam, rat i velike sile (превод на српски Драгана Старчевич и Оливера Ничифорович- Бабац), Beograd 2001
- Gooch G. P. and Masterman J. H.B, A century of British foreign policy, London 1917
- Davison Roderic H., Essays in Ottoman and Turkish history 1774- 1923; The impact of the West, Austin Texas 1990
- Димески Димитар, Дипломатските аспекти на македонското прашање (1878- 1903), Годишен зборник на Филозофскиот факултет, кн.5-6 (31-32), Скопје 1979/80
- Доклестиќ Љубиша, Српско- македонските односи во XIX век (до 1897), Скопје 1973
- Донев Јован, Македонија во британско- руските односи 1907- 1908. Тактика или стратегија, Скопје 1994

- Ѓорѓиев Ванчо, Петар Поп Арсов, Прилог кон проучувањето на македонското националноослободително движење, Скопје 1997
- Ѓорѓиев Ванчо, Слобода или смрт, Македонското националноослободително револуционерно движење во Солунскиот вилает (1893- 1903), Скопје 2003
- Ѓорѓиев Ванчо, Подземната република, Дамјан Груев и македонското револуционерно движење (второ издание), Скопје 2011
- Ѓорѓиев Ванчо, Реформи за мир или одлагање на конфликтот, Прилози од научниот собир по повод 100 години од Балканските војни одржан на 3-4 декември 2012, Скопје 2013
- Ѓорѓиев Ванчо, Апостол Петков. Кралот на Блатото, Скопје 2013
- Ѓорѓиев Ванчо, Трајко Китанчев, Скопје 2015
- Јелавич Барбара, Историја на Балканот, том II, Скопје 1999
- Китанов Валентин, Григор Начович и преодоляването на опасността от военен конфликт между Княжевство България и Османската империя през 1903 г., Управление и образование, Том V, София 2009
- Markovich Slobodan, British perception of Serbia and the Balkans 1903- 1906, Paris 2001
- Mahajan Sneh, British foreign policy 1874- 1914. The role of India, London 2003
- Миноски Михајло, Политиката на Австро- Унгарија спрема Македонија и македонското прашање 1878- 1903, Скопје 1982
- Миноски Михајло, Меѓународната констелација пред и за време на Илинденското востание, Зборник 100 години Илинден 1903- 2003, Прилози од научниот собир одржан на 6-8 мај 2003, т. 1, МАНУ, Скопје 2005
- Митрова Македонка, Србија и Младотурската револуција. Аспектите на трансформацијата на српската пропаганда во османлиска Македонија, ГИНИ бр.56, 1-2, Скопје 2012
- Митрова Македонка, Кралството Србија и османлиска Македонија (1903- 1913). Политика на интервенција, Скопје 2012
- Пандевски Манол, Македонија во меѓународните спогодби и договори во времето на Источната криза, Зборник на МАНУ, Македонија во Источната криза 1875- 1881, Скопје 1978
- Пандевски Манол, Внатрешната македонска револуционерна организација и неоврховизмот (1904- 1908), Скопје 1983

- Пандевски Манол, Македонија на Балканот XIV- XX век, Историски координати, Скопје 1990
- Papaioannou Stefan Sotiris, Balkan wars between the lines: violence and civilians in Macedonia 1912- 1918, Maryland 2012
- Perkins James Andrew, British liberalism and the Balkans c. 1875- 1925, London 2014
- Поплазаров, Великогрчката политика на кралството Грција спрема Македонија во втората половина на XIX век, ГИНИ XIV/ 1, Скопје 1970
- Поплазаров Ристо, Грчката политика спрема Македонија во втората половина на XIX и почетокот на XX век, Скопје 1973
- Поповски Владо, Односот на внатрешниот и надворешниот фактор спрема создавањето на македонската држава во 1903- 1913 година, Зборник 100 години Илинден 1903- 2003, Прилози од научниот собир одржан на 6-8 мај 2003, т.1, МАНУ, Скопје 2005
- Поповски Владо, Руската и советската надворешна политика и македонското прашање од крајот на XVIII век до четвртата деценија на XX век, Скопје 2013
- Растовић Александар, Велика Британија и Србија 1903- 1914, Београд 2005
- Растовић Александар, Балкански комитет о Македонији, Историјски часопис, књ. LIII, Београд 2006
- Растовић Александар, Реформски пакет Едварда Греја за Македонију 1908 године, Историјски часопис, књ. LVIII, Београд 2009
- Растовић Александар, Македонско питање у британском Парламенту 1903- 1908, Историјски часопис, књ. LIX, Београд 2010
- Seton- Watson R.S., Britain in Europe 1789- 1914. A survey of foreign policy, Cambridge 1945
- Сидовски Кочо, Италија и Македонија од крајот на XIX век до 1909 година, Скопје 1994
- Stavrijanos Leften, Balkan posle 1453, Beograd 2005
- Стојанов Петар, Македонија во времето на Балканските и Првата светска војна (1912- 1918), Скопје 1969
- Стојанов Петар, Македонија во политиката на Големите сили во времето на Балканските војни, Скопје 1979
- Стојчевски Ѓорѓи, Подготовките на февруарските реформи во 1903 година според документите од Виенските архиви. Сто години од основањето на ВМРО

и 90 години од Илинденското востание. Прилози од научен собир одржан на 21- 23 октомври 1993 г., Скопје 1994
- The Great Powers and the end of the Ottoman Empire, London 1984
- Стателова Елена, Попов Радослав и Танкова Василка, История на българската дипломация 1878- 1913, София 1994
- Тодоровски Глигор, Внатрешната организација и Мирцштегската реформна програма, Прилози за Илинден, Илинденското восание во Македонија, Научен собир посветен на 80- годишнината од востанието (1903- 1983), одржан на 30 јуни и 1 и 2 јули 1983 година во Битола и Крушево, Битола- Крушево 1983
- Тодоровски Глигор, Македонското прашање и реформите во Македонија, Скопје 1989
- Трайков Веселин, Александров Емил, Тошкова Витка, Спасов Людмил, История на българите. Българската дипломация от древността до наши дни, том IV, София 2004
- Успенски Фјодор И. Источно питање, (превод на српски: Марија и Бранислав Марковић), Београд 2003
- Churchill R.P., The Anglo- Russian Convention of 1907, Ceder Parid 1938
- Wilson Keith M. The policy of the Entente. Essays on the determinants of British foreign policy 1904- 1914, New York 2009

# С О Д Р Ж И Н А

**ВОВЕД** -----------------------------------------------------------------------------------2

**ГЛАВА I**-----------------------------------------------------------------------------------4

**Европскиот систем на држави**-----------------------------------------------------4

**Источното прашање**-------------------------------------------------------------12

**ГЛАВА II** ---------------------------------------------------------------------------25

**Преговори за поделба на османлиското наследство** --------------------25

**Македонија- земја на раздорот**------------------------------------------------34

**ГЛАВА III** --------------------------------------------------------------------------38

**Македонското револуционерно движење наспроти статус кво политиката** -----------------------------------------------------------------------38

**Реформите како „решение“ за македонското прашање**----------------43

**Илинденското востание и Мирцштегските реформи**-------------------48

**ГЛАВА IV**----------------------------------------------------------------------------55

**Балканскиот комитет и македонското прашање** --------------------------55

**Британските предлози во текот на Мирцштегскиот реформски процес** ---------------------------------------------------------------------------63

**Ревалската средба и Младотурската револуција**-------------------------73

**Последни обиди за решение**--------------------------------------------------86

**ЗАКЛУЧОК**-----------------------------------------------------------------------89

**ПРЕГЛЕД НА КОРИСТЕНИ ИЗВОРИ И ЛИТЕРАТУРА** -------------------95

**СОДРЖИНА**---------------------------------------------------------------------100